**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 декември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 65-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Андреј Жерновски, Есад Рахиќ, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велију, Теута Арифи, Азис Положани, Борис Кондарко, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Агрон Буџаку, Александар Спасеноски, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Билјана Секуловска ме известија дека се спречени да пристуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по **точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани присутни, почитуван господин министер,

Со сета почит што ја имам кон вас како министер за труд и социјална политика, не можам, а да не го оспорам овој Предлог закон за ПИОМ, што го правите за ваши цели, како што е на пример, солидарниот фонд за пензионери кој е одвоен од пензионерите организирани во нивното здружение врз доброволна основа, со нивна цел и желба да се помогнат меѓусебе. Вие, овој солидарен фонд да го присвоите и да го ставите под ваши ингеренции за да бидете господар на туѓи средства во едно време кога целиот ангажман и ориентирање на нашата земја за нашата интеграција во Европската унија и НАТО интеграциите, кога се работи за усогласување на нашето законодавство со европското, во духот на целосна децентрализација. Оваа Влада никако не може ниту се ангажира да се воведат овие закони во колосекот за нашата интеграција во Европската унија и НАТО, туку упорно ги употребува сите посредни интриги за централно доминирање.

И во овој солидарен фонд имаме пензионери кои настојуваат оваа Влада да раководи со овој фонд. Знам дека за Владата овие финансиски средства се доста големи за остварување на своите проекти. Но, ова приватно право на пензионерите им се гарантира со Устав и никој не смее да ја земе оваа нивна сопственост, но пензионерите треба сами да управуваат со нивните средства кои доброволно даваат за да имаат еден подостоинствен погреб. Затоа мислам дека никој нема право, ниту Владата, да им го оспори ова право гарантирано со Устав, на пензионерите, туку за нивниот приватен имот треба сами да одлучуваат. Доколку државата или Владата е загрижена и сака да помогне, има можности тоа да го направи со семејствата на овие пензионери и тоа во согласно со уставот и желбата на пензионерите.

Тоа што малку претходно го кажав го засновав и на тоа дека податоците со кои располагам е дека во управниот одбор на Фондот за ПИОМ нема ниту еден член од Здружението на пензионери. Освен тоа Владата излегува со информации дека наводно сите пензионери се согласуваат Владата да раководи со нивните средства, собрни на доброволна основа, раководени од самите нивни координатори, додека пречка било само раководството на Здружението на пензионери.

Околу овие доброволно собрани средства раководени од хуманите чувства на пензионерите дека само некои нивни локални раководители, наводно се противат на овој предлог закон на Владата, додека другите членови, како што реков, наводно се согласувале со превземањето на ингеренциите од страна на Министерството и Владата.

Мојата забелешка е во правец на прагматичната употреба на овој закон кој за некого е мајка за некого е макеа. Бидејќи не е прагматичен за сите вреботени, без оглед на нивната дејност, иако сите се еднакви пред законот и не можат да го уживаат правото на пензионирање, станува збор за земјоделците кои не се во континуитет со задолжителните исплати, не можат да се пензионираат.

Друга забелешка во однос на тоа дека во дефинирањето на инвалидноста има пристрасност кон губењето на способноста на живот, нарушување кое не може да се излечи за една година, или 50% од неговата здравствена состојба ако се уредува, тогаш тој го нема правото да ужива пензија. Овде се прашувам кој е критериумот за да се утврдат 50% на неговата инвалидност.

Крајно време е вие како одговорен на овој ресор со кој раководите, да имате еден подобар пристап и да се ослободите од овие популистички пристапи на кои им претходи господинот Георгиевски.

Со популистички пристап дека ќе има 7% пораст на пензиите за една година и 20% за три години, се ова е невистина, неосновано. Значи, треба да се има предвид дека овој пораст, максимум кој може да се случи е само 3 или 4% пораст на пензиите. Значи, добро е да бидете што попрагматичен, не заборавајќи го фактот дека овој закон се однесува за луѓе од една специфична категорија, пензионерите. Со самиот

факт што мнозинсвото корисници на овој пензиски и инвалидски фонд, се повозрасни лица и не заслужуваат во нивно име да се прави дневно политичка и популистичка политика, туку треба да надвладее еден поодговорен пристап, како што реков претходно, значи да донесеме еден прагматичен закон кој ќе биде во интерес на оваа категорија граѓани кои со години го вложувале својот труд во оваа држава. Во ниту еден момент не треба да се заборави фактот, легислативата на Република Македонија да биде компатибилна со таа на Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Почитуван министер, почитувани колеги,

Дозволете да кажам неколку свои видувања во врска со Предлогот на закон за кој денес разговараме.

Со оглед дека имаше доста расправа, јас нема да го повторувам досега тоа што е кажано, особено нема да го елаборирам затоа што мислам дека моите колеги доволно тоа го елаборираа. Меѓутоа, ќе дозволите за пет членови од Законот само по една реченица, да го кажам и сопственото мислење.

Мислам дека членот 4 од Законот, почитуван министре, е рестриктивен. Тоа беше тука соопштено во врска со - најмногу до наврширање на 15 години стаж кои се додаваат, во однос на досегашното решение, рестриктивно. Тоа не е во корист на тие на кои се однесува.

Членот 7 во кој нудите нова формула за раст на пензиите, мислам дека е тенденција која за Македонија на среден и на долг рок може да носи неизвесности и опасности. За тоа на крајот ќе зборуваме повеќе.

Членот 28 за кој зборуваа сите, само ќе го споделам нивното мислење. Мислам дека не е фер од страна на Владата, средствата за солидарност и за посмртнина кој како Здружение си ги собираат, согласно нивните правила, да ги однесе Владата во трезорот и да управува со нив врз основа на овој Закон. Меѓутоа, тука нема да се задржам. Едноставно сите кажани мислења особено од СДСМ се и моите мислења.

Исто така сакам да кажам, без да се задржувам подолго на тоа, дека членовите 55 и 56 од Законот, ги сметам за рестриктивни и се надевам дека во текот на расправата амандманите ќе придонесат да бидат сменети. Тоа го помина брзо затоа што вие тоа го слушнавте и неколку пати кажавте дека голем број пратеници истото го кажуваат и јас нема да го кажувам. Тоа е тоа што го мислам.

Меѓутоа, ќе ми дозволите, би замолил во една смирена атмосфера без емоции, без пропаганда да поразговараме за членот 7 и за амандман на член 58, што Владата дополнително го достави, кој сега очигледно стана составен дел на Законот во оваа фаза на расправата. Тоа се однесува за трошоците на фондот за ПИОМ, за пензии.

Би сакал прво да соопштам тоа што е познато, како влез во дискусијата, дека во овој момент пензискиот фонд се соочува со два многу сериозни дефицити во своето работење кои Владата на Република Македонија во однос на Република Македонија со децении station наназад, а од пред две, три години како се водеве и вториот столб на пензиско осигурување, согласно Законот, ги покрива.

Едниот е традиционалниот дефицит кој поризлегува од помалку уплати за пензискиот фонд, отколку правата што ги остваруваат пензионерите денес и тој дефицит државата Република Македонија, преку Буџетот на Република Македонија, секоја година го надоместува во висина од поголем износ на милијарди денари, осум, девет, итн, на пензискиот фонд. Се разбира тоа го прави слаб пензискиот фонд, односно на долг рок не издржлив,а буџетската потрошувачка на Република Македонија ја насочуваат во насока која наместо да се занимава со потребите на државата, во основа се занимава со огромен дел од своите средства, со трансфер, за да се добијат пензиите кои не се генерираат од даноци туку кои се генерираат преку придонеси кои ги плаќаат вработените.

Вториот дефицит произлезе од инволвирањето на вториот пензиски столб. Вие господин министер знаете и ние знаеме дека тој дефицит станува структурен, ќе биде долгоречен, ќе треа со децении и до одреден степен во идните една до две децении ќе расте за после да почне да се смалува, како придонес на даноците на Република Македонија во пензиите. Со овие два вида на дефицити, Фондот за ПИОМ во моментот, зборувам за 2007 година, има дефицит од 34,9%, кој го надоместува Буџетот од вкупниот свој потрошувачки фонд.

Меѓутоа, дозволете да кажам уште една бројка, а тоа е дека од придонесите за пензиско осигурување кои се во висина од 21,6 милијарди и висината на трансферите од Буџетот кои се во висина од 19,6 милијарди, ние практично во овој момент имаме ситуација во која даночните додатоци на пензискиот фонд во 2007 година изнесуваат фантастични 53,7%, според моите пресметки, што мислам дека можам да ги потпишам и пред вас. 53,7% од потрошувачката на фондот од придонеси, се надоместува од даноци, значи на 21,6 милијарди собрани придонеси ние додаваме 11,6 или 53,7% од таа потрошувачка.

Ќе се согласите дека тоа е една многу климава ситуација со Фондот, во која ако настане проблеми на фискалната страна во Буџетот на Република Македонија, или ќе трпи пензискиот фонд, или фискалната политика, како што морала да биде во некои години во минатото, ќе доживее страшна контракција, со оглед дека пензиите, никој нема храброст да ги враќа назад,

откако еднаш ќе се установат, јасно е дека на фискалната страна е сериозниот знак за контракција во среден и долг рок.

Во овој закон, вие предвидувате уште два нови дефицити. Покрај постојните два за кои зборувам, вие во членот 7 од Законот дополнувате уште еден нов дефицит на Фондот, со проста промена на формулата за пресметка на пензиите на пензионерите на Република Македонија, каде што ги влечете повеќе во насока на порастот на платите, а помалку во насока на порастот на трошоците, од една едноставна причина, затоа, јас ќе го почекам претседателот да заврши на мобилниот, па ќе продолжам.

**Љубиша Георгиевски:** Заврши.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Од една едноставна причина, што Владата согласно со економските движења во последниве неколку години јава на бранот, на фактот дека имаме ниска инфлација, односно трошоци на живот, инфлација прецизно мерена преку растот на трошоците на живот и повисок номинален раст на платите и наместо овој процент сега кој е во Законот да го менува во корист на растот на платите.

Првото прашање што ми се поставува е следново: дека Владата јава на актуелните движења во економијата и дека тоа може на среден рок да придонесе за поинакви движења во пензискиот фонд и кај пензионерите ако нешто се смени. Меѓутоа, она што исто така ме загрижува е што Владата е спремна постојано врз основа на економските индикатори од Заводот за статистика да го менува и законот. Сега инфлацијата е пониска, ќе одиме кон платите. Утре ако инфлацијата се покачи, а платите заради тоа почнат да трпат, оваа така наречена лоша формула за пензионерите, не знам што ќе прави, освен да ја враќаме назад. Мислам дека се доведуваме во позиција пензискиот систем постојано да зависи од нивото на системско прилагодување на Владата, отколку од уплатите што ги прават пензионерите за време на својот 35, 40 или повеќе работен век.

Второто во што сум убеден господин министе е дека пензиите не треба да зависат од движењата на тековните плати, затоа што движењата на тековните плати се единствениот услов за пензионирање на тие што сега ги земаат. Ако вие и јас сега имаме покачени плати, единственото што ќе се случи во нашиот живот работен и пензиски, ќе биде што врз основа на тоа ќе имаме повисоки пензиски приходи затоа што сме уплаќале повеќе придонеси. Меѓутоа, кај пензионерите, прилагодувањето не треба да биде врз основа на генерациите кои работат. Тие можат да ја зголемуваат продуктивноста и друго, што не рефлектира на нивните придонеси кои ги плаќале во изминатите 4 децении. Нивните придонеси ние мораме да ги заштитиме само по системот на усогласување со Ситиај, затоа што тоа го диктира нивното темпо на живот и квалитет на живот, зависно од инфлационата спирала, која Народната банка, во соработка со Парламентот и Владата ја има или ја нема.

Јас сум приврзаник нивните приходи да зависат од општото движење на цените и на трошоците на живот, а не од платите на тековните генерации. Затоа што ако зависат од платите на тековните генерации, ние едновремено се обврзуваме од нашите плати кои денес работиме да не зависат само нашите пензии во иднина, туку да зависат и сегашните пензии на изминатите работни генерации. Што значи, креираме сериозен дополнителен дефицит. Јас тоа ќе ви го аргументирам со бројките.

Вториот дефицит кој го додавате, ако е четврт во низата на дефицит на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е новиот амандман кој го додадовте дека Владата, цитирам, може да утврди повисок процент на усогласување од 1 јануари 2008 година до 31 декември 2009 година, значи во рок од две календарски години.

Само да потсетам, дека овој амандман вас ви стана нужен, откако премиерот со сите вас излезе на прес конференција и соопшти дека до 1 јануари 2010 година, ќе ги усогласите пензиите за 20%. Кога сега движењата не ви одат во корист ниту по основ на ново востановената формула, вие немате друг избор, освен да одите чекор понатаму и да го креирате четвртиот дефицит во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кој ќе стане структурен. Зашто секако не се надевате дека ќе дојде после вас некоја влада и ќе ги намалува пензиите назад. Или кога ќе почне да игра со инфлационите спирали на усогласување, кое ќе биде и на штета на пензионерите, меѓутоа на штета и на сите други граѓани на Република Македонија и на штета на македонската економија и на тој начин да ја вратите назад спиралата, која погрешно ја започнавте.

Дозволете да укажам зошто мислам дека оди по погрешна насока со креирање од два во овој закон сега на четири дефиците системски утврдни со закон на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Почитуван министер и почитувани платеници пензискиот фонд за 2007 година е 33,2 милијарди. Пензискиот фонд во 2008 година, според Буџетот кој ни е доставен овие денови, а кој ќе го гледаме за една недела е 35,8 милијарди. Зголемување од 2,6 милијарди денари за пензискиот фонд идната година. Како одат зголемувањата почитуван министер? Приходите од придонесите растат за 7,4%. Сржта, р'бетниот столб на пензискиот фонд од 21,6 на 23,2; 7,4%. Меѓутоа, трансферите од Буџетот, а тоа е патерицата на пензискиот фонд, растат од 11,6 на 12,6; или за 8,6%. Значи тие растат за 1,2 процентни поени, побрзо, отколку придонесите, или растат за 1/7, што е 15% побрзо од придонесите кои ги плаќаме денес.

Почитуван министер, трендот со 15% побрз раст на буџетските трансфери го прави Фондот

можеби не во 2008, можеби не во 2009, ама во 2010 година и 2011 година да му ја префрлиме патерицата од едната рака уште со една патерица и на другата рака. И пензискиот фонд на долг рок да стане рак рана на македонските јавни финансии и на фискалниот систем. Еве ви за тоа уште еден доказ. Учеството на буџетските трансфери во придонесите собрани за пензискиот фонд, во оваа 2007 година се 53,7%. Секој министер за труд и социјала, на крајот на краиштата секоја влада и секој парламент, ако 53,7% од придонесите кои се собираат изнесува износот на даночникте трансфери за да го заштити Фондот од колапс, секоја влада ќе води политика ова 53,7% по мое видување да се намали на 53%, па 52,5% итн, да го намали под 50 на долг рок, бидејќи вие знаете дека математиките за пензиските фондови во цел свет се изведуваат на 50 години, таа математика ја има и нашата Влада, се надевам дека сте ја адаптирале од 2005, 2006 кога ја направивме идните 50 години како ќе се движат, меѓутоа, секој би сакал да го види пензискиот фонд на долг рок поспособен да се држи самиот себе си врз база на придонесите, отколку врз база на даноците.

Меѓутоа, во идната 2008 година вашите трансфери од Буџетот, визави придонесите од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кои ги плаќаат вработените од 53,7% се зголемуваат на 54,3%. Ако оваа динамика господин министер продолжи, а со оглед на амандманите кои сте ги доставиле од Владата дека имате намера тоа да го правите во 2008, јули 2008, јануари 2009, јули 2009 итн. Со 99 процентна сигурност, можам да потврдам дека процентот од 53,7 на 54,3% во текот на 2009 и 2010 година ќе ги надминеш 57 или 58% од примањата на Фондот како придонеси кои ќе се компензираат со даночни примања.

Како резултат на тоа, вкупниот трошок на Фондот се зголемува исто така од Буџетот од 34,9 на 35,2%, така како што е зацртано во Буџетот за 2008 и она што е досега остварено, тоа нема да се промени, пензиите се веќе исплатени и уште една или две остануваат, тоа е јасно. Ќе се зголеми за половина процентен поен, што е многу повеќе од 0,5%.

Господин министер, она што сакам да го кажам и затоа ги кажував сите овие математики дека вашата нова законска измена, прво, од постојните два утврдува уште дополнителни два системски дефицити на Фондот. Второ, го зголемува учеството на буџетските трансфери сами за себе за 15% побрзо темпо, отколку придонесите што ги плаќаат вработените сега за пензискиот фонд, што вие знаете дека е така наречен тековен систем-тејзи вол систем.

Трето, вкупното учество на даночните трансфери се зголемува за половина процентен поен и вкупното учество на трансферите од Буџетот од трансферите по основ на придонеси се зголемува за 2,1 процентен поен. Значи, нема математика во која Фондот го ставаме на здрави нозе. А сите математики укажуваат дека Фондот и понатаму продолжуваме да го потпираме на даночните примања.

Вториот заклучок, освен тоа што имаме шанса на среден и на долг рок да го осакатиме пензискиот фонд и долгорочно да ги загрозиме пензионерските примања на сегашните пензионери и идните пензионери, ние практично господин министер, или вие со предлогот што ни го дадовте како Влада, ни предлагате во Буџетот на Република Македонија структурата која сите ја критикуваме, а најмногу вие кога бевте опозиција, можеби не вие, меѓутоа владеачката партија која ова го наметна, дека во средствата на Буџетот на Република Македонија структурно се шират процентите за плати и за пензии и на долг рок секоја година по еден процентен поен како што овој закон тргнал ќе достигне да и оние 80% за трансфер и плати кои сега имајќи го зголемувањето на платите кои исто така трча над инфлационите движења во Република Македонија може да се случи да добиеме и ќе добиеме уште понеповолна структура на Буџетот. Тоа ќе ја загрози економската позиција на Република Македонија, тоа ќе ја загрози монетарната позиција на Република Македонија, тоа ќе ја загрози како што ви ја загрозува во последниве три месеци тековната сметка на државата. Само да потсетам дека постојано се фалевте во изминативе 3-4 месеци дека извозот расте во споредба со увозот на Република Македонија за повеќе од дупло, односно 50% ни расте извозот, 20% увозот, тоа беше точно само до април месец заради некои движења на металите. За првите десет месеци господин министер и господа пратеници се изедначи увозот со извозот во Република Македонија на 37 и 38%. Тоа е исто. Ние значи во 2007 растот на извозот ни е 38%, растот на увозот ни е 37%. Тие се изедначија. Вие сигурно знаете пратениците можеби недоволно и не е ни потребно какви позиции тоа може да предизвика на фискалната страна и на монетарната страна со оглед дека дефицитот ни е милијарда и пол во долари во финалната потрошувачка на Владата дополнително на тоа загрозување со вакви пензиски дефицити.

Од тие причини господин министер мислам дека Владата не вие, затоа што сте вие претставник на Владата вашето мислење лично не го знам, а би сакал да го знам личното мислење, меѓутоа мислам дека нема да го кажате било какво затоа што официјално ја претставувате Владата, избрза советувања кои се нереални, и дека сега создава долгорочен проблем на пензискиот фонд. Сите држави се борат пензиските фондови да имаат што повеќе изворни приходи, што помалку трансфери од Буџетот и заради Фондот и заради Буџетот нашата држава за жал оди во обратен смер. И, она што сакам да го кажам а што нема бегање од тоа, тоа нема да се случи до 2008, 2009 и 2010 година. Меѓутоа еден ден 2015, 2020 некој ќе си ја чука главата со ваквите мерки на економската политика во однос на фискалната

и пензиската потрошувачка во Република Македонија. А држава која немисли среднорочно и долгорочно за себе туку мисли за краткорочниот имиџ и интерес на Владата на Република Македонија во кадровскиот состав кој постои нема ниту добра перспектива. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Славица Грковска, повелете.

Министре, еве сега ве видов, се извинувам.

Повелете господине министре.

Се извинувам министре, збор или реплика. (реплика)

**Љупче Мешков:** Значи состојбата со пензиите во Република Македонија сигурен сум дека на пратеникот Поповски му е повеќе од позната со висината на пензиите, значи да не кажувам сега податоци колку од тие пензии не обезбедуваат ниту минимална материјална и социјална сигурност, а старото односно сегашното постојно решение за усогласување на пензиите уште повеќе придонесе во таа насока оти вие знаете дека тие се усогласуваат со коефициент 60 збир, односно 20% пораст на плати и 40% од трошоците, значи не даваше ни збор од 100%.

Значи, ние секако, и јас и Владата и сите би сакале на Буџетот да му дадеме и да има тој повеќе развојна компонента, отколку социјална, меѓутоа, за жал, состојбите се такви какви што се и кога предлагаме едни вакви решенија, секако дека сме сметале дека во развојните документи што ги има Владата и државата во наредниот период, кои што ги зацртавме некои макроекономски, некои микроекономски цели што треба да ги оствариме, треба да одат во насока на подобрување на состојбата и се разбира, на зголемување на приходите во Буџетот и во Фондот се разбира, а намалување на расходите. Значи, такви анализи се правени. Инаку, за издржливоста на Фондот до каде може да оди тоа, значи проблемот со пензиите и со пензискиот систем, со недостаток на средства е присутен и во многу држави и затоа и тие одат со условите на некои рестрикции, затоа и ние ќе направиме некои рестрикции. Повторно се реагира дека е тоа во насока на штета на пензионерите дека не им оди во прилог, сега кога даваме решение кое е поповолно за нив, а треба колку толку да придонесе за нешто повисоко ниво на пензии. Повторно се критикува. Значи, треба да се оди и во насока на заострување на условите каде што треба, расходите да се намалат, но, ако ја имаме таа состојба, а ја имаме во пензиите, а ги имаме предвид целите што треба да ги зацртаме во наредниот период и состојбата на пензионерите, тогаш, се разбира, предлагаме едно решение кое што во овој дел 50:50 е нормално поповолно отколку што е сегашното решение.

Инаку ова што го кажа пратеникот околу анализите и бројките, тоа е состојбата, односно сегашнава состојба што ја имаме, меѓутоа, ние се разбира сметаме во наредноt период да имаме позитивни резултати и во делот на вработувањето, кога сега е крајно неповолен односот на вработени и невработени и во поглед на економската состојба, економскиот раст и во зависност од тоа објективно гледано сметаме и на тие бројки што треба како подобрување да ги постигнеме во наредниот период. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Никола Поповски, конра реплика од една минута, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам. Токму затоа господин министер јас ги пресметав и бројките за 2008. Затоа што тоа вие го кажувате и премиерот дека вработувањата, а невработеноста ќе придонесе да се сменат околностите не се менуваат. Бројките за 2008 година покажуваат дека сегашниот релативен дефицит на Фондот се шири на сметка на Буџетот, со пресметките кои се доставени за 2008. Тој се зголеми историски над 35% да му се трансферите од Буџетот. И прав пат се доближуваме до бројката од 55р% на приходите од придонеси, да се приходите од даноците во Република Македонија. Даноците не се за тоа. Иако и другите држави имаат и ние имаме ист проблем. Меѓутоа, проблемот е трендот да се носи во поинаква насока. Јас се согласувам дека на пензионерите треба денес да им се помогне. Меѓутоа, ако денешната помош значи по десет години да ги вратиме уште поназад, што ни се случувало историски, не сум за тоа. Сакам да ги видам и идните десет години одржливи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Славица Грковска, повелете со вашиот збор.

**Славица Грковска:** Господине претседателе, колешки и колеги пратеници, Имаме на разгледување закон кој што е интересен по три основи според мене.

Првата е злоупотребата на знакчето на Европската унија, која што за жал не се случува прв пат во овој собраниски дом.

Втората е идеолошката, и третата е една чудна политика која што Владата ја практицира во оваа година и пол откако е најодговорна за состојбите во државата, а тоа е потребата да контролира се во Република Македонија, па дури и тоа што најмногу не е во нејзина надлежност.

Заради тоа нашите искажувања почитуван министре не се заради сентименталност кон стариот систем. Јас се надевам дека ќе ме сослушате внимателно, дека мозаикот не е поинтересен од нашите излагања, заради тоа што разговараме за прилично сериозна тема, туку заради тоа што овие три причини кои што ги наведов даваат сосема поинаква слика на законот кој што денеска е предложен и секоја од нив ќе се обидам да ја елаборирам.

Не е прв пат во Собранието на Република Македонија да добиеме закон кој што го има знакчето на Европската унија и за кој што би требало да имаме горе, доле некаков консензус, а во рамките на таков закон да добиеме предлози на решенија кои што немаат ниаква врска со

Европската унија и со европското законодавство. И заради тоа се нашите реакции, заради тоа е некогаш сликата во јавноста која што упорно парламентарното мнозинство ја промовира дека опозицијата ги одолговлекува законите со знакчето на Европската унија. Напротив, опозицијата се спротивставува на подметнати решенија во закони со знакчето на Европската унија кои што немаат никаква врска со европското законодавство, а единствено имаат врска со политиката на Владата која што во тој момент се одразува преку различни решенија. Дали станува збор за продолжување на работно време, дали станува збор за Законот за трговски друштва, дали станува збор за Законот за јавни набавки кога треба да се зголеми сумата за 60% сумата на набавки кои што можат да се набавуваат без тендер, дали станува збор за Законот за радиодифузија каде што треба да се контролира Регулаторната комисија која што според сите правила на европското законодавство треба да биде независна и т.н.

Втората е идеолошката. Ниту една од овие три, морам да кажам не се наредени по градација, туку сите се на првото место. Мене ме изненадува што овој закон не е интересен за пратеничката група на НСДП заради тоа што ова е класичен антисоцијалдемократски закон,ова е типичен закон, типични решенија на конзервативната опција за која што за мене би било интересно да знам како новите социјалдемократи го прифатиле додека траела дебатата во Владата и како би го прифатиле сега. Би сакала господинот Тито Петковски да дојде и да каже каква е позицијата на НСДП по овој закон. Заради тоа што во една прилика рекоа дека 90% од нивната програма се совпаѓа со програмата на ВМРО-ДПМНЕ и дека не би требало да бидеме изненадени зошто се во коалиција . Ако е тоа така, дали овој закон, во оние 10% во кои што програмите на НСДП и ВМРО-ДПМНЕ не се совпаѓаат. Заради тоа што овој закон е рестриктивен, оди на штета на граѓаните, оди во корист на власта и на работодавците, а најмалку оди во прилог на пензионерите и на трудовите инвалиди.

И последната, она што се случува во последниот период, значи во последната еднаипол година од владеење на ВМРО-ДПМНЕ е интересната тенденција да се стави контрола над сите по дефиниција независни институции од страна на Владата. И тоа се случува и во овој закон.

Во образложението на овој закон се вели дека една од главните причини за поднесување на овој закон е редефинирање на инвалидноста, редефинирање на правото по основа на професионална неспособност за работа и се вели дека тоа се главните причини заради кои што се донесува законот. Меѓутоа, ако го прочитате внимателно законот, ќе видите дека не станува збор само за редефинирање на инвалидност, туку напротив, се работи за скратување на правата кои што досега ги имаа трудовите инвалиди, се работи за ставање на рака врз средствата од солидарниот фонд кои што ги двојат пензионерите доброволно во своите здруженија, се работи за ускратување на можноста трудовите инвалиди да се вратат, или да им се обезбеди работно место во организацијата, во фирмата каде што се здобиле со повреди, а од друга страна се работи за зголемвуање на дискреционите права на министрите, нешто за кое што оваа Влада се залага 15 месеци, се разбира само декларативно.

Да одиме од почеток. Во членот 3 се вели дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ќе ги пренесува придонесите на здравственото осигурување и придонесот за вработување на сметките за Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување на Република Македонија согласно склучени договори. И се вели дека овој член ќе важи од 1 април 2008 година. Меѓутоа, ние до сега не добивме убедување како ова ќе се одрази на функционирањето на Фондот, дали Фондот има капацитет за ваквата негова улога дури и после препораките на ММФ. Дали има некаков план до 1 април Фондот да се подготви за новата улога што ќе ја добие. Дали тоа ќе подразбира нови вработувања во Фондот,на кој начин ќе се врши реализацијата на оваа одредба од законот. Нема да се задржам на членот 7, заради тоа што тоа беше елаборирано од претходниот пратеник, од колегата Поповски.

Главната тенденција е, ќе кажам скратување на бенефициите, или на предностите, ако може така да се наречат на трудовите инвалиди.

Во членот 49 од стариот Закон се вели: осигуреникот со преостаната работна способност кај кого е утврдено дека не е способен да ја врши својата работа со полно, ниту со помалку од полното работно време, а е способен да врши друга соодветна работа со полно работно време, има право на распоредување на друго соодветно работно место. Распоредувањето од став 1 на овој член во согласност со осигуреникот може да се врши и на работно место за кое се бара стручна подготовка пониска од онаа што ја има осигуреникот.

Почитувани пратеници, оваа одредба во овој закон сега се брише. Јас се прашувам почитуван министре, дали кога така лесно се одлучивте да го избришете овој член од постоечкиот Закон, дали барем за еден момент не се обидовте да се ставите во ситуација на лице кое што наеднаш ја изгубило својата работна способност. Дали се обидовте барем за еден момент да претпоставите дека денеска одите на работа во некоја фирма, дека сте здрав работник и дека во наредниот дел од секундата после несреќа на работно место веќе не сте здрав работник, туку ви е намалена работната способност? И дали би сакале вие лично откако ќе ви се случи таква несреќа да ви се плати само 12 месеци рехабилитација и подоцна да не знаете што ќе правите со себе, да нема работодавецот обврска да ве врати на соодветно работно место соодветно на вашата работна способност и да

речеме на 55 годишна возраст да останете дома, не по ваша вина. Дали тогаш нема да го обвинувате работодавецот кој можеби и не ги создал сите услови за заштита и тоа е една од причините за несреќата, дали тогаш нема да ја обвинувате државата дека не застанала на вашата страна и не ви обезбедила не по ваша вина да се вратите на соодветно работно место, дали се обидовте да се ставите во таква ситуација и да претпоставите како ќе се чувствувате тогаш? Дали ако во еден момент се обидовте да се ставите во ситуација на тие луѓе ќе ви беше лесно само да напишете дека овој член од законот се брише? Дали тогаш ќе ви беше лесно да одлучите дека на луѓе на кои што им се случила таква незгода имаат право на месечен надомест само за рехабилитација во рок од 12 месец, а потоа да не знаат што да прават со себе? Дали можеби сте се запрашале дека тој човек е единствениот вработен во таа фамилија и дека ќе оставите цела фамилија без егзистенција? Јас сум убедена дека ако барем еден момент размислевте на тој начин, дека немаше да предложите такво решение. Најголеми реакции по овој закон предизвика членот 130 кој што се однесува на солидарниот фонд. Интересно е тоа што Владата на различни начини се обидува да обезбеди средства од различни страни. Интересно е тоа што не се релевантни ниту сите укажувања на здруженијата, ниту Одлуката на Уставниот суд кој веќе еднаш дискутирал за ова прашање. Единствено релевантно е тоа што Владата зацртала дека има интерес од средствата во солидарниот фонд и дека е добро да управува со нив, без разлика што се тоа лични средства на здруженијата и се во сопственост на здруженијата. Јас се прашувам, дали дојдовме до степен да ни се неопходни точно овие средства? Дали дојдовме до тоа дереџе? Дали и покрај тоа што слушаме кампањи за тоа колкав ни е голем економскиот раст, колку е подобрена инвестиционата клима во државата и т.н. од една страна, а од друга страна го зголемуваме бројот на народни кујни што некако не оди едно со друго, ако е толку добар економскиот раст, тогаш нема да имаме потреба од отворање на народни кујни. За сега да дојдеме во ситуација за да го исполниме законот за ваучери да ги одземаме средствата кои што се доделени на факултетите за научно истражувачка работа за да можат да се платат ваучерите за комјутери, да одземеме од солидарниот фонд на пензинерите за да можеме да ги алоцираме средствата и да манипулираме со нив по потреба на друго место во зависност од тоа кој тендер е распишан, за која кампања и во моментот на кого и за што му е потребно. Вистинската причина зошто овој закон е предложен се гледа во членот 130-б кој до сега не постоеше, а кој што ќе го прочитам. "Издвојувањето на посмртната помош се врши од пензијата на корисникот на пензија месечно при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување. Износот на издвоените средства и висината на посмртната помош Фондот ги определува во единствен износ за сите корисници на пензија во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензијата. Износот Фондот го објавува на почетокот на секоја година".

Внимавајте, слободните, односно неискористени средства се вложуваат во купување на државни хартии од вредност. Прво, како може Фондот да го определува износот на средства кои што не се негови, туку на здруженијата? Ако велите дека тоа ќе го прави во зависност од акумулираните средства и смрттноста на корисниците на пензија, како може Фондот тогаш да ја определува подеднаквата сума за сите на почетокот на секоја година? Двата става се контрадикторни еден на друг. И што е најинтересно вистинската причина зошто се предлага овој закон, овие средства на пензионерите да се користат за вложување и купување на државни хартии од вредност. Дозволете, ама на пензионерите не им се потребни хартии од вредност. На пензинерите им е потребна помош која што благодарение на овој солидарен фонд ја добиваат. И вие не можете да не убедите, ниту мене, ниту пензионерите дека им е поголема корист да имаат државни хартии од вредност кои што ќе ги купува фондот и прашање е на чие име, бидејќи Фондот ако ги купува, тогаш се на име на Фондот, а тоа ќе го прави со пари кои што се на пензинерите, лична сопственост на пензинерите и на здружениајта на пензионери. И ова е вистинската причина заради која што Владата го предлага овој закон, заради тоа што сака да создаде, да обезбеди корист и да манипулира со пари кои што не и припаѓаат да купува хартии од вредност кои што подоцна нема да можат пензионерите да ги користат.

Велите дека издвојувањето на средствата и исплатата на посмртната помош многу подобро ќе ја вршела стручна служба на Фондот преку подрачните единици. Меѓутоа, не кажувате колку подрачни единици има Фондот во Република Македонија, дали е тоа доволно да се покрие интересот и потребата на сите пензионери. На кој начин ќе се врши исплатата на луѓето во руралните средини. Дали ако до сега немало забелешки на исплатата, имате потреба да го менувате начинот на исплаќање. А факт е дека до сега немаше забелешки на ваквата испалта, ги добиваа сите граѓани без разлика каде се наоѓаат од проста причина што има многу повеќе здруженија на граѓани и канцеларии на здуженијата отколку што има подрачни единици Фондот. Меѓутоа, за вас тоа не е важно. Важно е дека единствено на што треба да се насочите, а што остана една од ретките работи кои што не ги контролира оваа Влада, тоа се средствата на пензинерите кои што се обидовте неумешно да ги покриете со обидот за зголемување, наводно зголемување на пензиите. Меѓутоа, она што уште повеќе долева оган е тоа што предвидувате дека обврзник, физичко лице кое врши дејност и индивидуален земјоделец во определениот рок

доброволно не ги плати обврските по решението за наплата на придонесот, Фондот може да поднесе тужба за обезбедување на наплата на придонесот. И за прекршок за кој што треба да платат од 400 до 1000 евра во денарска противвредност. И вие велите дека овој закон е во прилог на граѓаните? Дека не е рестриктивен? Значи, вие немате аргументи со кои што ќе успеете да не убедите дека ова е закон кој што е усогласен со Европската унија. Немате аргументи дека ќе не убедите дека не сакате да ги контролирате и вие да манипулирате со личните средства на пензинерите, затоа што тоа јавно сте го кажале во законот. И немате аргументи со кои што ќе не убедите дека овој закон е на штета на пензинерите, е на штета на инвалидите на трудот, е на штета на земјоделците, немате аргументи со кои што ќе не убдите дека ваквата политика на Владата е во прилог на граѓаните на Република Македонија. Туку напротив. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор или реплика господине министре.

Збор има господинот министер за труд и социјала, повелете.

**Љупчо Мешков:** Не земав реплика заради тоа што во излагањето на пратеничката имаше толку погрешни работи, толку дезинформации, што би рекол повеќе одеа во насока на некое деструктивно делување отколку на придонес да се донесе онаков закон, каков што треба да биде донесен и ќе одам по ред.

Прво за знакчето веќе не знам колку пати да кажувам го кажав и бројот на регулативата на Европската комисија која ги задолжува државите идни членки на Европската унија, и кандидати да ги усогласуваат системите на социјалното осигурување во овој период.

Не е погрешно зошто со тој закон сме ставиле знакче со Европската унија. Впрочем, не верувам дека се отепавте, колку закони донесовте со такво знакче и бројката колкава е што чекаат на донесување, со такво знакче.

Прво, при предлагањето на овој закон не се раководевме дали е социјалдемократски, дали е новосоцијалдемократски или е вмровски, или е либерално демократски или либерално, туку се раководевме во една насока на, би рекол, градење на еден реформиран пензиски систем кој, за жал на некого, е многу пати пофален и Република Македонија во таа насока е означена како една од државите што во делот на пензиските реформи, реформите во пензискиот систем можеби и на една од најуспешните реформи.

Сега, кога дискутирате, јас не можам да ве разберам, договорете се во пратеничката група, затоа што во претходниот говор, претходниот дискутант дискутураше дека решенијата што се предложени со овој закон одат во зголемување на дефицитот на фондот. Значи се поволни. Сега вие зборувате дека се многу неповолни. Не ве разбирам. Договорете се. Или е едното или е другото. Двете заедно не може да бидат. Инаку, не може да биде поволно усогласување на пензиите и да не е во интерес на пензионерите, кога тоа сега вие што им го давате беше 20% пораст на плати и 40% на трошоци, а сега е 50:50. Не знам како сега вие мене ќе ме убедите, а камо ли граѓаните дека е тоа понеповолно отколку сегашното решение.

Или, не знам како ќе ги убедите осигурениците дека делот на инвалидноста, кога велиме најмалку 50% е понеповолно отколку сега што велиме дека осигуреникот требаше да има целосно и потполно загубена работна способност и за своето работно мето и за било кое друго работно место што одговара на неговата стручна подготовка. Сегашната дефиниција на поимот инвалидност не содејствуваше со праксата, заради тоа што ние сега му велиме една година да оди на контролен преглед, а сме му рекле дека има целосно и трајно загубена работна способност. Едното со другото не се дејствува.

Впрочем, ова над 50% е работа на стручни лица, експерти кои тоа ќе го ценат и е решение, како што реков, во многу други држави. И ова решение е многу поповолно отколку претходново во однос на осигурениците кои одат на инвалидска комисија заради здобивање на правото со инвалидска пензија.

Дискреционите оластувања, таму стои како дискреционо овластување министерот да го донесува правилникот за бенифициран стаж. Се разбира, министерот нема ни да го пишува, туку тоа ќе го прават стручни лица, експерти и установи. Министерот го потпишува, што е вообичаена практика и порано и сега. Но, ако тоа толку ви пречеше, можевте да не зборувате, да поднесевте амандман. Навистина, со задоволство ќе го прифатев тој амандман, немаше да има никаков проблем.

За хармонизација и наплата на придонесите. Прво, таа работа се одвива скоро една година, колешке. Тоа се заложбите и укажувањата на ММФ. Фондот и компјутерскиот систем на Фондот беа оценети како способни да ја вршат оваа работа. До април ќе се заврши цела таа работа. Без грижа, таа работа трае, веќе се преземени и сите мерки организациони, дури и нормативно се изменети законите. Некои од нив се уште во процедура, не се донесени од Собранието. Тоа значи дека таа работа, со хармонизацијата ќе оди на едно место заради тоа што тоа е така договорено со ММФ и се е преземено и подготвено до таа дата, да отпочне, па во тој дел нема да има никаков проблем.

Нешто уште околу правата со преостанатата работна способност. Вие овде читате и сакате некого да наострите да му кажете - ќе останеш на улица. Арно, ама така не е со овој закон. Овој закон води грижа за осигурениците. Но, разликата е во тоа што сега, кога ќе донесеме решение за професионална рехабилитација од една година и кога ќе обезбедиме материјална сигурност на осигуреникот со преостаната

работна способност, ќе го упатиме кај работодавачот. Работодавачот е должен да постапи по тоа решение. Да го професионално рехабилитира или со скратено работно време, кога повторно со него ќе склучи договор за скратено наместо со полно работно време како што било до сега, или ќе го распореди на друго работно место.

Вие и сега можете да кажете, ако Фондот донесе решение, што ако работодавачот не го спроведе? Тој е должен да го спроведе. Ако не го спроведе, има процедури има постапки.

Меѓутоа тој работник не останува на улица, како што вие сакате да изгледа. Напротив, ќе се даде поголема улога на работодавачот и тој осигуреник, наместо да го правиме инвалид на трудот и постојано да го држиме на јасли цел живот, професионално да го рехабилитираме, да влезе во процесот на работа, се разбира, во рамките на неговата преостаната работна способоност. Во тоа активна улога ќе има работодавачот, затоа што тој е газда, тој ја има фирмата, со него мора да го оспособи и професионално да го рехабилитира и да го оспособи или со скратено работно време или на други работни задачи.

Сега, повторно ќе се навратам на солидарниот фонд, иако навистина не сакам повеќе за тоа да зборувам. Но, беа кажани многу работи за што е битно да се разјаснат.

Во текот на вчерашниот ден, односно во овие 2-3 дена последни кај мене лично се јавуваат или во Министерството многу пензионери кои кажуваат дека, на пример во Струмица, оделе емисари од врата на врата и ги принудувале пензионерите да потпишат со образложение дека ако не потпишат, солидарниот фонд ќе им бил одземен од стран на Фондот одосно на Министерството за труд и социјална политика. Значи, ќе им бидат одземени средствата што практично не е така. Сега се поставуваат неколку прашања.

Зошто до сега не е направено тоа? Во сите овие изминати години? Зошто до сега здруженијата на пензионерите не спровеле анкета и да ги прашаат пензионерите еден по еден, како што сега се нуди со законот, дали се согласуваат да им биде запирано од пензијата или не, или не се согласуваат. Како би било, вам колешке да ви запре некој дел од платата, некој износ, а да не ве праша за што ви запира?

За жал, тоа функционирало така и Фондот, реков, во 2000 година направи анкета преку чековите за исплата на пензиите. Ви ги кажав резултатите од таквата анкета, како резултат на што во 2001 година беше донесена Одлуката што Уставниот суд рече дека не држи вода, затоа што едноставно нема решение во Законот за едно вакво запирање од пензиите, односно нема решение за солидарниот фонд.

Друго прашње што се поставува е каде одат каматите што некои извршни одбори или здруженија ги ставаат во банка вишокот на средства, а некаде се многу високи тие средства и тие остваруваат камати. Каде одат каматите?Дали некој се запрашал дали одат на екскурзии, дали одат во нечии џебови, дали одат не знам каде? Тоа се, реков неколку пати, тоа се строго наменски средства. Средства што не можат да се користат ниту за екскурзии, ниту за било која друга работа, туку единствено за посмртната помош на пензионерот. Дали некое здружение до сега, ви е познато колешке, со овие пари да го зголемат износот на посмртната помош или да рекло, како резултат на собраните пари износот што го издвојуваме од пензиите ќе биде помал отколку што е сега? Ниту еден тоа не го напрвил.

Четврто или кое по ред, кој е интересот на пензионерите, што мислите вие, на обичниот пензионер, кој и во едниот и во другиот случај ќе си ги добие парите што му следуваат, само разликата е дали ќе му ги сервисира тие пари здружението или ќе му ги сервисира Фондот. Се друго е исто.

Освен една работа на која што ќе се навратам, за која што сте во право, значи кој е неговиот интерес дали ќе му исплатам јас преку подрачната единица или ќе му испрати зружението на пензионерите?

Господинот Поповски може тука да објасни како вие велите или како здруженијата велат - ќе чукне на врата во селото и ќе му даде 32000 денари. Во кој финансиски систем вие живеете, да некому во селото чукнете на врата и ви исплатат 32000 денари истиот ден кога умрел пензионерот. Некаде се оди во затвор за тоа. Каде ги чува тој тие пари, под кревет, под порница од Здружението на пензионерите па што ги исплаќа со чукање на врата 32000 денари? Се знае кој е системот. Ќе дадете документ, па со документот се оди во банка, па се подигаат парите. Ако малку повеќе се заинтересирате ќе видите дека во најголем број на случаи пензионерите ги добиваат парите отпосле, откако е направен погребот. Затоа што во недела ако почине, кој може во недела на рака веднаш да му исплати со чукање на врата пари? Значи и сега не оди тоа така.

Не знам по кој пат ќе кажам дека не се одземаат парите. Само се предлага сервисирањето на тие пари да оди преку подрачните случи на Фондон за ПИОМ.

Се разбира, уште еднаш ќе ја повторам предноста. Кога имате солидарност на ниво на држава, а не на ниво на села, градови или здруженија, тогаш можете и подобро да ги согледувате работите, да го зголемувате износот без остаток на средства, што сега некои здруженија ги имаат или, евентуално, ако имате повеќе пари, тогаш можете да речете дека од утре, од идниот месец пензионерите нема да плаќаат по 140, туку по 100 денари, а износот ќе се задржи ист. Или, ако се соберат повеќе пари, тогаш ќе се зголемува и износот. Тогаш нема да имаме состојба каде едно здружение ќе исплаќа 32 илјади денари, друго 28 илјади денари. И,

нема да имаме состојба каде едно здружение после 15 или 20 дена ќе ги исплаќа парите, а друго ќе ги исплаќа веднаш. Тоа се анулира, се добива една многу голема предност.

Второ, предлогот што е даден за купување на хартии од вредност, тоа е дадено не Фондот или државата да собира пари, туку, тие пари што рековме дека се строго наменски, ако може, како што рековме во реформите на пензискиот систем, да одиме да се зголемуваат, оплодуваат, се во интерес на оние кои ги издвојуваат. Како може да помисли некое министерство или некоја држава или некоја влада да му запирате на пензионерот по 140 денари и да му ги земате. Тоа едно време навистина се случи, некој така направи, едно време кога 8% им скрати на пензионерите. Но, навистина сега не поаѓаме од тоа и немаме никаква намера да ние на пензионерите им ги земаме парите, за да сме ги употребиле, не знам, за усогласување или за не знам кои други намени.

По 100-ти пат реков дека тоа се прави само од некои причини што се и за пензионерите подобри но и се Фондот. Затоа што Фондот врши работи без наплата, без трошоци. Веројатно треба и Фондот да се праша ако има одредени проблеми во сервисирањето, како заеднички тие проблеми да се решат.

Тоа што колешката е во право, е дека навистина ние, во Министерството, во првобитниот текст дадовме забелешка дека не може Фондот самостојно да носи одлука за висината на парите. За висината на издвојувањето, тоа мора да го прави заедно со сојузите, во таа насока, кога ќе излезе овој закон од Собранието ќе биде таа работа исправена. Да не прејудицирам, има амандман околу таа работа и навистина тоа треба и мора да се направи, затоа што Фондот, навистина, не смее сам тоа да го прави, туку мора висината, износот да го договара заедно со пензионерите.

Со ова солидрниот фонд го ставаме во законски рамки. Сега, во Законот немаме никаква одредба. Затоа ме чудат некои амандмани што предлагаат бришење на таа глава. Значи повторно да биде истото. Да немаме законска основа, со одлуки, со спогодби ќе го регулираме тоа со пензионерите и така нека тече, како што одело до сега и понатаму.

Ние правиме законска рамка на оваа работа. Сметаме дека е многу важна, дека идејата на пензионерите за овој солидарен фонд од секогаш сме ја пофалувале. Вистина е така. Тој солидарен фонд мора да продолжи да функционира, затоа што навистина е во интерес на пензионерите.

Тогаш, доколку пензионерите, по влегување во сила на овој закон не се согласат со ваквите решенија, тие едноставно нема да ја потпишат изјавата и тогаш нема да има ниту потреба од Уставен суд, ниту од Солидарен фонд ни ништо. Затоа што прв основен предуслов што овој закон вели е дека пензионерите мора да потпишат изјава, поединечно секој дека се согласуваат да им се задржува дел од пензијата.

И сега кажував дека секогаш и како министер, а ќе се заложувам и како Влада, никогаш да не работиме во штета на пензионерите, во рамките на економските и други можности да работиме во интерес на пензионерите и осигурениците. Еве, сега им се извинувам на пратениците што зборував малку подолго. Ќе гледам понатаму да не зборувам, да бидам пократок. Но, навистина чувствував потреба да укажам дека, кога се зборува нешто, навистина треба прво да се види што пишува, кои се податоците, што е идејата.

Инаку, и јас сум бил опозиција, и јас сум критикувал, нормално, но и кога се критикува, мора да се има мерка. Затоа што ако навистина зборуваме нешто што не е така напишано, тогаш не оди во прилог да донесеме закон каков што треба да донесеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има реплики?

За реплики се пријавија, госпоѓа Грковска Славица, Цветанка Иванова, тоа значи само две реплики.

Повелете госпоѓо Грковска имате реплика, вашите три минути.

**Славица Грковска:** Јас го разбирам министерот дека е во незгодна ситуација и дека мора, за да ги брани своите тези да ги изврти моите.

Кажав, дека е ова еден од 110-те закони со знакче на Европската унија што ова Собрание ги донело каде се подметнуваат решенија што немаат врска со европското законодавство. . .

(Минситерот од место довикува дека има врска и дека тоа го објаснувал)

Ние, како Собрание сме си ја завршиле работата. Треба уште 15 закони со знакче на Европската унија да донесеме што се на дневен ред. Се надевам дека претседателот на Собранието ќе ја закаже седницата, да го завршиме и тоа.

Вие, како Влада не сте ни доставиле дополнителни закони да дискутираме за нив.

Јас не знам вие како ќе ги убедите осигурениците почитуван министре дека решението 12 месеци само да им плаќаат за професионална рехабилитација, после да не им гарантирате враќање на работа, не им гарантирате, го бришете тој член. Го бришете тој член и тоа не можете да го негирате. Вие им давате поголема улога на работодавачите, а до сега немате позитивно искуство со таквите решенија. Тоа го нема, нема механизам со кој што тоа ќе го спроведете.

Во Законот за трговски друштва ја зголемивте улогата на работодавачите, го зголемивте траењето на работното време во име на зголемување на работните места, а бројот на невработените се зголемува откако сте дојдени на власт. Значи, едно од решенијата, што не ви одат во прилог.

Вие не треба нас да не прашувате каде одат каматите. Треба вие да ни кажете. Имате

инспекции, одлични сте во кампањата за колективни апсења пред камерите, за кои што во 90% подоцна ќе се покаже дека немале никаква основа за апсење. Вие имате механизми со кои можете да ги контролирате. Наместо да не прашувате, вие треба да ни дадете одговор. Меѓутоа, до сега нема ниту една реакција од ваша страна на овие средства.

Сега јас ве прашувам, како што сте ги прашувале вие во анкета, дали вие ги прашавте поединечно пензионерите дали сакаат со нивните пари да купувате хартии од вредност? Дали за тоа имате согласност? Дали ги прашавте сите поединечно дали Фондот да управува со нивните средства, наместо до сега здруженијата? Дали, очигледно, ако вие тврдите во анкетата дека не им е важно дали вие или зддруженијата ќе им ги исплатите, тогаш сигурно вам ви е важно. Тоа се гледа од законските решенија што ги предлагате. Единствнео вам ви е важно да управувате со средствата што се лична сопственост на пензионерите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика министерот за труд, повелете вашата минута.

**Љупчо Мешков:** Благодарам претседателе.

Повторно неточно. Се потврдува мојата теза што ја зборував . Велите дека се зголемува бројот на невработените. Пак не ги видела податоците што ги дава Агенцијата за вработување за секое тромесечие, бидејќи ако ги погледнете ќе видите дека можеби не е тоа некоја голема бројка или голем процент, но има благо опаѓање. Значи и тоа не е точно.

Обично, нервозата не е моја. Може да биде нервозата ваша, затоа што ако ние нудиме лош закон, вие како опозиција нема зошто да реагирате. Тоа ќе ви оди во прилог.

Меѓутоа, очигледно вртејќи ги работите, практично со тоа, барем за мене, не знам за другите, покажу вате дека навистина сме предложиле добар закон. Прашувам кој би имал против, пензионер, со вишокот на пари што остануваат да Фондот или било кој друг му ги оплодува тие средства. Кој би имал против тоа? Внимавајте, зборувам за вишокот на средства, што ќе останат, а не за нивните пари, како што вели колеката со сите други пари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Бев предизвикана од министерот на оваа реплика, затоа што во својот говор го навреди Здружението на пензионери и сите пензионери од општина Струмица. Би сакала овде, од него да побарам и барам извинување за сите пензионери, особено на Здружението на пензионери во градот Струмица, кое овие денови или овој месец наназад, вознемирени од решението што се нуди во измените на Законот покренаа една анкета и со таа анкета сакаат да проверат дали навистина ова законско решение ја одразува волјата на пензионерите. Таму, господине минситер, наместо да ги нарекувате овие луѓе кои навистина чесно и достоинствено живеат од својата мала пензиичка, наместо да ги нарекувате емисари, би требало да ги побарате, затоа што сте вие нивен ресорен министер, да ги побарате и да закажете една средба со сите пензионери и да го слушнете нивниот став околу тоа прашање. Доколку го направевте тоа до сега немаше ниту да предложите вакво законско решение, а уште помалку ќе ги навредевте денес во овој ваш говор затоа што нивниот став е јасен и недвосмислен. Тие сакаат и понатаму, овие средства што сами, на доброволна основа и се лично нивни, си ги одвојуваат од своите скромни пензии, да останат и понатаму тие сами да си ги сервисираат за потребите и намените за кои тие си ги одделуваат.

На прашањата, господине министер, каде одат парите, на прашањата каде биле каматите, не трба да поставувате прашања затоа што и до сега имало контрола на овие средства и до сега не се покажало никаква нивна злоупотреба, туку напротив сервисирањето што до сега го правело Здружението на пензионерите е од интерес на сите пензионери. Зошто сега желбата кај вас да носите вакво законско решение за да извршите интервенција или да ги одземете овие средства од пензионерите односно зошто оваа желба за државен интервенционизам за средствата, а не желба за интервенција со законско решение околу правата што треба да им бидат згарантирани на инвалидите.

Околу лошиот закон, господине министер, ние не чекаме овде да донесете лош закон за ние да вадиме политички поени, затоа што лошиот закон лошо се одразува на оние на кои ќе се имплементира, односно оние кои ќе остваруваат права од овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете министре една минута контра реплика.

**Љупче Мешков:** Јас не знам дали колешката, можеби знае а можеби и не знае, но ваквите дискусии одат во насока на штитење на интересите на 500 до 1000 пензионери во Република Македонија. Тоа се извршните одбори и раководствата на пензионерите за кои апсолутно немам да кажам лош збор како работат, но тоа им оди во интерес да можат да имаат една функција повеќе и тие тоа го сакаат.

Најголемиот број од другите пензионери, е сосема друга работа.

За втора анкета нема потреба затоа што законот пропишува изјава која секој пензионер ќе ја потпише за тоа дали е добро решението или не е. Ако не е добро решението тој нема да потпише и нема запирање на солидарниот фонд. Значи практично тоа се анкетите. Анкетите ги прават и нека ги прават, здруженијата на пензионерите, а не пензионерите. Значи пензионерите се илјадници и илјадници, не се 500 или 1000.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, почитуван господине минситер.

Јас би сакала да се приклучам на коментарот кој го даде и пратеничката Цветанка Иванова и да кажам дека тоа што го спомна министерот, не е сфаќање на опозицијата. Не може опозицијта да се води од геслото што полошо за држата и нејзините граѓани, толку подобро за нас. Јас сум претпоставувала дека министер кој бил во опозиција дека нема да извади вакво изманипулирано сфаќање на улогата на опозицијата. Зад нас како пратеници стои огромен број на пензионерски гласови. За нас како пратеници стојат проблемите на огромен број пензионери. Без разлика за кого гласале, ние сметаме дека тие луѓе со долгите години работа во Македонија од чии плодови денес многу граѓани живеат и уживаат, стекнале право да ги третираме како одговорни чинители, како граѓани кои имаат свои права и обврски, а не како недозреани малолетни деца за кои постојано треба да се грижи државата. Затоа ќе кажам, клку вие да мислите дека опозицијата треба да молчи и да аминува лошо решение на Владата, јас ви кажувам дека опозицијата силно ќе се спротивстави на овој ваш модел на измени во системот на пензиско осигурување кои значат намалување на правата на осигурениците, а зголемување на вашите дискрециони права и правата на Фондот.

Јас на почетокот сакам да најавам дека ќе се сконцентрирам на една точка, бидејќи другите до сега беа спомнувани и сакав да објаснам зошто.

Сметам дека сите измени во законот се многу наменски и ме потсетуваат на еден неуспешен референдум кој се одвиваше пред некоја недела во една јужноамериканска држава.

Не знам колку имавте прилика да следите, бидејќи главниот печат на тој референдум беше дека целта била да се продолжи можноста еден претседател повторно и повторнмо и повторно да се кандидира на изборите. Тоа беше само еден дел на измените кои беа предложени на референдумот во Венецуела. Господинот претседател Чавез навистина не е за потценување и тој знаел дека ако излесе пред јавноста во својата држава и каже дека предлага измени на Уставот само заради тоа што сака повторно да биде претседател, дека тоа нема шанси да помине. Затоа господинот претседател Чавез на референдум стави пакет уставни измени. Во тој пакет на уставни измени предложи, замислете, смалување на работното време од 44 на 36 часа неделно, предложи здравствено и социјално осигурување за сите вработени без разлика дали работат на цено или се пријавени, предложи намалување на бројот на години за остварување на право на глас, од 18 на 16 години. Така во фино нашминканиот пакет на предлози на кои, нормално никој нема да се противи, ако си работел 44 часа неделно, зошто да не работиш 36, ако не си имал здравствено и социјално зошто да се буниш ако државата ти го дава. Во така убаво нашминканиот пакет на добри желби, тој го вметна она што беше главната цел за овој референдум, а тоа е практично тој да биде доживотно претседател на Венецуела. На тоа ми наликува вашиот закон за пензиско осигурување. Вие како министер сега и како функционер кој долго време работел во оваа област знаевте дека темата социјален фонд нема така добро да одекне во јавноста. Еднаш се обидовте во 2001 година, Уставниот суд ве спречи во таа намена. Уставниот суд го кажа она што денес го говори опозицијата, и она што денес го говорат сите здруженија на пензионери, дека не можете да им го земете право на граѓаните на ова држава, да се организираат, да се регистрираат како невладини организации и за членовите кои се согласиле да бидат дел од овие здруженија, да предвидат формирање на еден ваков социјален фонд. Никој не ги терал, никој не ги приморувал. Едноставно се сопгласиле да формираат ваков солидарен фонд. Вие тоа и во 2001 година неуспешно сакавте да им го одземете и оваа година во месец јуни или јули, не се сеќавам, кога го предложивте законот, всушност тоа беше главната гема на законот како по втор пат да успеете по првиот неуспешен обид и како Фондот да биде тој кој ќе менаџира со овие солидарни фондови. Затоа велам, бидејќи сметам дека целта на овој уставен венецуелски референдум беше да се одземе солидарниот фонд, или да се обезбеди доживотна контрола на социјалниот фонд, а не овие други елементи, сакам да се сконцентрирам на тоа прашање и сакалм да кажам дека навистина ваквиот обид на интевенционизам и директно вмешување на државата односно на Владата во се и сешто, оди спротивно на сите правила и сите сигуестии и сите политики на Европската унија. Затоа ден денес, и јас ви тврдам, знамето кое лесно го ставате, го злоупотребувате. Да не го злоупотребувавте овој закон, заедно со содржината на законот ќе ставевте барем уште дестина страници кореспондентни табели, ќе ги дадевте директивите на кои се повикувате. Меѓутоа, не можете да ја избегнете политиката која е света во Европската унија дека граѓаните имаат право и слобода да се организираат и дека одлуките кои ќе ги донесат заеднички, консензуално, државата нема право да ги одзема и нема право во нив да се меша.

Меѓутоа, сакам, наместо да останеме само на тоа дали имате право или немате, јас сакам да ви укажам како ресорен министер на некои аргументи, зошто пензионерите се плашат од тоа државата да им ги земе парите во свои раце. Зошто пензионерите кои инаку не бараат од солидарниот фонд ништо повеќе од тоа да имаат гаранција дека кога најмногу ќе им требаат тие средства, на нив односно нивните семејства, дека нема никој да ги злоупотреби и дека ќе им бидат на располагање. Знаете зошто се плашат?

Заради тоа што имаат искуства и заради тоа што тоа искуство им вели дека државата лесно зема, а многу тешко им враќа на граѓаните, дека државата може да се фали со рамни даноци, ама дека граѓаните денес знаат дека плаќаат повисоки даноци. Еве како пример зошто треба или зошто пензионерите и другите се плашат, еве како пример да ви покажам колку страници во денешните печатени медиуми Владата плаќа за своите таканаречени кампањи. Еве ги тука: образование, знаењето е сила, бесплатни кафеа, Македонија заслужува успешна приказна.

Сметате дека овој плад човек овде на сликата гарантира дека нема да имате корупција во Македонија? Тоа ли е начинот како Владата се бори против корупција, со убави сликички, со тоа што вели дека тој е нашиот сон, дека сонуваме за добро образование. Само ако ги избројам овие неколку реклами, не ситем, значи само рекламите кои се однесуваат на потребата од образование. Никој нема да спори дека ни треба образование во државава. Ако само ги изброиме рекламите и пресметаме колку чинат овие страници, ќе видите дека минимум, не сметајќи ги ТВ рекламите, денес Владата потрошила околу 5000 евра, денес само за да каже дека образованието е добра работа, нешто околу кое никој нема да спори. Да излезете на улица, секој граѓанин, можеби не свртел весник, не слушнал на телевизија, ако го прашате дали образованието е важно, ќе каже најважно е. Но знаете како, многу граѓани знаат дека образованието е важно ама немаат пари на своите деца да им обезбедат да се запишат на факултет. Некои од нив, оние најсиромашните немаат пари да им обезбедат да го завршат и средното образование и наместо да ни го кажувате тоа што сите го знаеме, дајте Владата овие пари нека ги насочи кон тоа образованието навистина да стане достапно за сите. Еве направете ја оваа пресметка. Со денешните пари, само денешниве само за печатени медиуми, не за електронски, 5000 евра. Денес 25 студенти кои се запишани во државна квота за која плаќаат 200 евра, би можеле да одат на факутлтет без нивните семејства да мораат да плааат 200 евра. Ова е замената на тези од која се плашат пензионерите, дека наместо да им дадете, како што сега, наместо да дадете образование и да им помогнете на најсиромашните да обезбедат образование за своите деца, вие им плаќате реклами. Пензионерите од тоа се плашат, се плашат дека денес парите кои ќе влезат во Фондот за ПИОМ, утре наместо за намените на солидарниот фонд може да отидат уште на една кампања. Верувајте, ако ги земеме исклучиво рекламите кои ги тера Владата за образованието, вкупните, сигурно ќе траат два-три месеци ако не и повеќе, верувајте дека сите студенти запишани во државна квота би можеле бесплатно да студираат. Што е поддршка на образованието тогаш, да студираш бесплатно, или да читаш за студирање во весници. Што е поважно, дали е поважно да каже Владата Македонија е без корупција и да слика, да објавува убави приказни. Еве овде имаме - Македонија заслужува успешна приказна. Да, успешна приказна е пензионерите да можат да се грижат за својот солидарен фонд. Тоа е успешна приказна. Успешна приказна и Македонија без корупција е Владата да ги објави овие суми. Како што плаќа толку страни, една страна да ојбавеше и да кажеше, толку пари од граѓаните земаме и трошиме на реклами. Македонија без корупција ќе беше таква, можна. Македонија без корупција, без тие податоци. И ден денес на премиерот со клешти му ги вадат тие податоци. Кажал дека една од рекламите, мислам - македонски производи, старо новата реклама, сега за сега чинела 400 илјади евра. Знаете ли дека со 400 илјади евра можеше да се изгради или да се оправи еден од студентските домови за кои денес читаме во каква катастрофална состојба се. тоа е стравот на пензионерите. Затоа немојте да се плашите дека бегам од тезата. Стравот на пензионерите е дека кога Владата ќе ги земе парите под свое, тогаш таа ќе одлучува каде се приоритетите. Гледаме дека Владата лесно одлучува дека туѓите преиоритети не се важни, а дека нејзините маркетиншки приоритети се неприкосновени. Тоа е стравот на пензионерите.

Вториот страв или втората тема е прашањето од каде е стравот во државата, на пензионерите или на граѓаните на нашата држава, да им даде да се грижат за проблемите кои нив најмогу ги тангираат. Зошто тука државата има потреба да се меша.

Јас денес читам во еден од весниците дека Владата ќе имала нова кампања во која ќе го кпирала стилот на Кенеди и ќе им кажела на граѓаните, не прашувај што државата може да стори за тебе, прашај ти што можеш да сториш за државата.

Според изјавите во Владата, ќе сме имале потреба да имаме уште една кампања. кампања за индивидуалност, за поттикнување на индивидуалноста, заради тоа што сметале дека во Македонија индивидуалната одговорност изумрела. Видете што вели во образложеието истата влада.

- Резултат на таквите состојби е претпување на индивидуалната одговорност, енергија и активитет во колективна пасивизација, бездушност и апатија.

Што е индивидуалност во ова општество. Дали е индивидуалност во ова општество кога невладини здруженија кои се формирале за да се заштитат интересите на една група на граѓани, наеднаш се соочени со Владата која им вели не. Ние ова право и тоа што вие до сега сте го работеле индивидуално, здружени во некоја невладина организација, ние сега ќе ви го земеме. Каде е тука индивидуалноста за која гледаме дека Владата ќе троши нови пари. Зарем во оваа држава единствен што треба да одлучува за нашите животи е Владата, големиот брат?

Тоа, господа пратеници, еве господинот Мешков имал искуство и во други системи и можеби можам да го разберам, ама Влада која секој ден ни повторува дека е десничарска, дека ќер развива индивидуална одговорност, луѓе фрлете ги тие зборови во вода, кажете навистина дфека ќе тргнете по патот на Чавез, се да зависи од Владата, да не се организираме во невладини организации, нема потреба од политички партии, нема потреба од Собранидето на Република Македонија, големиот брат ќе се грижи за сите наши потреби.

Господа министри тоа време е завршено во Македонија и заради тоа не смеете вие, мислејќи дека сте големите реформатори што знаеме како завруваат во историјата, да приграбите се и сешто, вклучително и она што пензионерите успеале до сега добро да го организираат. Неуспешни се овие обиди од страна на Владата, да кажат дека се става капа врз солидарниот фонд заради тоа што имало злоупотреби. Па каде е вашата одговорност. Вие имате и обврска согласнм законите, има инспекции во државата кои можат да го проверат работењето на сите невладини организации и сите здруженија. Јас сум убедена дека во овие шест месеци, кога работите на крупната цел, да ги земете и овие пари од граѓаните, дека направивте илјада и една контрола иако имавте успешни резултати денес за нив ќе говоребе, ќе апсевте некого, ќе го носевте во затвор, ќе го носевте во притвор, ќе направевте некоја реклами за тоа пасење, ама го нема заради тоа што реално не можете се да попрскате со кал.

Последниот коментар, некој можеби се чуди зошто ја правам парелалата со рекламите, рекламите се се во оваа држава и од нив можете да видите каде се приоритетите на една Влада. Ова што го говорите воде во воведните излагања се паѓа во вода. Еве ви ја една од многуте рекламни кампањи, кога ги повикувате своите маркетинг агенции, а се знае кој ќе ја добие, ги повикувте да настапат на тендер. Знаете колку им давате за квалитет? 60 поени. Знаете колку давате на квалитет кога набавувате лекови за пензионерите? 20 поени. Од тоа се плашат пензионерите, дека кога на една страна ќе ги ставите рекламите и кога на друга страна ќе ги ставите интересите на пензионерите, секој пат своите интереси ќе ви бидат поважни. Секој пат вашите интереси ќе ви бидат поважни. Заради тоа, господин министер, претставник на Владата, бранејќи го овој став, немате многу аргументи. Бранејќи го овој став Владата покажува дека не начила дури ни од грешките на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ. И тогаш последниот обид, кога ништо не им одеше, беше да влезат и во здруженијата на пензионерите и да ги земат овие солидарни фондови. Поразени бевте госпоине Мешков.

Јас ви гарантирам дека и денеска ќе бидете поразаени и без разлика на вашата тврдоглавост ќе останете на тоа решение. Кога господинот Чавез со целата своја моќ, сите свои пари и сите свои трик уставни решенија не успеа да помине на референдумот, јас ви гарантирам дека на судот на македонската јавност ова ваше решение не пие вода. Затоа на крајот би сакала да сугерирам најдобронамерно, тргнете го ова рашение од законот. Да зборуваме на другите теми кои што се доволно интересни и доволно важни за пензионерите. Меѓутоа, немојте да носите цел закон само за на пензионерите им го одземете она што им дава сигураност. Солидарниот фонд функционирал и со него Владата треба да се пофали, да покаже дека во Македонија граѓанскиот сектор функционира. Дека граѓаните не се мали деца кои некој државата, или Владата или било кој друг треба да ги води за рака за да ги остварат своите интереси. Во оваа држава живеат зрели и одговорни луѓе и без разлика на неодговорноста која доминира во Собранието и кога дискутираме за важни теми, тие одговорно ги носат одлуките. И заради тоа солидарниот фонд беше успех. Да не беше успех немаше ни да го земат. Да беше неуспешен тој фонд денес Владата немаше да биде заинтересирана да го присвои. Мојот предлог и до предлагачот и до претседателот е навистина Владата да го преиспита својот став. И да седнеме и да изгласаме закон кој ќе има право да носи европско знаме, ама и од кој нема да се плашат македонските пензионери. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплики, прво господинот министер за труд, господин Александар Николовски, госпоѓа Весна Бендевска, госпоѓа Јагнула Куновска, господин Васко Шутаров, тие се репликите.

Почнуваме со репликата на господинот министер за труд и социјала, повелете имате три минути.

**Љупче Мешков:** Благодарам претседателе.

Значи една од причините зад која што и јас стојам зад ваквото решение, нормално кое што е околу солидарниот фонд е стравот и кај мене дека еден ден Фондот заради проблемите кои сега ги има со новоформираните здруженија, со поделба на овие средства кои не е 100% точна и не може да биде, затоа што едни пензионери членуваат во едно, други во друго здружение, значи, еден огромен проблем за Фондот дека можеби еден ден и Фондот ќе се откаже како едно од договорните страни од сервисирањето, а тоа не чини, не е добро. Не е добро затоа што било кој друг може да ја врши оваа работа освен Фондот. И затоа неколку пати реков дека ова решение треба да се гледа како начин за кое што Фондот како едно од договорните страни ќе реши одредени прашања и проблеми кои сега ги има во поглед на сервисирањето на овие средства.

Значи, кампањите беа спомнати, јас немам намера тоа е една друга тема, меѓутоа во основа знае и госпоѓа Шекеринска дека кампањите, нормално не можат да го решат проблемот, тие само влијаат односно одат во насока на подигање на јавната свест на оделни прашања за кое што навистина не е на одмет, не е лошо, добор е мислам, меѓутоа кампањите се друго

прашање, не во оваа прилика да се зборува за тоа. Значи, дали некој било кој од нас ќе мисли дека ако едно Здружение со една обична одлука кога ќе ја донесе, да наложи на Фондот, да Фондот запира пари од пензиите. Тоа сега се прави. Затоа велиме дека мора да има закон, мора да има законско решение, друго е колку некому му се допаѓа, колку не, тоа е прашање на дискусија, нормално расправа. Но ако сто пати вие кажете дека Фондот им го зима солидарниот фонд, јас сто пати ќе кажам дека не им го зима, а впрочем многу брзо ќе се види тоа ако вие како пратеници го изгласате и донесете овој закон, многу брзо ќе се уверите дека ниту ќе биде тоа лошо за пензионерите, ниту парите ќе бидат употребени за друго. Јас лично бидејќи добро ја знам таа проблематика и работам таму сум сигурен дека ваквото решение ќе биде во интерес на пензионерите, а не на нивна штета како што сакаме сега да кажеме. Стравот на пенизионерите можеби ако постои, може јас не знам зошто не сум правел анкета да ги видам дали се уплашени или не се, но стравот може да им произлезе од 8-те посто, може да им произлезе од 48% се корисници на пензии од Министерството за внатрешни работи кои дополнително се испаќаа, може стравот да им произлезе од доцнењето на пензии во еден период од еден, два или три месеци, но за жал тоа беше во едно друго време и се надевам дека пензионерите со ваквите решенија напротив, нема да се плашат туку ќе бидат охрабрени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Според зборовите на министерот, Фондот или државните органи се безгрешни. Значи, го укинуваме или им го одземаме солидарниот фонд заради тоа што наводно имало некои лоши практики. Господине министре, па погледнете што се случува во ПИОМ, погледнете какви се злоупотреби и таму се наоѓаат. Кои се фирми не плаќале со години, со месеци сега не плаќаат пензиско-инвалидско, сепак работат, а некој од Фондот ги заштитува. Дали тоа значи дека Фондот треба да го укинеме. Погледнете што се случува во другите наши државни органи. Тоа не значи дека треба да ги укинеме , треба да ги смениме луѓето кои ги раководат. Меѓутоа, вака да се импутира злоупотреба на луѓе кои со години се залагаат за пензионерите, е неодговорно. Пензионерите се плашат заради тоа што лошо се користат и нивните пари во даноците. Мене ми пречи како даночен обврзник кога ми кажувате дека трошите милиони евра за нешто што знам, дека образованието е добро. А не ги трошите да им помогнете на факултетите да бидат поуспешни од вашиот колега министерот Славески им ги одзеде парите, при крајот на годината. Од тоа се плашат пензионерите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Александар Николовски има реплика, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да го искоментирам говорот во целина заради тоа што имавме еден говор кој што практично беше психолошка анализа на состојбата на пензионерите во Македонија, дали се плашат и од што се плашат, и не би навлегувал од што се плашат заради тоа што никој нема право да го коментра тоа. Најмалку знае, најмалку можеме ние да коментираме дали и од што се плашат. Мислам дека имавме апсолутно депласирана дискусија, заради тоа што, наместо да се зборува за законот, се зборуваше за комбинација, ке повторам, психолошка анализа и систем на владеење, кој што припаѓа меѓу другото на системите кои што се нарекуваат социјалистички и припаѓаат меѓу другото на иста интернационала, така што, можеби повеќе го коментиравте својот стил и начин на работа и владеење кога говоревте за Чавез.

Она што е интересно во начинот на кој што го презентиравте својот став кога говоревте за законот, говоревте за наводните стравови, говоревте за кампањите на Владата, говоревте за тоа од што се плашат пензионерите и мислевте, кажавте дека пензионерите се плашат дека ќе им бидат одземени парите, со тоа што Владата сакала да прави и други кампањи, други реклами итн, што само говори за две работи. Или дека сакате да ги изманипулирате пензионерите кои што слушаат, и кои што можеби недоволно ја разбираат темата или, втора работа, дека вие самата не разбирате дека законските решеија нема да бидат прекршени. Така што, ако точно се знае каде одат средствата, не можат после тоа средствата да бидат преземени и пренасочени на друго место. Но она што треба да го направите, веројатно, да не се плашат пензионерите за начинот на кој што ќе живеат во наредниот период е да дадете еден скромен придонес како лидер на опозицијата, овие десетина говорници да ги замолите да се повлечат и на тој начин да им обезбедите на пензионерите побрзо да го добијат зголемувањето од 10%. Да им дозволите на пензионерите од први јануари да можат да добиваат повисоки пензии, а не во стил на претходната Влада на СДСМ да им одземете 8% кои што им беа одземени со претходната Влада. А ВМРО-ДПМНЕ ги враќаше. Инаку за психолошките состојби имам чувство и на задоволство и на разочараност. Чуство на задоволство заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ има ваков лидер на позиција, а чувство на разочараност затоа што Македонија има ваков лидер на опозиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Радмила Шекеринска контрареплика една минута, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Да продолжам со емотивните категории кој ги наметнува

пратеникот. Сочуствувам со пратеници кои никогаш нема да се јават за збор, освен за реплика. Сочуствувам кога најголемата пратеничка група во Собранието на Република Македонија речиси и не нема да има дискусија по закон кој допира популација од стотици илјади граѓани. Меѓутоа, веднаш кога ќе го спомнете болното место, а тоа е колку пари троши оваа Влада од граѓаните, не за да им реќи проблеми, туку да си ги оствари своите интереси, само тогаш се јавуваат за реплика. Јас сочуствувам со држава и со Собрание во кое министрите на Владата доаѓаат овде и сочуствувам кога во државата Република Македонија Владата не бере гајле како реагираат пензионерите на главниот предлог кој се однесува на нивниот живот. Ако тие се плашат, не знам зошто вие не би требало да бидете загрижени.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега реплика има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

На две точки ќе се задржам. Значи, на Фондот. Немам доволно информации, но она што го имам ми се чини дека е сосема доволно. Сметам дека овој Фонд со социјална мерка која пензионерите ја користат навистина треба да добие легална рамка. Инаку, јас доаѓам во сериозно искушение со мојата комшика пензионерка, да направам една невладина организација во која таа ќе биде претседател, бидејќи лично го познавам министерот за труд и социјала, да издејствувам со него да направиме договор и веднаш од сите пензионери во Македонија да ми префрлаат 14,5% од пензиите, а јас нив не дај боже кога ќе им треба, ќе им исплаќам толку колку што треба. Така тоа мене ми изгледа. Мислам дека тоа мора сериозно да влезе во некаква законска рамка. Не станува збор дали има грешки во работата на институциите, имало и има и ќе има, но тенденцијата треба да биде да ги сведиме на минимум, дај боже ако може да ги искорениме. Но, не ми се допаѓа незаконско постоење на било какви фондови со одлуки на невладини организации. Тоа во однос на Фондот.

А во однос на образованието, кажавте една констатација, камо среќа, јас не се согласувам со неа, камо среќа да е така. Велите дека 90 или не е битно колку проценти во земјава ќе речат да, потребно е добро образование. Не велат така, за несреќа. Оваа земја има несреќа со лошото образование и со основно и во средно, кое еве е бесплатно и затоа треба кампања. ДПМНЕ не ги измисли кампањите. Кампањите ги измислиле многу попаметни луѓе надвор во светот и знаат која е ефикасноста на кампањите. Претпоставувам дека тоа е предноста на оваа Влада. Знае која е ефикасноста на кампањите. И не се согласувам со социјалистичка, или лева ориентација, дека секој во оваа земја треба да има бесплатно студирање. Треба да студираат оние кои имаат интерес да студираат и стручно да си ја завршат работата, бидејќи на оваа земја и требаат сите профили од најнеобразован до најобразован. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Радмила Шекеринска контрареплика од една минута, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Околку уставноста и законитоста госпоѓо Јаневска, прочитајте ја одлуката на Уставниот суд од 2001 година и ќе видите дека зборувате неточни податоци и дека зборувате невистини не знам дали ве излажа министерот, или вие се согласивте да учествувате во оваа манипулција.

Госпоѓо Јаневска, образованието во нашата држава не е бесплатно. Прашајте ги, одете во многу македонски села и прашајте ги колку им треба на родителите да обезбедат месечни средства само за да обезбедат транспорт и трошоци за образование на своите деца во основно и средно. Прашајте ги сите родители колку треба да обезбедат на почетокот на учебната година. Образованието одамна не е бесплатно. И ние, наместо да даваме пари на таквите семејства да можат децата да им одат во училиште, ние даваме за реклами.

На крајот на краиштата, ако сте толку загрижени за образование, не видов пред некој ден да се побуните против одлуката на Славески од сите факултети, на сите универзитети да одземе значителна сума на пари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Јагнула Куновска, ја има следната раплика. Три минути повелете.

**Јагнула Куновска:** Мислам дека образованието не беше денес тема на дискусија и да го оставиме на страна. Сакам да кажам и ние дека од мнозинството добиваме телефонски пораки, а не само опозицијата, со кои што пензионерите бараат да не им се злоупотребуваат парите, со тоа што некои си раководители на Фонд, парите од солидарниот фонд, како што сакаат така и ги употребуваат. Но, јас ќе го оставам тоа на страна. Значи, не дискутирате, само на реплики преминувате итн, тоа е работа секој да си одлучи, како ќе се однесува по повод дискутијата на некој закон во овој Парламент.

Сакам да кажам дека дискусијата на лидерката на опозицијата, како и многу пати досега и денеска беше излишна. Стравот ни го наметна на сите нас тука во Парламентот, како психолошка категорија и тема на која што даде посебен осврт и се обиде со некаква паралела, која што немам ни време јас во оваа моја реплика да дадам осврт, да ги искарикира сите можни зафати на Владата, со единствена цел да се докаже дека токму Владата на Груевски и министрите, меѓу кои и присутен министер денеска во Собранието, се ограбувачи на сопствениот народ и дека единствено во таа насока работат против сопствениот народ во оваа држава. Можеби затоа три дена, што е срамно, што е ниско, што воопшто не може да биде актуелно и полезно се дискутира за Законот со посебен и единствен

осврт на солидарниот фонд на пензионерите. Тоа е невидена душегрижба од страна на опозицијата, токму за оваа сврха на овие пари на пензионерите. А знаат, како што и целиот народ знае, не се работи за земање од страна на Владата на парите од пензионерите, за да може да ги користи како што сака, во таа смисла и да ги злоупотреби, туку парите не се употребуваат од страна на солидарниот фонд како залиха на власта. Со тоа така ги плаши денеска лидерката на опозицијата и сите други дискутанти кои што деновиве ги слушавме. И велат, затоа прашуваат, зошто се плашат пензионерите и другите. Значи, се плашат затоа што вие колеги од опозицијата во вашите дискусии го плашите народот и создавате недоверба кон сопствената држава, ги наведувате да се плашат од неа, да ја чуствуваат како непријател, како ограбувач во најмала рака. Вие на пензионерите и на граѓаните им тврдите дека треба да имаат доверба во сто активисти во пензионерските здруженија со солидарниот фонд и дека тие правилно ќе ги користат нивните пари, а Владата ќе ги злоупотреби. Навистина, овие дискусии се далеку од тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Радмила Шекеринска, контрареплика, вашата минута, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Сакам да побарам извинување од госпоѓата Куновска, што вака ги навредува пензионерите во Република Македонија. За разлика од пратениците од парламентарното мнозинство нашите пензионери ги читаат текстовите и законите пред да го изнесат својот став за нив. За разлика од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кој да не е опозицијата не би ни отвориле дискусија на оваа тема. Пензионерите знаеа за солидарниот фонд и знаеа за одлуката на Уставниот суд и знаеа за ставот на министерот за труд и социјална политика, уште пред да почне оваа дискусија и приви го кренаа гласот. А знаете зошто се плашат. Не заради тоа што опозицијата ги плаши, туку затоа што ги гледаат оние илјадници луѓе стечајци, кои што меѓу другото ви веруваа на вас дека ќе им го решите проблемот, па гледам 14 месеци поминаа, вие ја сменивте партијата, ама не го сменивте ставот дека луѓето само се манипулираат на избори. А потоа, сите ветувања кои што им ги дадовте ги заборавивте. Од тоа се плашат пензионерите.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Дозволете ми навистина, најискрено да ги изразам и да ги споделам со чувството на почитуваната колешка Шекеринска, што во една таква чуствителна и суптилна тема како што е денес ова за Законот за измени и дополнувања за пензионерите, сепак не одолеа да не го употреби својот идеолошки побратим Хуго Чавез, кој што да имаше малку повеќе дослух и да ги слушаше своите собраќа од СДС, веројатно во референдумот во Венецуела ќе ставеше една ставка, еднаш јавен обвинител, за секогаш јавен обвинител, па макар бил и безгрешен. Толку околу Хуго Чавез, толку и сочуството што го има на таа тема.

Јас не знам почитуваната колешка Шекеринска, продавајќи ја успешната приказна за Република Македонија во Брисел како познат реформатор со добра реформска матрица, како пред своите колеги од Брисел ќе ги објасни оправдувањата за недомаќинскиот однос на здруженијата на граѓани кои што под плаштот на здруженија продаваат еден неодговорен самоуправувачки концепт во кој што се трошат токму парите од солидарниот фонд многу несолидарно. Станува збор за седум милиони евра годишно од кои што два милиони евра се членарина и околу 400 илјади денари камати. Има општински здруженија на граѓани во кои што по 40 илјади евра одат како трошоци на така наречените функционери на тие здруженија и се на се околу некаква ситна помош од околу три илјади евра. Јас не знам навистина како реформатор ќе го објасните овој концепт кој што е само ламентација над една Среќна Нова 49-та и ништо повеќе.

И кога сме кај манипулацијата и кампањите, нема ништо полошо од наменскиот, кампањскиот популизам каков што промовиравте пред кампањата за парламентарните избори со меморандумот за соработка и адхок покачувањето на пензиите од 10% на кои што верувајте многу мал процент и ви поверуваа. И има уште еден полош популизам од овој за кој што денеска зборувавте, а тоа е манипулативниот популизам со изјавите дека солидарниот фонд ќе им се одземме на пензионери. Навистина е многу сочувствително да ви кажам најискрено, сочувствувам со вас кога така убедливо лажевте како што денес лажевте.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика госпоѓа Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Заради вакви пратеници како господинот Шутаров, нашиот премиер Груевски не може да биде успешен како Чавез во обидот да наметне социјализам таму каде што социјализам веќе не поминува.

Господине Шутаров, кога јас и моите колеги се движевме во бриселските ходници, Македонија навистина беше успешна приказна, бидејќи тие таму не слушаат реклами. Тие градат доверба и гледаат резултати. И додека ние бевме таму, Македонија стана земја кандидат. Откако вашите колеги почнаа да ја претставуваат Република Македонија, Македонија не може да се мрдне од место. Меѓу другото тоа е затоа што имаат ваков став каков што вие истакнувате, а тоа е дека таму тие тобоже невладини организации не можат да се грижат за пензионерите, можеме само ние како влада.

Господин Шутаров, Среќна Нова 48-ма, не 49-та.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитуван министре, дозволете и јас да се вклучам по општиот претрес на овој закон и да наведам некои дополнителни аргументи кои што некој се обидува да ги помести. Интересно е што слушаме во репликите, обидот на пратениците од позицијата да зборуваат, од луѓе што од 1979 година не плаќаат придонеси во пензискиот фонд на Република Македонија и не очекувам од нив да ги бранат ставовите на пензионерите. Иако очекував искрено претседателе и вие и госпоѓата Благородна Дулиќ да се вклучите во оваа дискусија како корисници на 1/3 пензија во овој момент, иако сте професионално вработени овде во Собранието. Се согласувам, не викам дека не е законско право. Затоа очекував госпоѓо Дулиќ вие да застанете да го браните ова, затоа што вие сте во привилегирана позиција, бидејќи професионално вработените пратеници добиваат само плата, а вие добивате и плус пензија.

Ќе тргнам од ставот на министерот во однос на европското знаменце зборуваа и некои мои колеги за тоа. Господине министре, ние во петокот заседаваше Комисијата за европски прашања и да ви напоменам ако не ве информирале, од таа брза трака, или од листата на закони, законот е тргнат, бидејќи нема кореспондентна табела. И во овој момент Комисијата потврди, претседателот на Комисијата господинот Петковски дека само 15 закони со европско знаменце се во овој момент во Собранието кои што четири добија веднаш поддршка, а за другите треба да позборуваме. Вие во вашето излагање она што не го имате напишано во изјавата за усогласеност наведовте дека се работи за регулативата на Советот 1408. Бидејќи тоа го нема во табелата се обидовме да ја најдеме табелата и откривме дека таа регулатива е од 14-ти јуни 1971 година и која општо го третира статусот на пензионерите и грижата за нив. На таа регулатива имате 24 плус регулативи, почнувајќи од 1972 година до 2000 година со различни регулативи. Тоа е она кога ќе го ставите во прилог на законот, кога ќе посочите кој член од вашиот закон го споредувате, или го компарирате, или го преземате од една од овие регулативи е она што треба за да зборуваме за закон усогласен со Европската унија. Во овој момент бидејќи го нема тоа, а само адхок се повикувате на регулатива од 1971 година во која што солидарниот фонд не е ни тема. Затоа веројатно Комисијата за европски прашања се реши да го повлече овој закон од брзата процедура која сакаме да ја донесеме до крајот на оваа година.

Од друга страна, овој закон го има хендикепот не по ваша вина, по работите како што се носеа овде во Собранието во овој момент да имаме три закони со ист наслов и тоа почнувајќи од првиот столб, до третиот столб. Има измени во првиот столб, има измени во вториот столб, има измени за нов што го предлагате во третиот столб.

Она што ќе го поврзам со амандманот на Владата е дека проекцијата за овој закон сосема коректно финансиската проекција и буџетските средства вие сосема коректно сте ја дале во јуни месец, но ќе се сложите со амандманот од 21 ноември на Владата, работите ќе се променат, доколку навистина сакате да ги зголемите пензиите, а тоа ќе го потврдите дали ќе го гласате амандманот на СДСМ. Затоа што во овој момент амандманот на Владата е со еден збор "може", за кој што ќе дискутирам подоцна.

Се отвори темата и за кампањите. Би сакал само уште една дополнителна информација да кажам. Во одговор на пратеничко прашање министерот Славески кампањите што во континуитет ги добива компанијата "Република" компанијата што ја правеше изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ, Владата или Министерството за финансии ги исплаќа средствата за кампањата од ставката 09002 - функции на државата каде што една од програмите е подобриот живот и бенефициите за пензионерите. Никаде таму нема реклами, никаде нема кампањи. Но, вие или поточно министерот Славески ги влече парите од таа буџетска ставка. Деновиве кога зборувавме со амбасадорите во Република Македонија, како тие 15-тина закони побрзо да дојдат. Во разговорите беше кажано дека патот на НАТО е еден. Она каде што вистинска дебата веројатно отворате, цитирам: се работите за здравство, за пензионери итн. За жал, ние денеска во празна сала се обидуваме, да ја направиме разликата помеѓу рестриктивноста на една десно ориентирана Влада и солидарноста во овој момент што ја прокламира опозицијата. И затоа дозволете ни да ги кажеме сите аргументи зошто во овој момент законот е рестриктивен и зошто оди на штета на солидарноста како категорија во Република Македонија.

Беше кажано за неколку целни групи, за инвалидите на трудот, беа кажани финансиските проекции. Јас ќе спомнам две работи. Прво, амандманот од Владата и се разбира солидарниот фонд.

Амандманот од Владата кој што реков, законот е предложен во јуни месец, но од маркетиншки причини на премиерот му требаше да го предложи на 21 ноември за да на 22 ноември неосновано ја обвини опозицијата, се однесување на утврдување повисок процент на усогласување на пензиите, ама со зборчето "може", кое што како законско решение не значи и дека мора. Или како што велите во образложението, според материјалната можност на Фондот. И затоа очекувам, ако навистина се обврземе да ги зголемиме пензиите и да ја пратиме таа усогласеност што е најавена да го прифатите амандманот на СДСМ каде што зборчето "може", ќе го нема, туку вистински ќе се врши усогласување на пензиите согласно членот 37 од овој закон.

Владата се реши, а не знам и зошто позицијата прифати да се скара со 274 илјади пензионери во Република Македонија. Само уште да дополнам,

за амандманот од Владата очекував барем во репликите, не го гледам тука господинот Николовски, да знае дека во јануари премиерот може да каже што сака, ама во јануари ќе се подели декемврискaта пензија. Кога на крајот на јануари ќе се направи последното шесто месечие врз база на информациите од Државниот завод за статистика и кога ќе се направи усогласувањето, пензиите ќе бидат зголемени во март со февруарската пензија. Барем дотолку да бидеме реални и да им кажеме да не зборуваме овде лажни информации, дека на 1 јануари пензионерите ќе добијат 10%.

Од друга страна реков дека ме чуди што Владата се решава да се скара со 274 илјади пензионери за една одредба која што функционира. И Владата можела да се реши одлуката, или договорот што е направен меѓу здружението на пензионерите и Фондот да се преточи во закон, ако сакаме законски да го регулираме. Ама бидејќи тоа не го преточуваме, туку Владата ги одзема средствата, ќе објаснам како ги одзема. Очигледно е и оправдана е грижата на здруженијата на пензионерите.

Уставниот суд во 2001 година го укина еднаш овој обид во кој што министерот, сегашниот министер Мешков, се извинувам ако грешам, но мислам дека во тоа време беше директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, каде што Уставниот суд јасно посочува дека се гарантира правото на сопственост, дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување, дека одлуките што се носат во Здружението на граѓаните се регулираат со статут на здружението и тие се неприкосновени и дека изрично определува дека средствата што здруженијата на граѓани и фондации ги стекнуваат согласно законот се нивна сопственост. И затоа ме чуди како може воопшто да се појави едно законско решение овде во Собранието за одлука што Уставниот суд веќе еднаш ја поништил. Денеска чувме дека и министерот добива некои писма. Одредени пратеници иако по телефон овде толку гласно зборуваат што слушаме дека не зборуваат со пензионери. Пратеничката група на СДСМ после еднодневната расправа колку што досега траеше, да нема дилема, досега траеше само еден ден, ова е втор ден, доби писма од сите здруженија на пензионери. Како координатор на пратеничката група во интерес на вистината, информирање на пратениците и пошироката јавност ме замолуваат. Јас се решив да прочитем дел од писмото на здружението на пензионерите на општина Кавадарци. Потпишан е Пемов. Бидејќи тука ги има многу, јас се решив да прочитам дел од ова писмо: здруженијата на пензионерите се правни субјекти. Основани се согласно Законот за здруженија и граѓаните и фондациите. Регистрирани се во Централниот регистар, а со регистрацијата е доставен покрај другото и статутот онака како што наложува и Уставниот суд. Со статутот се формира во рамките на здружението така наречениот солидаред фонд. Изворите на средствата на солидарниот фонд се задршките од пензиите на пензионерите и други извори. Средствата се строго наменски и можат да се користат само за надоместок на трошоците во случај на смрт на пензионерот. Со средствата располага Ивршниот орган и Комисијата за солидарен фонд. Деталите, правата и обврските на членовите на солидарниот фонд се уредени со општ акт, донесени од орган на здружението. При покренување на иницијативата за формирање на солидарниот фонд на доброволна основа од страна на пензионерите беше консултурано тогашното раководство на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Почна уште од 1992 година, па потоа се трансформира со неколку акти да потоа се склучи договор со Фондот. Она што загрижува во овој момент е што во претходните 4 години претседателот на Сојузот на пензионерите на Македонија беше уредно и редовно поканувaн на Управниот одбор на Фондот. За жал, од октомври 2006 година, значи година и три месеци воопшто претседателот на Сојузот на пензионерите не е поканет на состанок на Управниот одбор на Фондот за да може да го изнесе својот став, или да се носат заеднички ставови. Здруженијата на пензионерите имаат свои органи предвидени со Законот за здружение на граѓани и фондации, собрание, извршен одбор, надзорен одбор и статутарно правна комисија, вкупно 60 членови. Во републиката според бројот на здруженија, бројот на членови на органите е многу голем, а не како што рече пратеникот Пачемски, неколку души во здруженијата. Потсетувам дека го читам писмото од Здружението на пензионери од Кавадарци. Тие органи и нивните претставници впрочем го претставуваат целокупното членство и настапуваат во име на членството и одлуките на органите.

Четвртата точка се однесува на анкетата. Министерот за труд и социјална политика се пофали со некаква анкета спроведена преку пошта со одзив од наводно 95% за задршките и располагање со средствата на солидарниот фонд. Невистина. На пензионерите од страна на поштарите им беше читана само првата точка, дали се согласувате Фондот да ви задржува од пензиите за посмртни трошоци.

Вториот дел, Фондот да располага со средствата, воопшто не им беше соопштуван. Пензионерите со оглед дека дотогаш им се задржуваше од пензиите, нормално се изјаснуваа, но само по првото прашање. Посебно пак што се вршеше групно пред повеќе стотици пензионери кои ја чекаа пензијата, па на многу од нив им беше сеедно што потпишуваат, само да земат не толку голема пензија.

Се поставува прашањето од каде правото на Фондот тогаш кога господинот Мешков беше директор, да врши анкети преку пошта без знаење на здруженијата и Сојузот на пензионерите на Република Македонија. Овие здруженија извршија сопствена анкета со посета

на секој пензионер и со подготвена изјава. Со изјавата требаше да се изјаснат, дали се согласуваат да им се задржува од пензиите за солидарен фонд и со нив да располага здружението, а исплатата да се врши преку здружението. Беа ангажирани над 30 пензионери активисти, беа анкетирани 92% од вкупното членство. Само еден член беше против. Изјавите кои се вршеа по месните заедници денеска стојат во архивата на здруженијата. Во фондовите на здруженијата членуваат и брачни другари на пензионерите кои плаќаат по 140 денари месечно. Законот оваа категорија не ја третира. И се поставува прашањето, дали овие средства што досега се собирале ќе бидат запленети, или како ќе им се вратат, бидејќи во Фондот тие не фигурираат.

Потоа, се спомнуваат децата со семејните пензинери, знаеме дека до 26 години, доколку студираат, децата ги добиваат пензиит. Еднистввениот матичен број што ќе го имаат, корисникот, ќе се знае дали спаѓа во таа категорија или не.

Пратеничката од Битола, нека не се крие зад именунитетот, пратеничката Стефановска, нека не се крие зад именунитетот дека имало, наводно, криминални дејанија. Во здуженијата и стручните служби и во органите работатат чесни и совесни луѓе кои располагаат со големи материјални средства. Не се дојдени сега да се збогатуваат и да крадат од пензинерскиот денар.

Во Законот се предвидува согласност на пензинерот, согласноста треба да се бара пред да се предложи овој закон, каде е таа?

Здруженијата на пензионерите од Солидарниот фонд немаат никаква корист, ниту здруженијата, ниту ангажираните лица. Имаат само зголемен обем на работа. Го правиме за пензионерите, да не бидат шиканирани како за лекарствата и работиме за нив.

Се вели - немало евиденција. Имаме и ние и Фондот. Ако нема, како ни рефундира средства? Секој 10-ти во месецот за претходнио тмесец во Фондот за ПИО доставуваме документација за починат пензинер, врз основа на што се прекратува со исплата на пензијата.

Надзорниот одбор врши 4 пати годишен надзор над материјално-финансовото работење на здужението и во тие рамки и на Солидарниот фонд.

Од горните причини молиме да се заложите да се отфрли целата глава 6 што се однесува на Солидарниот фонд и да се внесе член што ќе го задолжи Фондот за ПИО да врши задршка а средствата да ги рефундира на здуженијата.

Многу, сите претседатели на здуженијата на пензинерите, револтирани, се обратија до нас. Во дневниот печат, претседателот на Сојузот на пензинерите даде своја аргументација дека ПИОМ во овој момент има само 30 подрачни служби, а пензионерски здуженија се повеќе од 48 и се поставува прашањето длаи со скратување на мрежата на шалтерите се создава реален проблем за пензионерите од руралнит еподрачја и дали не ќе влеземе вонекоја варијанта пензинерите да патуваат по 50-тина километри за да стигнат да им се исплати посмртнина за некој нивен близок.

Се отвори и то апрашање, што ќе се случи ако на семејството му треба посмртнина за време на викенд? Според податоците од Сојузот на пензионери на Македонија, посмртнината се исплаќа и за време на викенд и навечер во сабота или недела, без разликана времто. Затоа, кога пензинерите ќе го споредат тоа со одлуката на Владата во законот тоа да биде, ако се случи вопеток, практично до понеделник до 11,00 часот не ќе можат да се подигнат парите.

Покрај тоа, пензинерите добро си менаџираат со овие средства, бидјеки се нивни, сопствени средства што смаите располагаат со нив. Го дадовме примерот со Битола, каде има 10 илјади пензинери кои вкупно месечно собираат 1.400.000 денари, каде што со оглед на проценот на смртноста околу 600.000 денари одат за покривање на трошоците, но 800.000 остануваат што се користат за покривање на некои здравствени интервенции, за скапи лекарства, за праќање на луѓе на лекување и рехабилитација по бањи и т.н.

Никј, никој до сега не го проблематизирал користењето на Солидарниот фонд, бидјеки тој е солидарен со сите. Од него сите добиваат еднакво, добиваат еднаков третман. Затоа Владата се решава да се скара со 273.000 луѓе во овој момент, затоа што сака да стави капа на еденсолидарен фонд, на 7.000.000 евра годишно, а велам сака да стави капа затоа што сорешението 130-в од законот начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од срредствата на Солидарниот фонд се уредува со акт на Фондот. Парите се на едни, но Фондот ќе ги земе. Ќе ги земе Владата, а како тие ќе се распредуливаат тоа ќе одлучи со совј акт Фондот. Повторно не ги прашуваме луѓето чиипари се. Ако сакала Владата да направи барем една отстапка, можела овде, во членот 130-в да напише дека корисниците на пензија од средствата на Солидарниот фонд се уредува со акт на Фондот во консултација, во согласност, па колективен договор со пензинерите, каде што можела тоа да го нарпави и тука да има некој баланс. Вака во овој случај, кога го нема тоа, навистина сфатете дека, прочитав само едно од многуте, не сакам да го задржувам времето, нависитна се загрижени каква ќе биде судбината со средствата.

Вишокот на средства што остануваат, наместо да одат за хумани цели, д аодат за лекарства, да одат за помагање на болни, тие ќе одат во државни хартииод вредност што, во даден момент, ако Владата опстои на својот амандман да каже дека усогласувањата може ќе се вршат врз база на тоа дали има средства во Фондот, тоа “може” ќе значи дај да направиме трансфер на буџетската ставка - средства за Соклидарен

фонд, посмртна помош на корисниците во Фондот, каде што треба да исплатат повисоко осигурување. И стандардно, од едниот џеб ќе даде, од другито џеб многу повеќе ќе земе.

Владата сака, денеска сме 10 декември, до 27 декември, за 17 дена да потроши 45 милиони евра со Предлог-одлуката. Ако Владата е подготвена за таков потез во јавноста, надвор од билокој закон, тогаш дозволете навистина пензинерите, каде меѓу нив има врвни правници, врвни економисти, врвни луѓе кои знаат како одат тековите во државата, кои го граделе овој Фонд или овој договор уште од 90-тите години, да не бидам погрешно сфатен, 90-тите години, да се плашат дека може, како што Владата брзо прави пренамена без ребаланс, туку само со една одлука, дека и овие средства, што ќе бидат вишок на таа трезорска сметка, дека ќе се најдат на друго место.

Зато апелираме да се повлече делот на Солидарниот фонд во овој момент од законот за да можеме да завршиме, затоа што брзо со носењето на овој закон, ако навистина сакаме да извршиме брзо усогласување на пензиите. А не, под закрила на усогласувањето на пензиите, да одземеме 600.000 евра месечно со кои располагаа здуженијата каде што, гледате во Кавадарци еден човек, во Струмица, мислам дека во анкетата немаше никој кој се бунеше, затоа да ги оставиме, не да ги оставиме, тукусо загарантираното Уставно право да располагаат со сопствените средства, да не носиме закон што е веќе еднаш паднат на Устаен суд. Не можам да разберам таков е системот, може парламентарното мнозинство да изгласа, но треба да знае дека Уставниот суд една ваква иста одлука поништил. Можеби во неко јполитички систем, каде што еднаш донесена одлука не може повторно да се става во дебата, треба да го отвориме дали е добро во овој момент.

Грижата за пензионерите мора да биде реална. Не може да биде грижа за пензионерите ако Владата сака да чепне од купчето. Ако 7.000.000 евра на Владата и изгледаат атрактивни, тие се препотребни за пензионерите. Има една политика, за жал, заради високите погребни трошоци, голем дел од младите, за жал, тоа е појава што Сојузот на пензионерите во едно писмо ја укажува дека не ги погребуваат своите родители во градовите, туку тоа го прават во селата од каде може потекнуваат, само заради поефтините трошоци. Наместо, во согласнсот со Сојузот на пензионерите на Македонија да седнете да направите еден виситнски договор, да уставната одлука што со Договорот се применува до ден денеска и нема проблем, се применув аи од оваа Влада, да ја преточиме во законско решение, но со Одлуакта, а не да биде дека Владата ќе биде сопственик на тие работи.

Затоа, укажувам дека треба да се изјасниме за една пресудена работа што веќе се знае. Треба да се изјасниме против една работ ашто функционира и кој што, еве нека бидат и илјада, но 273.000 пензионери во тој случај не се согласуваат и не ја подржуваат.

Сепак, Владата ќе си ја понесе таа политичкаодговорност, што не значи дека ние треба да играме на таа карта, како што министерот сакаше да ја релативизира работата, туку да укажеме и на неуставноста, но и да кажеме за добрите работи што функционираат во овој момент преку Сојузот на пензионери и здуженијата на пензионерите со овој Солидарен фонд.

Не сакам да отворам некои теми што беа дадени, како Фондот за ПИО на кое здружение колку префрлува и дали тие здуженија, кои се после формирани, даречеме имаат 500 членови, а добиваат како за 8.000? Тоа е една преписка штопостои меѓу Сојузот на пензионерите и минситерот Мешков. Не сакам за тоа да зборувам, бидјеки ќе не однесе многу од законот. Сепак, тоа е проблем штопостои и зато амислам дека министерот треба да седне со Сојузот на пензионерите и цврсто да најдат заедничко решение за овој горлив проблем што Владата,надвор од Уставот и законите, сака да присвои 7.000.000 евра. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот министер за труд.

Господине Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Повторно на почетокот околу знаменцето на корицата од законот. Реков дека е тоа регулативата. Таа е нависитна од 1971 година. Има една измена од 1974 година. Но, тие се во сила. Се применуваат, не се ставени вон сила.

Ваква или слична обврска на ова произлегува и од Договорот за асоцијација и стабилизација.

Кореспондентна табела нема затоа што ен се имплементира Директива, туку Регулатива и обврска од Договорот за асоцијација и стабилизација, зато неема коресподнентна табела.

Второ, кога кажавте господине Макрадули околу ливчињата за анкетата, кажавте дека поштарот им ги читал, или не им ги читал, небаре се неписемни, како да ги навредивте, затоа што тие знаат да го прочитаат ливчето што им е пратено со чекот и нормално да дадат одговор на прашањата што ги содржи тоа ливче упатенодо секој од нив.

За Солидарниот фонд е точно. Се согласувам во целост. До колку некој може без согласност на пензинерот да располага, тогаш тоа не е ниту законски, ниту уставно. Затоа реков испомнав дека со амандманот, не грешка, туку едноставно во Законот мора да стои дека износот што ќе се запира и што ќе се исплаќа мора да биде во согласност и водоговор со пензионерите. Признав, реков дека ќе го исправиме. Но, за жал, амандманот не е поднесен од вас, што за тоа дискутирате цело време, туку е поднесен од пратеникод власта, односно позицијата. Но, не е битно, амандманот е поднесен. Тој ќе биде

прифатен, па според тоа потполнои, со господинот Макрадули ќе се согласиме дека мора да биде во согласност со пензионерите и Сојузот на пензионерите.

Одлуката што ја спомнувате,

нормално е противуставна и противзаконска, бидејќи не може одлука да однесе било кој и да рече на пензинерите сопирајте им пари, кога нема законска основа за тоа. Затоа рековме дек аправиме законска рамка за тоа прашање, со решенијата онакви какви што се содржани во Законот.

Сега зборуваем за закон, а не одлука.

Исплатата, што велите вие во недела и секој момент, не може. Ако проверите и сега, ќе видите дкеа скоро во сите случаи ова апосмртна помош се исплаќа со издаден налог за исплата преку банка. Скоро ниакде, не знам дали има случаи каде што на рака некој, во недела може да му тропне на рака и да му даде 32 илјади денари, што не е во согласност ниту со финансискиот систем, ниту со Законот. Затоа реков, во најголем број случаи посмртната помош се исплаќа, еве ако погледнете во статистичките показатели, ако се заинтеесирате, ќе видите дека во најголем број случаи се исплаќа после смртта односно после погребот на корисникот на пензијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Јани Макрадули, контра реплика една минута, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарма претседателе.

Господине минситре,

Неколку пати нагласив дека го цитирампismото од претседателот на Здужението на пензионери на Кавадарци во кое се зборува за анкетата што е вршена.

Повторно се враќаме на она што се нарекува пресудена работа. Тоа е дека Уставниот суд на Република Македонија одлучил или констатирал, Уставниот суд донел Одлука со која се укинув аили се става вон сила обидот на тогашната Влада, во коај што министер за финансии беше Никола Груевски, да се одземе работењето, односно користењето на Солидарниот фонд од страна на пензинерите, со укажување дека се гарантира правото на сопственост и дека средствата на граѓаните што ги стекнуваат се нивна **сопственост.** Затоа, постојано укажуваме на оваа Одлука на Уставниот суд. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има уште некој за реплики?

Госпоѓа Весна Јаневска, реплика, три минути, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Господине Макрадули, вашата дискусија и некои претходни, се разбира, навистина отвораат сериозни дилеми. Навистина човек треба да се замисли за соработката на Фондот со Здружението и еве, ќе биде прифатен амандманот на исплатата, времето на исплатата. Тоа се значајни м моменти во денешнава ситуација.

Но, немам впечаток дека Владата се скара со пензинерите. Ако таа и почне да се кара, вие многу успешно ги доскарувате, што мислам дека не треба да биде цел. Но, тоа е ваше легитимно право, исто како што е легитимно право понатаму на Владата да прави така како што мисли дека треба.

Се јавив за реплика, од самиот почеток на говорот, господине Макрадули, јас се надевам, кога ќе имате 70 години сеуште ќе бидете пратеник, а јас би сакала да е така, затоа што ќе биде многу здодевно во Собранието без вас, тогаш и вие ќе примате една третина од пензијата, затоа што Законот тоа ви го дава како право. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Јани Макрадули, контра реплика повелете.

**Јани Макрадули:** Бидете уверени дека, ако се случи тоа, дека таа пензија што ќе треба да ја добивам ќе ја давам во хуманитарни цели. Не ми треба во овој момент на една таква плата штоја добиваат пратениците уште и една третина од пензиите да добивам, како што добиваат некои пратеници овде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Овде објавувам прекин за ручек до 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,55 часот)

(По паузата седница продолжи со работа во 15,19 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господин Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

За жал, мислев дека барем оваа седница ќе биде исклучок кога претседателот на ВМРО ДПМНЕ ќе рече дека за него е приоритетен некој закон дека тоа ќе биде соодветно следено со степенот на присутност, пред се на пратениците од ВМРО ДПМНЕ, но и овој пат таквата ситуација не се случи.

Сепак, ова е исклучително битен и сериозен закон од повеќе причини и јас се надевам дека на крајот од оваа дебата Владата ќе се обиде да биде барем малку попаметна и да попушти пред силината на објективните аргументи, не на силината на политичките аргументи, бидејќи во изминатите неколку дена Владата беше сведок дека ваквиот закон, во форма во која таа го предлага ќе предизвика и веќе предизвикува сериозни реакции, пред се кај онаа категорија на граѓани кон кои е упатена, а тоа се пензионерите. Дури и да има најидеален закон, а овој не е таков, Владата имајќи ги предвид аргументите и барањата токму на пензионерите, ќе треба да отстапи од ваквото решение и да донесе законско решени за кое ќе говорам понатаму, ќе ги опфати токму барањата и потребите на пензионерите.

Во својата дискусија ќе се обидам да одговорам на некои вештачки и лажни дилеми кои се наметнаа во изминатите неколку дена на расправа.

Првата дилема е дали е потребно покачувње на пензиите. Одговорот на СДСМ е да.

Втората лажна дилема дека во оваа држава има некој кој е против покачувањето на пензиите. Одговорот е не. СДСМ го поддржува покачувањето на пензиите и сака за него да разговара реално, аргументирано и врз база на објективни критериуми. Зошто? Затоа што, почитувани пратеници да ве потсетам дека политичката, ќе повторам, политичката, а не законската одлука за зголемување на пензиите беше донесена некаде во втората половина на месец август 2007 година кога Владата и пред се премиерот Груевски имаа потреба да дефокусираат или едноставно да се обидат со гума да избришат одредени неповолни работи кои во тој момент се случуваат за нив, на пример, пожарите, на пример отворањето на добар број афери, глупостите и киксовите на владиниот портпарол дека Владата е предмет на терористички напад, одредени економски пропусти кои во најава се случуваа тогаш, а тоа беше ТЕЦ Неготино и целата 'ршмунијада за која говоревме минатата недела и притиснати од таква ситуација Владата одлучи во серија од 3-4 дена да излезе со желби и потреби кои во тој момент не беа аргументирани врз база на некои објективни економски показатели и рекоа, Владата донесе одлука да ги зголеми платите. Тоа го направи после три месеци. Вториот ден рекоа Владата донесе одлука или рекоа во сегашно време, Владата ги покачи пензиите. Денес сме 10 декември, од тогаш поминаа повеќе од три ипол месеци, пензионерите најдобро знаат дека тогашната формулација и настап на онаа екипа која се појавува секој пат кога треба нешто да се излаже, беше кажано во сегашно време дека Владата веќе ги покачила пензиите. Тоа тогаш беше лага.

Намерно говорам за овие податоци, бидеќи целиот концепт на водењето на економската политика на Владата на ВМРО ДПМНЕ се сведува на неодредено идно време, кога велам неодредено не мислам ни на блиска иднина што познава македонскиот јазик, се сведува на претпоставка и хипотеза која не е потврдена со сериозни и реални параметри, се сведува на класичен социјален популизам, не на социјална правда, на социјален популизам, бидејќи, ако внимателно, дури и не толку од економски а спект ја проступирате реченицата - Владата донесе одлука да ги покачи пензиите за 20% во рок од три години, ќе видите прво дека Владата кажува лаги и небулоза, бидејќи Владата не ги покачува пензиите. Втората работа е, вели 20% за три години. Три години се 36 месеци од 1 јануари. Не знаеме колку, не знаеме кога, бидејќи министерот за труд и социјална политика знае дека 20% сега и 20% за три години не е исто. Еден денар сега и еден денар утре е основната лекција која се предава во прва година на сите економски факултети и институти. Значи манипулацијата од типот, ќе фрлам прашин а во очите на луѓето и ќе им речам дека за 20% ќе ги зголемам пензиите, а тоа законски не можам да го направам, притоа за три години е само обична популистичка флоскула која трае 24 часа. Сега, кога Владата тоа ќе го повторува 101 пат, можеби во него ќе поверува некој пратеник на ВМРО ДПМНЕ, ама луѓето не веруваат. Дури и економските анализи кои се направени во овој  момент покажуваат дека пензиите следната година, дури и со новата формула која е погрешна и ќе ви се врати како бумеранг, нема да бидат повеќе од 4% на годишно ниво. Што тоа значи? Тоа значи дека кога водите политика за да замачкувате други проблеми, кога водите политика која е врз база на претпоставки, во смисла ќе, Владата дефакто не води економска политика, Владат води само социјална популистичка политика во која вели, ќе го направам тоа ама не сега, туку за три години, притоа не кажувам од каде ќе има пари, притоа не кажувам кој ќе ги обезбеди тие средства и притоа, во овој момент одбегнувам да одговарам што ќе се случи ако јас тоа не го направам.

Која ќе биде цената ако пензионерите во 2010 година немаат реално зголемувзње од 20%, барем до тогаш. Вие ќе ги излажете, ќе ги изманипулирате, а за дел од тоа покачување ќе треба да потрошите средства и кој е основниот столб на Груевски и на таканаречениот економски тим, како го викаат господинот мистер тендер, кој што го предводи. Тоа е дека економијата на Република Македонија оваа година ќе пораснала за 5,5%. Дали тоа ќе се случи или не, Заводот за статистика ќе каже на средината на следната година, тогаш ќе го објави официјалниот податок.

Да ве потсетам дека токму министерот за финансии Трајко Славески заедно со Груевски, со Ставрески и со останатите излегоа триумфално, да ве потсетам, мислам во месец април и рекоа порастот на бруто националниот производ за првиот квартал изнесуваше 7%. Порастот на индустриското производство изнесуваше 10%. И самоуверено велеа, ќе видите што ќе се случи  во вториот квартал, овие бројки ќе одат уште погоре. Тоа што се случува не се случи откога постои Македонија. Тоа е исто како после војната во 1945 година кога се направила една фабрика, имало пораст на економијата од 30%, нормално кога се било разрушено. Од прилика така изгледаше тоа. Не поверува никој. Веќе во вториот квартал бројките се стопија па од 7% дојдоа на -1%, па го немаше Славески и Грујевски да се пофалат и сите како екипа одбојкарска да се наредат. Паднаа БДП од 7% на 2% или на 2,5%, па не излгоа да се пофалат со таквите податоци. Не знаеме колку се за третиот квартал, уште не се излезени и ќе дојдеме до реалната бројка од 3,5%. Не ни претпоставуваме колку ќе бидат за 4-от квартал и притоа  Владата вели ќе го зголемам буџетот на над 2 милијарди, ќе делам покачувње на пензии

што законски не ми следува, ама врз една општа претпоставка дека економијата во Република Македонија ќе растела. Тоа е широк поим. Таа може да расте и 1%, може да расте и 21%, ама оваа математика се прави врз база на конкретни и рационални, не на нерационални или нереални очекувања. Можам да очекувам дека и во следниот период, како што ќе оди ситуацијата лоша за Владата, а тоа веќе го гледаме на анкетите, само што ВМРО ДПМНЕ престана да ги објавува, драстично па ѓа рејтингот на Владата и на ВМРО ДПМНЕ и за шест месеци да им падне рејтингот за 12%, очекувам дека ќе продолжи тој концепт на манипулирање со економските податоци и со фрлање на прашина во очите на граѓаните.

Почитуван господине минситер и вие, бидејќи сте во однос на останатите далеку пообјективен, ако ги видите објективните проценки, ќе видите дека следната година нема да има покачување повеќе од 4% реално. Јас лично посакувам на пензионерите во својата јануарска пензија покачувањето да им биде 10% и ќе ве држам за збор, на првата седница за пратенички прашања ќе излеземе и јас и вие и моите колеги со исплатите за јануарските пензии и ќе видиме колку тие ќе бидат зголемени, пак ќе ги анализираме. 4% реално покачување, согласно објективните економски анализи, од прилика изгледаат вака, се извинувам ако згрешам за 5 денари. 60% од пензионерите во оваа држава, чиј број изнесува околу 280 илјади, примаат пензијај во првата група која се движи од 5500 до 6000 денари. Покачувањето од 4% е од 220 до 240 денари месечно. 220 до 240 денари зголемена пензија значи еден килограм месо, ништо повеќе. Толку реално ќе изнесува зголемувањето на пензијата кај масовната популација на нашите пензионери. Лесно е на пример да сте пратеник како Дулиќ која прима плата од Парламентот и зема 30 пензија плус, од таа што и била. Тогаш имате громна маса на средства, па ќе можете да манипулирате со тие пари кои се многу, ама ако примате 5.500 денари нема да знаете за што попрво да одвоите. Толку објективно ќе изнесува покачувањето. Јас посакувам, искрено се надевам дека тоа ќе може да биде и повисоко, 10% на месечно ниво. И тоа нема драстично да ги разреши тешкотиите на нашите пензионери, но ќе помогне сигурно повеќе отколку 4%. Дали тоа ќе се случи или не, господине министре, ние и вие во овој момент не знаеме. Не знаете од проста причина што пензиите не се утврдуваат како желба или политика на Владата. Пензиите се утврдуваат врз база на економските можности на Фондот за кој претходно колегата Поповски говореше дека единствено се одржува благодарение на буџетските трансфери и согласно одредена формула која во овој момент, пред измена на Законот 50% отпаѓаат на трошоците на животк, 50% отпаѓаат на порастот на платите. Јас ја разбирам вашата логика. Вие велите, како што ја играта таа весела математика заедно со Благица Новсковска од Државниот завод за статистика, таму каде што паѓа, уште подолу ќе го спуштат коефициентот, таму каде што на хартија рипа, уште повеќе ќе го подигнат и велите на хартија донесовме покачување на платите од 10%, а ќе го зголемам нивното учество во структурата. Трошоците за живот ми растат многу брзо, ајде ќе го намалам нивното влијание во структурата и на тој начин номинално на хартија ќе добијам покачена пензија која реално преведена во животот ќе биде околу 4%.

Кога велам дека оваа формула ќе ви се врати како бумеранг, мислам дека објективно ќе продолжи зголемениот тренд на покачување на цените н ас животните производи. Сега вештачки се одржува и не се гледа тој ефект заостанат, заради временското задоцнување на стапката на инфлација во ов ој момент, во ноември, во декември, ама ќе ја видиме истата во јануари и во февруари, бидејќи климаксот или максималното зголемување на трошоците ќе ги очекуваме пред и за време на новогодишните и бочиќните празници. Тоа е исто како Зоран Ставрески кога се чудеше од каде СДСМ очекува барелот да надмине 100 долари. Тоа го зборуваат веќе година дена сите економски иоле помалку познати економски аналитичари, не оние кои се занимаваат со сериозна материја. Тогаш кога СДСМ предлагаше мерки за цените на производите да се одржа барем на некое реално ниво, или на пониско ниво и кога барав еден пример од него да ми каже кој производ во моментот има намалена цена, тој ми рече има смрзнатото овошје, заборави уште да каже дека на пензионерите и на граѓаните треба да им порача за ручек да јадат смрзнат ананас и не треба да купуваат ни месо, ни леб, ни млеко, ни зејтин, сите ќе јадеме смрзнат ананас, бидејќи тоа овошје се намалило во продажбата за 2 денари. Тоа го покажува односнот кон реалноста, ама реалноста на човек кој има огром ни примања и на оној кој живее со 5.500 денари е различна, не може да се спореди. Гледајте ги само цитатите во весниците од луѓето, не на политичарите, ќе ви ја кажат комплетната вистина.

Која е всушност играта на Владата со овој конкретен закон? Расчистивме, никој не е против покачувањето, сакаме тоа покачување да биде што е можно повисоко, тоа да е резултат на економски оправдана и исплатлива политика и доаѓаме до другите две решенија кои Владата, во почетокот на мала, сега на голема врата сака да ни ги протне, а тоа е дефакто манипулацијата со средствата кои пензионерите ги одвојуваат во својот солидарен фонд.

Прво, господине министре, не слушнавме ние од вас колку во моментот Република Македонија има пензионери. Два месеци во медиумите се пишуваше дека Владата се уште не знае колку точно, осигуреници пензиски во моментот во Република Македонија, дека Фондот не ја знае таа бројка, а сакате да има сериозен пристап во зголемувањето на пензиите. Да ве потсетам дека таков кикс веќе направивте со ваучерите,

почнавте со една бројка, па дојдовте до друга бројка и веднаш беа виновни факултетите, па после менувавме закон, па на апсолвентите им поминуваше времето за да може да ги реализираат своите ваучери, за на крајот да дојдеме до тотален крах на целиот концепт. Сличен приод, за жал, мислам дека Владата има и во овој дел, несериозен и неодговорен. Шест месеци вели приоритетно ми е да ги зголемам пензиите, а во јавноста не кажува колкав е бројот на пензионерите во Република Македонија. Зошто е тоа битно? Битно е не заради статистиката, битно е господине министре за да знаете колку пари ви требаат за покачување, бидејќи ако ги немате ќе треба да ги субвенционирате трошоците во Фондот од Буџетот, ако ги имате треба да знаете колку тие изнесуваат за тоа да ја информирате јавноста. Тоа е првиот голем кикс на овој концепт и на овој проект. И да дојдам до клучната работа а тоа е солидарниот фонд.

Од авион се гледа, или многу е јасно дека целта на Владата со овој закон е дефакто да ги национализира средствата што пензионерите доброволно со потпишување на изјава, се определиле да ги одвојуваат од своите пензиски приоди и тоа се определиле по четврти основ со сопствена одлука да го прават на жиро сметката на Здружението на пензионерите. Не да ги даваат во Фондот, не да ги даваат во трезорската сметка, не да ги даваат на одлучување на еден или на друг политички поставен раководител. И тоа е многу битно. Тоа е господине министер уставноста која на вас ви е многу добро позната, бидејќи во 2001 година падна оваа Одлука на Уставен суд. Во Крушево беше собирањето, на 1 ноември, каде бевте и вие, советување или собирање, како сакате крстете го, со здруженијата на пензионери, со претставници на Министерството за финансии, кога сите едногласно ви рекоа, да доброволно ќе одлучиме да ги даваме 120 плус 20 односно 140 денари за солидарен фонд и за трошоци на здружението, но не се согласуваме нив да ги дадеме на управување и менаџирање од страна на Фондот за ПИОМ. Две многу јасно поставени прашања. Прво, со мнозинство да плебицитарно, и второ со мнозинство не, исто така речиси плебисцитарно и вие бевте обврзани, заради почитување на уставното право на сопственоста на одлуката, да не го носите тоа решение, не вие лично, таа Влада во која вие партиципирате. Отидовте на ѓон, како што сега сакате тоа да го направите, падна на Уставен суд, повторно сега имаме реприза за истото решение, на истиот начин во истото место. Некој ќе рече тука, ама што е битно тоа дали ќе падне на Уставен суд. Многу е битно, господине министре, колеги пратеници.

Да ве потсетам дека овој период 2006 година, вие донесовте, ние гласавме против Закон за извршување на буџетите во кој определивте да се плаќаат имотите на Ташковиќ, Самак и компанија во странство. После 8-9 месеци Уставниот суд ја поништи оваа одредба од Законот за извршувње на Буџетите и вие велите, добро, тоа му е работа на Уставниот суд. Да ве прашам обратно, а што е вашата работа, да носите неуставни решенија? Кој ќе ги врати 1,2 милиони, по некои проценки, бидејќи не знаеме конкретно, евра, кои до овој момент се исплатени за Ташковиќ, Самак и не знам уште за колку, велат и за Ставрски, не можам да потврдам.

Тоа е цената на лошите законски решенија, бидејќи Уставниот суд може да ги оспори, а вие велите никому ништо, одиме понатаму. Па тогаш ќе му ја мислиме работата. Ова Собрание ако сака да си го изгради сопствениот кредибилитет, апсолутно ќе работи на законски решенија кои што априори ќе проверува дали се минимум уставни. Ако направи некоја грешка, која што е резултат на политичка одлука, ќе ја плати мнозинството што донело таква одлука. Ама за ваквата одлука веќе имаме преседан во нормална држава, без разлика дали има еден или друг правен систем, ваквиот пример ќе се учи и ќе им се предава на студентите од Правен факултет и ќе им се рече дека Владата и Собранието донеле еден закон, паднал на Уставен суд. Повеќе тоа станува предмет на научна правна теорија, а не да ни го повторувате истиот начин. Да биде апсурдот поголем, и тогаш и сега, мнозинството на пензионери е против таквата одлука. Па и вие господине министре, како што и претседателот на Собранието, како што и вие пред мене, имам 40-тина страници од дописи од големите општини по старата поделба, од здруженијата на пензионерите, кои што се исклучиво против донесување на ваквото решение. Кога велите акетите и изјаснувањето, јавете се во Струмица да видите дека до вчера 95% од пензионерите се против ваквото решение со име и презиме. На други места, бидејќи подоцна започнале, процентот е понизок. Во Битола е околу 80 и кусур. Вие сакате да кажете дека имате аргументи освен вашата арогантност и инаетење да одите против одлуката на овие луѓе кои што доброволно потпишале акт со кој што ги отстапуваат своите 140 денари. Тогаш вие де факто одите против желбата и демократското право на 280 илјади пензионери во Република Македонија.

Дозволете да го кажам, она што јас сметам дека е ваш мотив. 140 денари месечно на 280 илјади пензионери претставуваат месечно 600 илјади евра, или годишно 7 милиона и 200 илјади евра ликвидни средства господине министре. Владата вели ајде ќе донесам решение со кое што месечно на сметката на Фондот, ама имам и друг закон со кој што од Фондот можам да си ги префрлам парите кај мене. Или да ги искористам за некоја трета намена. Ќе ги собирам, ќе пресметувам дека 600 илјади евра, да не мрднам со мал прст ќе ги имам на сметката на Фондот, или тоа се 7 милиони и 200 илјади евра годишно. Под услов да се случи покачување на пензиите од 4%, за кои што говорев претходно реално, вие велите 10, дај Боже да бидат 10, тоа ќе биде 240

денари месечно за најниската категорија. Првата група на пензии. Ви господине министер можете со една не јавно објавена одлука на Фондот да му дозволите од тие 240 денари Фондот да си гиземе овие 140 од човек и со нивните пари да им го дадете покачувањето. И ќе им речете, господа пензионери, до вчера примавте 5500 денари, сега ќе примате 5750 денари, од кои што 140 денри сами ќе си го исфинансираат зголемувањето. Можете тоа да го направите. Можете ако сакате. Основано сомневање постои дека вие де факто, ви требаат овие пари за да ги дадете пак назад на пензионерите и со нивни пари да се фалите дека сте им ги покачиле пензиите. И тоа лесно може да се провери. Ако ова не ви е мотивот, или ако ова е мотивот број 1, ајде да го видиме мотивот број 2. Владата на Република Македонија сака да има 600 илјади евра месечно или 7 милиони и 200 илјади евра на пензионерите во ставка на Фондот, која што утре може сосема комотно по принципот на кој што тоа го правеше до сега да ги потроши за разно разн кампањи. И утре веројатно, ќе имаме билборди низ цела Македонија и во весниците во огласи, во кои што дневно само за една кампања давате 4,5 илјади евра и веројатно ќе им речете на пензионерите господа пензионери од денеска вие живеете поубаво, бидејќи Владата со вашите пари ви ги зголеми пензиите. И за таа кампања ќе потрошите 100 илјади, 200 илјади, 300 илјади, 400 илјади евра туѓи пари. Не ваши пари. Јас не можам да ја сфатам леснотијата со која што вашите министри од Владата се расфрлаат со парите кои не баре ги заработиле. Денеска излегува премиерот и вели ќе потрошиме са старо новата кампања 400 илјади евра. Како да зборува за 40 денари. Или потрошивме во “Економист” за еден чланак, само во еден весник 150 илјади евра. Не баре 150 илјади чепкалки, станува збор, а не евра. И тоа замислете, туѓи пари, не негови пари. Мои пари, на моите колеги, ваши пари, но најмногу пари на граѓаните, за кои што не прашал дали ќе ги троши. И сега, замислете Владата и премиерот вели не ви давам отчет за парите што сте ги потрошиле, се извинувам, што ги потрошиле, а се на граѓаните и тоа е во ред, а за парите што луѓето сами рекле ќе ги давам во моето здружение на пензионери, сум потпишал лична изјава, тие ќе ти ги земам. Зошто, затоа што јас знам подобро од тебе како да ги трошам. Ваков неформален, неполитички, нездраворазумски апсурд не постои. Затоа паѓаат овие одлуки на Уставен суд за парите што ми ги зема без да ме праша, затоа што имам обврска со даноци да ги плаќам не ми дава отчет, а за тие што сам сум одлучил да ги дадам, јас сум пензионер, нив уште ќе ми ги земе. Епа не може, господине министре тука да имате објективни мотиви. Тука има скриени мотиви. Едниот е да го финансирате зголемувањето, а вториот е да ги искористите овие пари за кампањи. Министерот за финансии на едно пратеничко прашање од 17 кампањи, одлучи да даде одговор на една. Таа изгледа му е најмила, бидејќи тој рече дека е режисер, онаа со фризурата, за безготовинско плаќање, така рече во јавноста. Вели, да, потрошивме пари, ги земавме од Раздел 09002 ставка 436 или 463, извинете ако погрешив, разни трансфери, каде што дел се за испратнини за редовно пензионирање, или за испратнини за инвалидизирани лица. Кој му дал дозвола на министерот да ги троши овие средстав, и тоа за кампања, што апсолутно нема нкаква врска со пензионерите, или со недај Боже инвалидите. Но тој си ја донел таа сопствена одлука, нормално, бидејќи е лесно да трошите туѓи пари и без притоа некој да ви ја бара таа одговорност. Е па господине минситер 280 илјади пензионери ви покажаа во оваа држава дека не дозволуваат некој да манипулира со нивните пари и не ви ги даваат вие да ги трошите и вие да ги манипулирате, бидејќи тие знаат подобро да ги искористат сами за себе. И не можам да разберам како вие се обидувате со леснотија да речете видете, има одредени недоразбирања и караници меѓу здруженијата и тие се потенцијално место за криминал и заради тоа нема да им ги дадеме на нив да располагаат со средствата. Или така го интерпретираа новинарите во медиумите.

Господине министер треба да ни кажете, ако е утврден криминал со овие средства во било кое здружение, тоа истото треба да има име и презиме на човек што тоа го направил и истиот тој и тој или таа и таа сеедно, треба да одговорат по законска постапка, да биде осудена, за да констатираме со конкретен пример дека такво нешто е случено. Дури и во таков случај вие не смеете да речете јас ќе го рушам системот на доброволно одобрување на овие средства и ќе им забранам на пензионерите да ги даваат ваму средствата и ќе им ги земам во Фондот. Не, по таа логика заради одлуката на Владата да го избере ТАЧ за ТЕЦ Неготино, повторно ќе повторам, требаше да оди во притвор целата тендерска комисија на чело со Ставрески, требаше да се забрани на тие кои што ја донесоа таа одлука понатаму да учествуваат во слични тендерски постапки, бидејќи нели сте утврдиле дека не направиле нешто согласно законот и конкретните законски норми во Македонија. Но не, вие велите може да има одреден криминал и заради тоа ние ќе ги поништиме сите здруженија на граѓани. Не, тоа уште еднаш го покажува политички монтиранит процес кој што саката да го направиме. На крајот на краиштата, иако се невладини здруженија имаат свој сатут, кој што се заверува и се одобрува на суд. И тие невладини здруженија имаат можност за барање на законската правда. Ако некој е оштетен повторно на суд. Тие не се надвор од системот. Тие се напротив, внатре во системот и јас гарантирам дека некој суд или било кој суд, во овој случај управен, бидејќи е таква постапката ќе донесе полесно одлука, правична одлука за тие здруженија, отколку доколку криминал направи Љупчо Мешков, бидејќи за него ќе има друг пристап, или за некој си друг, го земам сосема

случајно вашето име како пример, без никаква намера. Затоа господине министер таквата теза ниту може да држи, ниту апсолутно може да биде земена како релеватност. И зошто имаме концептуална разлика за кој што вашите помлади колеги од ВМРО ќе речат, да ние сме десница, ние сме левица. Имаме, затоа што солидарниот фонд е солидарен фонд во кој што некој доброволно отстапува дел од своите средства, притоа и оние што примаат 5000 пензија и оние кои што имат 20 илјади одделуваат иста сума на пари со своја лична изјава. Бидејќи за недај Боже, а тоа е за посмртнината, која што не разликува висина на средства, трошоците се исти. Барем во рамките на градовите и општините. Пом еѓу градовите се разликуваат. Вие дури сакате да направите урамниловка, да во Берово и во Охрид се исплаќа иста сума што апсолутно не може да биде коректна. Скопје со Валандово или не знам Гевгелија со Крива Паланка. Е тоа не е солидарен пристап, тоа е пристап на урамниловка и тоа е пазарен пристап. И ќе ви го илустрирам со најбрутаелн пример. Јас се радувам што ние се разликуваме од вас, бидејќи ние сакаме да го практикуваме солидарниот пристап, вие сакате да го практикувате пазарниот пристап. Демек даваш пари, автоматски ти ги зима државата и таа ќе ти ги оплодува и троши. Не. Кога јас самиот како пензионер сум потпишал изјава каде сакам да идат моите пари, тие ќе идат таму. Нема никој да може да ми ги пипне и да ми ги оспори. А како ќе се трошат парите ќе си одлучиваат здруженијата и за нив одговорноста, се надевам позитивна како до сега, ќе си ја сносат здруженијата.

Господине министер, иако вие не сте во тоа инвлвиран, ќе го чуеме владиниот портпарол а и разно разните министри кои што ќе речат не е битно колку чинат кампањите, битен е нивниот квалитет. И затоа ги одбираме република ли, своите фирми од ВМРО кои што не раота во кампањата.

Господине министер, се сеќавате, претпоставувам и на Влада сте го го разговарале тоа, кога министерот за здравство или директорот на Фондот за здравство објаснува зошто се набавуваат индиски цитостатици во Република Македонија, вели за тоа ни беше најбитна цената. Е па тогаш кога станува збор за здравје, не е битен квалитетот. Тогаш е битна цената и луѓе трујте се, недај Боже. А кога станува збор за кампањите, е тогаш не е битна цената, тогаш може да идат 17 милиони годишно зашто, за да имало квалитет, кај кого, кај министрите, не кај граѓаните. Е тоа е разлика помеѓу пазарен и разлика помеѓу солидарен пристап. Бидејќи вие не се дрзнавте, вие веЌе потрошивте 17 милиони евра, не знам во моментов колку се трошат на дневна основа, пресметаа претходно претседателката на СДСМ рече дека тоа е 4,5 илјади евра дневно, само за денешните изданија на весниците и око не ви трепнува дека ќе продолжите и понатаму да ги трошите. Веројатно затоа ви требаат уште 600 илјади евра ликвидни средства на пензионерите и за кои што утре ќе процениме дали во Струмица средствата ќе ги даде раководителот на Фондот за ПИОМ кој што е од ВМРО-ДПМНЕ и кој што доколку дојдат за недај Боже тројца граѓани, семејства се извинувам да бараат посмртнина, ќе им рече, знаете имам проблем со сметката, овие од Скопје не ми префрлија, дојди за недела дена. Зашто, за да му се освети бидејќи е тој од ВМРО-ДПМНЕ , а овој од СДСМ. Има и такви случаи. Бидејќи некои луѓе уживаат за да се осветуваат и да ја злоупотребуваат својата позиција за партиски или за политички цели, што е недозволива, што е недозволива. И ако веќе толку се фалите или ја користите како аргумент информацијата дека сте спровеле анкета по пошта, како тогаш може да се објаснат сите здруженија на пензионери имаат речиси унисон пристап во одбивањето или во отфрлањето на ова решение. Ви читаа моите колеги, еве јас ќе го земам од една скопска општина, од Карпош кој што вели "за пензионерите на подрачјето на оптините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај изразуваат протест против измените на Законот во делот на солидарниот фонд". Само за тоа. Јас впрочем и за тоа говорам. Тие средства се сопственост на пензионерите и само тие можат да управуваат и расплагаат, тие тоа го велат. Јас само читам. Овој допис го имате и вие, го има и претседателот на Собранието бидејќи се упатени до вас и до претседателот на Собранието на Република Македонија.

Напоменуваме дека истото решение го направи со одлука Управниот одбор на Фондот за ПИОМ која Уставниот суд на РМ ја поништи како незаконита и неуставна со укажување дека со тие средства не може да управува и располага Фондот, туку дека тие средства се сопственост на пензионерите и дека само тие можат да управуваат и располагаат со нив во согласност со актите на здруженијата. Поради горното молиме при донесување на законот да се постапи во согласност со Уставот и во интерес на пензионерите. Претседател Неделко Трајановски.

Господине министер, пратеници на владеачкото мнозинство, во дел од гласовите кои што ве избраа и ви ја дадоа довербата 2006 година има и пензионери. Вие имате обврска да работите за нив, а не да работите против нив. И тие јасно и гласно го потенцираа своето мислење и својот став. Уставниот суд го кажа своето мислење и својот став, нема дилеми дека по истата одлука и тие ќе го поништат ова решение до колку биде донесено. Јас се надевам на малку памет и малку разумност ако постои кај вас, да може ваклвото решение да се повлече, да остане старото решение, да се почитува барањето на пензионерите и веќе следната година да разговараме и да се натпреваруваме која влада, оваа или идната, која партија ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ, ќе достави подобар концепт за реално покачување на пензиите во Република

Македонија, врз база на реално покачување на платите во Република Македонија и врз база на реално одржување на трошоците на живот на ниво кое што навистина ќе овозможи покачувањето да се почувствува.

Во спротивно, вие како што почнавте од август, најавивте нешто што не се случило до сега, како што пред две недели најавивте дека префрлени се парите за набавка на втобуси или нешто слично во Скопје, а сеуште тоа го немате направено. Предлагате 45 милиони евра да се одземат од едно место и со една одлука и гласање со 41, значи просто, да се пренаменат на други места и некој да верува дека во законска постапка ќе потроши во МВР 10 милиони евра за 10 дена. Тоа мислам дека го нема ни во Северноафриканската унија, а не во земја кандидат за членка во Европската унија и три месеци во очи на почетокот на Самитот на НАТО во Букурешт. Овој закон не е поврзан со усогласување на македонското со европското законодавство и тоа можеби имајќи ги предвид сите овие работи е најмалиот проблем. Ама покажува уште еден дефект дека само за да донесете некаков закон, што вие сметате дека ви е добар, а притоа без да кажете ниту еден збор за него, можете да фалсификувате и да злоупотребите европско знаме на закон кој што апсолутно, нема никаква врска. И притоа, никој да не се чувствува повикан да даде одговор, како што тоа се случуваше на Комисијата за европски прашања, каде што треба и стручност, по наше барање на СДСМ, да го провериме квалитетот на сите 15 ништо повеќе, не 100, не 150, само 15 закони кои што во овој момент се со знамето на Европската унија во Собранието. Имате простор господине министер за многу елегантно решение да ги прифатите или дел од амандманите, дел за нив спомнавте на опозицијата, или на некои други пратеници и да го подобрите текстот.

За бришењето на целокупната глава за солидарниот фонд пратеничката група на СДСМ има амандман, прифатете го тој да стане составен дел на законот и законот ќе биде изгласан од сите пратеници во Собранието на Република Македонија. Јас во името на СДСМ можам да кажам дека во тој случај ќе го подржиме законот и ќе се надеваме дека Република Македонија навистина ќе овозможи реално покачување на пензиите и тоа од први јануари 2008 година. За ова немате проблем од СДСМ. И уште еднаш потенцирам, повлечете го противуставното и лошото решение за солидарниот фонд, законот ќе можеме да го донесеме многу брзо, многу ефикасно и ќе се посветите на изнаоѓањето средства за покачување на пензиите, се надевам веќе со првата јануарска пензија на нашите сограѓани.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јавија: министерот, Илија Димовски, Агим Рамадани. Повелете господине министер.

**Љупче Мешков:** Ќе кажам неколку работи за работите да бидат појасни.

Прво, не може никој да каже од први јануари пензиите дека ќе се зголемат 10%, заради тоа што согласно законот пензиите се зголемуваат два пати во текот на годината, на први јануари и на први јули. Значи, можеме да зборуваме дали ќе има 10% зголемување или не, на крајот на годината, се разбира со законските решенија што се предложени и во законот.

Второ, трошоците на живот растат. Многу помалку ќе растат во наредниот период според проекциите. Значи, со ова решение ќе имаме подобар, поголем раст на пензиите во наредниот период. А ако сметате дека тоа е лошо за пензионерите, или не е добро, го прифаќам ризикот дека пензионерите за тоа ќе не критикуваат.

Јас не можам да сфатам господине Ивановски како можете да кажете дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување не ја знае точната бројка на пензионери. Па Фондот ги исплаќа пензиите по име и презиме, по адресни податоци. Доволно е само списокот да се земе на исплатени пензии, да се види последниот реден број и точно до еден ќе ви каже колку. Не знам што ви беше целта, да кажете, Фондот не го знае бројот на корисниците на пензија. Мислам тоа е апсурд, тоа не е можно.

Друго што сакав да истакнам, кажувате дека Фондот годишно ќе располага со 7 милиони и 200 илјади евра, или 600 илјади евра месечно. Како може да располага? Па пензионерите не се безсмртни, пензионерите умираат секој ден. Значи, Фондот од тие пари тековно во месецот ќе ги плаќа. Како може да располага со 7 милиони, не ми е јасно? Да ми објасните ако сакате. Секој месец ќе се издвојат 600 илјади. Во текот на месецот ќе се потрошат тие пари. Како може Фондот ненаменски да троши, или за други намени, кога тие пари ќе се трошат во текот на месецот, пензионерите умираат и нивните фамилии ги добиваат тие пари. Можеби има некој остаток за кој што зборувавме и во законот, но тоа е само мал дел од тоа. Затоа јас цело време овде зборувам за сервисирање, не зборувам за располагање. Располагање не е ни можно, затоа што се тие строго наменски средства. Според тоа, паѓаат во вода сите теории дека овие пари можат да се користат за други намени, а не за ова.

И најпосле, во законот за пензиско ако видите, ако прочитате, во надлежностите и на управниот одбор стои дека Фондот ќе се грижи за интересите на пензионерите, за редовноста на исплата, за собирање, а не за здруженијата на пензионерите. Ние зборуваме за интересите на пензионерите, а тие се многу, многу поголеми и во поголем број од овие за кои што зборувате, раководства и извршни одбори на здруженија на пензионери.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине министре, не ја релативизирајте работата. Дали вие месечно од

овие средства ќе ви слегнуваат на Фондот 600 илјади евра? Да. Дали постои теоретска можност, не дај боже да ги исплатите сите 600 илјади евра месечно? Не. Тоа значи, дека господине министре вие калкулирате дека ќе имате месечно 595 илјади евра, карикирам, кои што месечно 590 илјади евра месечно кои што вие врз база на интерни одлуки, како велите, ќе ги сервисирате. Кој ми дава мене гаранција дека вие 595 илјади евра нема да ги дадете во една кампања, или да купувате како велите, хартии од вредност кои што утре заради лоша економска политика ќе вредат помалку од тоа колку што сте ги купиле. Тие пари се доброволно одвоени од пензионерите за конкретна намена и вие немате право со нив да манипулирате. Можете само да ги свртувате во делот на финансиските токови. Ништо повеќе.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Дискусиите на господинот Ивановски секогаш се податливи и интересни. Меѓутоа, не ретко се и чудни за разбирање. Јас би сакал да спорам во делот на вашата експлинација во врска со разликата помеѓу десницата и левицата и во насока на овие прашања кои што ги отвараме денеска од областа на пензионерите, односно од областа на социјалните трансфери. Точно е тоа дека помеѓу десницата и помеѓу левицата треба да има голема разлика во спроведување на политиката. Левицата подразбира зголемени даноци и зголемени социјални трансфери. Десницата подразбира во својата дефиниција намалени даноци и намалени социјални трансфери. Она што се случува во континуитет десетина години во Република Македонија во врска со разликите меѓу десницата и левицата е една мешавина од овие два концепти. Секогаш кога е СДСМ на власт се зголемуваат даноците што е левичарска политика, меѓутоа се намалуваат социјалните трасфери што не е левичарска позиција, односно се намалуваат и пензиите меѓу другото и во апсолутна и во поединечна смисла можете да ги проверите податоците. Кога е десницата на власт, се намалуваат даноците што е десничарска политика, меѓутоа се зголемуваат социјалните трансфери, односно се зголемуваат пензиите, секогаш. Да не ве потсетувам за 8-те посто, за бродот кој што не може да издржи повеќе капки, па како се враќаат тие 8%, па кога прв пат се зголемиле пензиите во Македонија, па што значи ова зголемување на пензиите во Република Македонија. Значи, ние имаме од двата концепти една мешавина. Кога сте вие на власт се зголемуваат данците, се намалуваат социјалните трансфери. Кога е десницата на власт, се намалуваат даноците, а се зголемуваат социјалните трансфери. Колку повеќе го држите овој закон во Собранието, толку поголема штета им правите на пензионерите. Значи, Владата имаше политичка волја да го пушти во собраниска процедура овој закон, Владата има политичка волја, моќ врз база на реални економски показатели, државата да го издржи тој притисок од зголемување на пензиите. Единствено што треба да направиме е да го притиснеме зеленото копче за да може Фондот за пензиско осигурување да се подготви од први јануари да стартува примената на овој закон. Јас не ја сфаќам суицидната политика која што ја води СДСМ. Од една страна најголемиот број на гласови кои што ги добивате како пакет од секогаш сте ги добивале од пензионерите. Од друга страна се противите на една политика на зголемување на пензиите во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине Димовски, освен зборовите во политиката има и дела. Можете после оваа седница да изберете било кој град, било кое здружение на пензионери, да одиме јас и вие па да ги провериме аргументите, па да видите пензионерите што ќе кажат. Така се проверуваат работите. И втората е на избори. И на тоа ве упатувам. И третата работа господине Димовски, освен што ги читате тезите што ви ги пишува Шамбевски, сакам да ве упатам на една друга работа. Дали во овој момент во Македонија се плаќаат помалку, или повеќе даноци, отидете во Управата за јавни приходи кај Горан Трајковски, ќе видите дека сите компании плаќаат повеќе даноци. Е тоа е резултатот на таканаречената десница. И денеска господине Димовски, Благородна Дулиќ што има 100 илјади денари месечен приход и некои што имаат 5 илјади, плаќаат ист данок. Е па тоа е десницата. И затоа сме многу против тоа дека не може некој што има 100 илјади денари месечно да плаќа исто со тој што има 5 илјади. Мора да има ред во оваа држава и тој што заработува многу да плати повеќе, а тој што заработува помалку да добие од државата. Тоа е многу сериозна разлика и граѓаните тоа знаат да го ценат.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, бев принуден да му реплицирам на господинот Игор Ивановски во насока на тоа направи една долга дискусија и малку даде аргументи против законот кој е на дневен ред. Господинот Игор знае дека овој закон е усогласен со европските закони и не случајно го има знаменцето на Европската унија. Сакам да му укажам и нему и на неговата партија дека за овој закон не смееме да губиме време како што не смееме за никој друг закон кој го има овој предзнак. Доколку господинот Игор е спремен заедно со нас да одиме утре во НАТО, а после и во Европа, треба да даде здрави аргументи овде пред нас. Аргументите кои ги искажа не држат поради овие причини. Ниските пензии се производ на вашата Влада. 12,13 години пензиите беа смрзнати. За среќа сега пензиите за прв пат се либерализираат и почнуваат да имаат пораст на пензиите. Но,

верувам и на квалитетот на живеење, бидејќи не може еден дел од Фондот за пензии да го ставите во раце на разни здруженија да раководат со овие фондови. Знаете дека здруженијата се неколку регистрирани организации и не се должни за сите пензионери. Што со тие пензионери кои не сакаат да бидат членови на некои здруженија. Кој ќе ги брани интересите на тој пензионер? Единствен е Фондот кој има обврски да ги собира овие средства, да ги распределува овие средства и доколку има можности да прави пазарна економија во насока на овие средства. И вие овој социјален аспект што го спомнувате кај пензиите, грешите, бидејќи во цел свет секој фонд работи врз основа на пазарната економија која економија е основа за еден здрав фонд. Додека вие бевте на власт и од почетокот фондот за пензиско и инвалидско осигурување дојде во една катастрофална состојба, дојде моментот кога пензионерите се плашеа дали ќе има пари за да добијат пензија. Направете споредба со пазарната економија, со Министерството за здравство кога рековте дека цитостатиците рекол министерот дека се од Индија, бидејќи се со пониска цена. Секој цитостатик кој излегува било каде да е во светот, истиот се регистрира во соодветните лаборатории и се пушта во употреба. Не сме тие кои ќе кажеме дека квалитетот не е добар, туку сме држава која треба да ја води економијата според нашите можности и да ги испружиме нозете колку ни е долг јорганот.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине Рамадани, пред мене го гледам дописот кој што го упатија од здружението на пензионери од Тетово, потпишан претседател Јашари. Вие сте од околината на Тетово. Ќе ве упатам и тие да ве повикат на седницата на управниот одбор да поразговарате и вие да ги слушнете нивните аргументи. Сето останато е само ваш обид да го браните Министерството за здравство. Тоа е друга тема. Јас само ви го дадов концептот на разлика дека вие можете да увезете заради некои бизнис зделки индиски цитостатици, бидејќи наводно цената ви е оправдување, ама кога ќе дојдат кампањите, квалитетот би бил во прашање. Тоа ја покажува хипокризијата на вашата Влада кога ги носи одлуките. Сето останато беше само лош обид за одбрана на концептот за кој што и самите вие знаете дека не се брани. Пензионерите во изминатитве години доживеаа пораст на пензиите, господине Рамадани и тие тоа најдобро го знаат. Сето останато е само злоупотреба на фактите кои што можете да ги побарате и целокупната реформа на пензискиот систем беше направен токму од минатата Влада. Сега и тоа се обидувате да го растурите.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, јас мојата денешна дискусија ќе ја започнам со фактот дека се злоупотребува на насловната страница на овој Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување, со Предлог закон, знаменцето на Европската унија. Факт е господине министер дека овој Предлог на закон не ви е усогласен со европските регулативи. Дека е така покажува всушност и прилогот на Предлогот на закон во кој кажувате дека кореспондентна табела нема. Ако бил усогласен, зошто не доставивте кореспондентна табела како што добиваме впрочем со законите кои реално претставуваат усогласување со актите од Европската унија. Оставате на нашата седница, на која точка на дневен ред е овој закон да ви веруваме на чесен збор, дека законот бил усогласен.

Нашите досегашни искуства кажуваат дека чесниот збор на Владата, всушност, многу пати испаѓа дека не ја говори вистината. Дека е така, ќе ве потсетам на моите дискусии на случувањата во енергетскиот сектор, за хаосот таму, за волонтаризмот и за криминалот во РЕК Битола. Тогаш велевте дека не е така, дека се било во ред, а впрочем, на денешниот веб-сајт на Министерството за внатрешни работи, ќе го покажам, на денешниот веб-сајт е изнесено дека Министерството за внатрешни работи Битола поднела кривична пријава за поранешниот директор на РЕК Јане Радивчев. Тогаш велевте дека измислуваме. Тогаш велевте дека кажувам невистини. За да само десетина месеци подоцна прочитаме на официјален веб-сајт на владиното Министерството за внатрешни работи, на официјална институција дека СВР Битола поднела кривична пријава против РЈ 54 години од Битола, поранешен директор на РЕК Битола за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување. Пријавениот, на 02.07.2007 година склучил договор за набавка на шини за РЕК Битола со фирмата “Спектра трејд” од Словачка, иако тендерот за јавна набавка се уште не бил завршен и не била донесена одлука...

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, кој е тука пензионер?

**Верица Филипова:** ...за избор на најповолен понудувач.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам госпоѓо Филипова...

**Верица Филипова:** Ете, да заштитиме да и парите на пензионерите, почитуван претседател...

**Љубиша Георгиевски:** Е така, добро, благодарам.

**Верица Филипова:** ...да парите на пензионерите од нивниот солидарен фонд читаме до година ова време дека на сличен начин некому поднеле кривична пријава за тоа што ги злоупотребил дискутираме овие неколку денови.

На почеток на мојата дискусија сакам да го кажам, да го повторам ставот на СДСМ. Тоа е, не

сме против покачувањето на пензиите на пензионерите. Поради тоа предлагаме да го повлечете овој Предлог на закон, да оди во две фази, а да доставите или да го доставите само делот за покачувањето на пензиите. Да го спречиме вашиот обид со она, за што се залага целата македонска јавност и за што се залагаат сите пратеници во Парламентот. Тоа е зголемување на пензиите, да со нив протурите и нешто друго што вам ви одговара, а на сите пензионери, ќе повторам без исклучок, воопшто не им одговара. Ако не беше така, зошто не ги консултиравте здруженијата на пензионерите? Зошто не направивте трибини, округли маси, зошто не направивте дебатни емисии на кои ќе го кажеа тие својот став, вие вашиот, па да можеше да суди македонската јавност кој е во право. Зошто не се консултиравте со синдикатот, бидејќи тие ги застапуваат сите вработени во Македонија кој еден дел треба да станат пензионери па треба да го кажат своето мислење. Зошто сакате да спроведете идеа само на Владата на Република Македонија и го злоупотребувате парламентарното мнозинство да ви го изгласа овој закон, под превезот на зголемувањето на пензиите. На почеток на моето излагање, на мојата дискусија, ако ми дозволите господин претседателе сакам да направам една дигресија. Јас сум пратеник кој доаѓа од Штип и во изминативе два дена од една приватна штипска телевизија се случуваат обиди за инквизиција обиди за замолчување, обиди за спроведување на сталинистичка чистка. Дали е тоа следното од страна на владината позиција, на тој начин да не замолчат, дали е обидот со сталинистички методи да ни ја рушат честа, угледот на нас пратеницита? Дали мислите после сето тоа нема да се јавуваме за збор? Напротив, уште повеќе ќе дискутираме овде и уште повеќе ќе се бориме за мислење на луѓето кои нас не избрале.

Да, така е, на штипската телевизија, овие два дена по десет пати оди спотот против мојот углед, против мојата чест. Тоа не е во ред и тоа не е начин да владеачкото мнозинство се раскрстува или се расправа со пратениците од опозицијата. Ние сме овде во Парламент каде треба да ја поддржуваме демократијата, да дебатираме секој со сопствени мислења и да победи најреалното и најисправното. А не да се користат нечесни методи за замолчување и за спроведување на нешто што не пие вода.

И после, земале некои пензионери 100 илјади плата?! Па, ќе земаат. Тие се од позицијата, не се од опозицијата. Тоа е тоа.

Друго што би сакала да кажам по Законот што е денеска на дневен ред, ќе почнам од почеток на законот. Ќе се осврнам на членот 2 каде Владата се покажува тотално десничарска, каде не води сметка за состојбите на работниците, за состојбите на повредените луѓе. Повторно ќе кажете предвидуваме професионална рехабилитација. Меѓутоа, факт е дека инвалидите на трудот, инвалидизираните лица, со овој закон за нив спроведувате тотална регулаторна гилатина. Со овој закон им ги земате сите права што ги имаа досега.

Доаѓам од организација, Електростопанство, каде најголем дел од вработените се електромонтери, луѓе кои здравјето го губат на млади години, бидејќи работат на отворено, се качуваат по столбови, вршат тешка физичка работа. Голем дел од нив добиваат реума после 20-25 години работен стаж и добиваат право, поради инвалидизираност, на преместување на полесно работно место.

Со овој закон вие предвидувате да не можат кај работодавецот да ги остварат своите права, да немаат никаква заштита, да останат луѓето, бидејќи сега се работи за приватни работодавци, да останат на улица. Зошто не направивте спот од Владата или не излеговте да се сликате на прес конференции и да објасните како ќе ги заштитите овие луѓе понатаму. Како ќе заштитите 45 илјади текстилни конфекциски работнички кои здравјето го губат на релативно млади години? Како ќе ги заштитите ѕидарите, односно градежните работници кои претставуваат голем број од вработените во Македонија? Или со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ќе протурите со зголемувањето на пензиите се она што онака тешко би ви поминало.

Во членот 7 предвидувате усогласување на пензиите, наместо досегашното 80:20 трошоци на живот и плати во Република Македонија, да одите 50:50, според некои ваши показатели дека на тој начин во моментов ќе се добијат повисоки пензии или поголемо зголемување.

Математичките формули можат да се менуваат согласно она што сака да се постигне. Меѓутоа, колегата Поповски зборуваше многу конструктивно за оваа работа до каде ќе не доведе. Поради тоа, не би сакала повеќе да се задржувам. Но, нашите пензионери дефинитивно ќе немаат гаранција дека идните години нема да дојде до намалување на пензиите, според оваа ваша формула.

Следува најважната промена, за што скоро сите дискутанти овие неколку дена се осврнаа и посветија најмногу време. Тоа е обидот за одземање на солидарниот фонд од Здружението на пензионерите. Вие, одлично се сеќавате господине министре што се случуваше во 2002 година на Уставниот суд. Се сеќавате дека беа таму претставници од Здружението на пензионери, кои ги бранеа тројца адвокати. Се сеќавате дека беа присутни седум судии на Уставниот суд, дека беа присутни еминентни правници од стручната јавност, господинот Борче Давитков и госпоѓа Старова. А, вие како директор тогаш на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се обидовте да одбраните нешто што не се бранеше, за на крајот, според кажувањето на присутните пензионери таму и самиот се согласите да, не сме во право, ќе ја чекаме одлуката. Меѓутоа, се повлековте.

Сега, овој пат, решавате да пробате со законско решение, не со Уредба на Влада, да го промените односно да го земете солидарниот фонд на пензионерите. Каква дрскост, после вашето поранешно искуство.

Се чудам како можевте, бидејќи ве ценам како министер и како стручен во оваа област, како можете повторно да се обидете да правите иста грешка.

Би сакала да ви прочитам дел од писмата што ги упатуваа здруженијата на пензионери. Најмногу поради укажувањето и загриженоста на Здружението на пензионери, посебно од Изборната единица 3, од каде доаѓам, за да кажам дека пензионерите реагираа многу брзо. Предлогот го доставивте во собраниска процедура на 26 јули. Писмото од пензионерите и нивните барања за средби ги добивме на 27 август, после средбите со вас и после средбата кај премиерот. Тоа значи дека луѓето ги пробале на почеток прво нормалните, илегални начини да ве предомислат и разубедат дека решението не ви пие вода.

Во писмото од пензионерите од Штип, ќе прочитам само дел од писмото се бара да се измени ставот 2  во членот 130 околу уплатувањето на солидарниот форнд. Се бара во член 130-Б, ставовите 2, 3 и 4 да се бришат. Повторно се однесува на солидарниот фонд. Се бара членот 130-В да се брише во целина, како спротивен на Уставот. Се бара член 130-Г да се измени и има цитирано како бараат да гласи тој член.

Би прочитала дел од образложението на предлогот. Се вели:

"Поаѓајќи од тоа дека средствата во солидарните (средства издвоени за посмртни трошоци) се формираат од лични средства на пензионерите преку кој доаѓа до израз принципот на хуманост, социјална сигурност, взаемност и солидарност, од тие причини овие средства се лична сопственост и се здружени за остварувањето на цитираните принципи, од што произлегува право на располагање со истите на членовите на Здружението, па од тука, како приватна сопственост", значи нагласувам дека тие средства се приватна сопственост на пензионери "можат со нив да управуваат пензионерите преку органите и телата на своите здруженија ...".

Потпишан, Здружение на пензионери Штип, претседател Михаил Кралев. Од сите 30 пензионерски здруженија добивме слични писма. Ќе го прочитам делот од друго писмо, од Изборна единица 3, пензионери што јас овде ги претставувам, во кое се вели дека "Ако сака државата да располага со овој фонд, тогаш нека ги ослободи пензионерите од плаќање 140 денари, нека обезбеди 400 милиони денари, колку што изнесува овој солидарен фонд, а со тоа да го поврати одземеното право од пред неколку години, кога овие средства се исплатуваа од Фондот за здравство.

Во спротивно усвојувањето на предложените законски одредби придонесува до разочарување и несигурност кај пензионерската популација за нивните здружени средства (солидарен фонд и членарина) во висина од цели седум милиони денари и ги доведува во прашање остварувањата на целите и задачите на здруженијата на пензионерите, утврдени со Законот за здруженија и фондации". Потпишан Здружение на пензионери од општина Берово, претседател Јован Дупкарски. Итн, итн.

Знаете дека пензионерите овие средства ги користат строго наменски, не за екскурзии, не за прошетки, не за бањи. Ги користат исклучиво за посмртнината. На Уставниот суд, кога бевте и вие присутен во 2002, се сеќавате дека имаше различни висини на солидарниот фонд, се движеа 110 денари, 120 денари, 130 денари. Тогаш беше усогласено да сите пензионери плаќаат иста висина. Добро знаете дека над 60% од македонските пензионери земаат минимална пензија, земаат по 5.500 денари пензија. Добро знаете дека стапката на смртност во Република Македонија е зголемена и се зголемува, по мои информации, по 10% годишно. Зошто? Заради стандардот на пензионерите, заради состојбата да, денес во едниот џеб им дадете 600 денари, а во исто време од другиот џеб им земете 1500 денари, па ги доведете во ситуација да не можат да си купат едно апче, да не можат лекарствата да ги купат во безнадежни состојби. Можеби како популација мислите дека нема да ви се потребни. Меѓутоа, не господин министре, јас се надевам дека и јас и вие ќе доживееме еден ден старост и ќе ни требаат луѓе кои овде ќе ги бранат нашите интереси.

Во името на 7800 пензионери од Штип ве молам да го повлечете овој дел од предложениот закон. Немојте да го користите терминот дека Социјалдемократскиот сојуз бил кочничар на реформите во Македонија. Не сме кочничари. Напротив, сакаме да помине зголемувањето на пензиите, ќе повторам уште еднаш, меѓутоа не сакаме да дозволиме да помине на овој начин кукавички одземање на солидарниот фонд од здружението на пензионери.

Имате можност, имате можност да направите ревизии, контроли, инспекции. Па пуштавте, впрочем кај нашите во Штип пред 6 месеци одеше финансова контрола. Во записникот пишува дека е се чисто, зошто правите овде инсинуации дека работеле незаконски, дека имало криминал при користењето на овие средства. Не е така господин министер. Не е така. Бидејќи ако беше така досега ќе направевте некоја акција "Змиско око" или како ви се викаат и ќе ги испоапсивте луѓето. Туку сакате да ги присвоите нивните средства во Фондост за пензиско и инвалидско осигурување и сакате да ги пренасочите за други намени. Тоа е факт.

Факт е дека можеби ќе ги искористите и за една од рекламните кампањи на Владата. Како што деновиве читаме - бесплатен интернет за студентите во студентските домови, а дефакто

1200 студенти од провинцијата во Студенскиот дом "Гоце Делчев" живеат три месеци без топла вода. Дали можете тоа да си го замислите. Дали можете да замислите луѓе од 21, 22 години, три месеци да живеат без топла вода. Каде сте да ги посетите. Каде е премиерот, каде е министерот за образование, каде е министерот за труд и социјална политика. Сите ќутите или не го знаете тоа или не ви е од корист тоа да се дознае, а правите скапи реклами и сега парите на пензионерите дали ќе одат таму, ќе видиме.

Второ, на што би сакала да се осврнам при крајот на мојата денешна дискусија е можноста со нивните средства да купувате државни хартии од вредност.

Во членот 130-Б се вели дека износот на издвоените средства и висината на посмртната помош Фондот ги определува во единствен износ за сите корисници на пензија во зависност од комулираните средства и смртноста на корисниците на пензија и понатаму, дека слободните односно неискористените средства се вложуваат во купување на државни хартии од вредност и дека износот на средствата од овој член Фондот го објавува на почетокот на секоја година.

Слушнавме дека не го каните претседателот на Сојузот на пензионери да присуствува на состаноците на управниот одбор кај вас. Тој ќе нема никаков увид, ниту учество, ниту можност за контрола како ќе се трошат приватните средства на пензионерите, средства со кои го рушите гарантираното уставно право за приватна сопственост.

Највероојатно и повторно овој закон ќе биде изгласан во Собранието, најверојатно ќе биде уште еден од низата закони кој ќе падне на Уставен суд. Но кој ќе ја сноси штетата која притоа ќе настане? За тоа зборуваа и други пред мене, меѓутоа морам да го кажам и јас тоа. Сведоци сме на безброј законски решенија кои овде ги предлага Владата за кои опозицијата укажува дека не се во ред за кои владеачкото мнозинство гласа за и кои потоа паѓаат на Уставен суд, како недоиздржани.

Кој ќе ги покрие државните хартии од вредност во колку ви се потребни предвремено да ги продадете по 80-85% како што бива од нивната номинална вредност. Кој ќе ја покрие загубата во солидарниот фонд за пензиите заради тоа што ќе сте земале можеби камати, кои ви се предвидувањата и зошто правите вакви акробации или вакви проби?

Јас се надевам дека вашето досегашно искуство ќе помогне во оцената и дискреционото право кое ви се дава во членот 126-А каде се вика дека работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето да се утврдуваат со правилник кој го донесува министерот за труд и социјална политика по претхоно добиена согласност од соодветни стручни установи.

Се надевам дека иако до сега Управниот одбор го имаше ова право дека вие ќе можете да оцените и да реално, на повеќе категории вработени кои тоа право го заслужуваат, ќе ги споменам ценам дека едни од нив се текстилните работнички кои ги има многу во Република Македонија, добијат бенифициран стаж, добијат можност да одат во пензија пред исполнување на 62 години.

Сакам да кажам дека во мојата пратеничка канцеларија масовно доаѓаат жени текстилни работнички кои се жалат дека реално, реално господин министер не можат до 62 години да шијат на машина. Мора нешто да се превземе за нив, мора законското решение да со навршени 62 години одат во пензија често пати со стаж од 41-42 години биде променето или добијат некакво олеснување. Се надевам дека вие ќе го имате тоа дискреционо право и дека од кај вас ќе наидеме на разбирање како да го решиме овој проблем.

Понатаму, би сакала да уште еднаш се осврнам на членот 43 во кој се кажува дека се врши исплата на посмртна помош на корисниците на пензија и задршка од пензијата за членарина. Вие овде повеќе пати кажувавте дека бесплатно ја вршите таа услуга на пензионерите да им ја собирате членарината и да ги собирате средствата за солидарниот фонд односно за посмртнина и потоа им ги враќате на Здружението на пензионери.

До колку така цени Фондот, можеби е потребно да им задржувате и некој процент за извршената услуга за членарина и за посмртнина, меѓутоа да им оставите на нив самите да располагаат со сопствените средства. Сигурна сум дека тие ќе се согласат со тоа, сигурна сум дека ќе прифатат да ви наплаќаат за услугата која ќе ја извршите. Меѓутоа, не доаѓаа на состаноци со пратениците само претставници на здруженијата на пензинери, доаѓаат групи на обични пензинери кои го тврдеа истотокако раководството. Јас верувам дека и вие тоа го знаете.

И покрај моето инсистирање да додјат кај мене пензинери кои не се согласуваат со одземање, собирање и располагање со средствата за посмртнината, од страна на Здружението на пензинери, такви пензинери воопшто не се јавија, господин министер. Значи на сите пензинери им одговара овој начин. Значи пензинерите имаат погоелма доверба во раководствата на здруженијата на пензинери отколку во Министерството за труд исоцијална политика, во моментот.

На крајот би сакала да повторам за неправдата која со овој закон ја нанесувате кон индивидуалните земјоделци кои ги ставате во различен кош, во однос на останатите пензиски обврзниоци, бидејќи преку можноста Фондот да ги наплати непалтените придонеси преку тужба, вие ги доведувате, како што многу кажаа пред мене, и јас ќе повторам, во нерамноправна положба. До колку пензионер од работна

организација наполнил 64 години стаж и за 15 години плаќал придонесе, тој може да го оствари своето рпаво за пензиј апо навршувањето на годините на старост. Но, за индивидуалните земјоделци случајот нема да е таков, до колку тие во последните две години не ги плаќале придонесите за пензиско. Кај нив ќе се води судски спор па дури потоа ќе можат да го остварат правото за пензија. Мислам дека не е во ред. Мислам дека повторно врз најсиромашнта група граѓани во Република Македонија, тоа се земјоделците, вршите уште порестриктивна политика. Впрочем земјоделците беа и првите наудар со намалувањето на даноците, на кои им ветувавме дека ќе добијат поефтини репроматеријали, ќе добијат поефтино ѓубриво, поевтини земјоделски машини, што всушност сведоци сме, после година и два месеци од тоа ветување, ништо не се случи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за господинот министер, повелете.

**Љупче Мешков:** Навистина не мислев да се јавувам за работи кои по стопати се кажани, но кога некогаш навистина нешто што претходната Влада го правела, било погрешно и се препишува сега на мене како министер или на оваа Влада, морам да реагирам.

Прво, колешке зборувате за хартии од вредност, за продажба и т.н. , но веројатно не знаете, не ви кажале дека нај јаките акции беа продадени токму пред последните избори, од претходниот директор, од претходната Влада. Ако се почекаше барем дава месеци подоцна, а ако една милијарда се оствари од таа продажба, барем три милијарди ќе се добиеше, ако се почекаше малку. Но, добро, тоа било политика на таа Влада, таа семтала дека требало да се продадат и тоа е тоа.

Исто така пред избори беа склучени 600 договори за плаќање на рати, за веднаш после изборите да се раскинат 90% од овие договори, без да се чека, затоа што очигледно беше зошто тие договори за отплата на рати беа склучени. Значи некои работи треба да ги знаете и веројатно ако сте ги знаеле, не би дискутирале така како што дискутирате сега.

Во вашата дискусија се обидовте сите да ги ставите на ваша страна и монтерите во Електродистрибуција и земјоделците и пензинерите и студентите што немале топла вода. Цела држава сакате, со некои податоци кои во најмала рака не се такви како што вие сега ги кажувате.

Земјоделците се обврзници за плаќање придонес самите за себе. Значи не плаќа во нивно име друг, како што е кај работниците во фирмите. Тие сами за себе се обврзници.

Значи тоа што го правеше Фондот, после 15 години со исполнет услов, се бара да ги платат затоа што тие , знаете што прават, 15 години ќе навршат, потоа ја обавуваат дејноста а не плаќаат придонеси, читајки ја само староста. Тоа законот не го дозволува, почитувана колешке. Секој што работи мора да си ги плаќа придонесите. Никаде во законот не пишува, кога некој ќе си ги исполниусловите, повеќе не треба да плаќа придонеси. Најдете ми каде тоа го пишува во законот. Значи, не ги знаете работите докрај, а тука создавате забуни кај луѓето. Но, како и да е, бидјеки тие луѓе, пензинери, еве заради тоа што го исполнил условот, ние ќе ги бркаме со пресуди, да си го платат придонесот, а правото за пензија ќе го признаеме. Значи тоа е толкувањето и упатството од Министерството за труд, бидејки ги исполнуваат условите ќе сија добијат пензијата, така не постапуваше Фондот, а придонесите мора да си ги платат. Не може некој да врши дејност, а да не плаќа придонеси. Значи, тие сами за себе се обврзници и мора да го платат придонесот.

За Солидарниот фонд, без број состаноци се државни и со Сојузот, беше предмет на расправа на економско социјалниот совет каде беа поканети претставници на пензинерите. За жал, не се дојде до заедничко решение. Тоа е проблемот, а не е проблемот дека не се држале состаноци. Без број состаноци се одржани на оваа тема.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Немојте да се лутите министре. Вашата позиција ќе ви го изгласа законот. Ние мораме да кажеме кои се фактите, која е вистината, што се случува овде. Не можеме да скриеме ништо од тоа.

Јас не стасав да кажам и тоа што ме замолија пензинерите. Добро се сеќаваат, кога се градеше новата зграда на Фондот за ПИОМ лично бевте осомничени за злоупотреба на службеното овластување. Управниот одбор на Фондот имаше формирано и Комисија за испитување на наодите, но за епилогот јавноста беше ускратена од разврска, како било и што било. Сега и тоа ли е лага? Се сеќавате дека тоа е точно.

(Од место, без уклучен микрофон, реагира министерот Мешков)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине министер, ве молам.

Три минути реплика за госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине претседателе.

Навистина треба да се слушне вистината, како што рече почитуваната колешка.

Вистината е таа дека со денови се дискутира за да се спречи Владата да постигне успех односно пензинерите да го добијат она што треба да го добијат врз основа на овој закон.

Стравувањата кои госпоѓа Шекеринска ги изнесе овде, не се заради тоа што пензинерите немаат доверба во оваа Влада и во Фондот, туку стравувањата се во тоа што евентуално ќе ги

изгубат пензионерите како гласачи заради тоа што, почитувани колеги, пензинерите добро се сеќаваат на изјавата на претседателот на Републиката, тогашен премиер, Бранко Црвенковски кога рече двајца имаат карта за на брод да се качат, меѓутоа ако двајцата за исто место се качат, бродот ќе потоне, алудирајки на Република Македонија, ќе потоне ако се исплатат 8% на пензинерите, кои им следуваа. Меѓутоа тие 8% се исплатија, Македонија стана уште посилна, не потона, па според тоа и овој пат мислам дека сме сосема на прав пат.

Веќе дискутирав за тоа дека Фондот за испратнина во случај на смрт, е на доброволна основа.

Овие писма штони се читаа, прво не знаеме ни кој ги пишувал, ни како ги пишувал, ни со која намена, па според тоа ние овде не сме читалачка дружина, туку навистина сме собрани овде врз основа на аргументи да посочиме што е она што е добро во законот, а што не е.

Веќе на почетокот кажав, претскажав дека ќе се води ваква дискусија. Не се фалам, многу ми е жал што сум погодила дека навистина така и се одвива расправата. Овие колеги што се наредени понатаму за дискусија, токму во таа насока зборуваат.

Едно сакам да кажам а тоа е дека се констатира дека удбашките методи на СДСМ продолжуваат и понатаму заради тоа што се дрзнале да ме проверуваат дали примам пензија. Нека ви биде на чест. Знаете дека јас многу внимавам на примена на законите и она што го примам секогаш е врз основа на закон, а тој закон што дава право при вработување на пензинер да прима 1/3 од пензијата, ви го донесовте. Според тоа немојте да си ставате сами трн воногата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, јас ве молам во иднина да реагирате на ставање на такви квалификации да на одредена политичка партија, особено заради тоа што ние никогаш не сме се осудиле да даваме билокакви квалификации за партијата на која припаѓа претходниот говорник.

Ако колешката е засегната од фактот дека покрај тоа што прима плата, зема и дел од пензијата, тоа е нејзин проблем. Меѓутоа, тоа не е начин да се брани, туку напротив, ако инсистира на вистината, треба да стане и да каже дека тоа е така и дека во овој момент кога дискутираме за овој закон, во нејзиниот случај има конфликт на интереси и дека прво таа е заинтересирана за донесување на овој закон и затоа сака побрзо да се донесе и ние да не разговараме за решенијата кои одат на штета на граѓаните. Уште повеќе претседателе, најмалку има право за почитување на Уставот и на законите да зборува пратеник кој фалсификувал претседателски избори и на кој како претседател на Комисија, повеќе од половината закони му се срушени на Уставен суд. Тоа денес што го добивме е уште еден доказ дека колешката која претходно ни зборуваШе “принципиелно”, не постојат Устав и закони во Република Македонија, туку напротив само директивата која ќе и ја даде нејзината партија. Балгодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сепак држете се до некоја процедура.

Една минута конра реплика пратеник Верица Филиповска, повелете.

**Верица Филиповска:** Не знам дали почитуваната колешка која ми реплицираше, ги чита материјалит екои ги добиваме како пратеници во Собранието на Република Македонија.

Писмата од сите здруженија на пензинери во Република Македонија ги добивме како материјал доставен до сите пратеници во Собранието на Република Македонија, така што ние слободно можеме да ги прочитаме овде, бидјеки ни беа доставени заради информирање и точно сознание што се случува таму. До колку вие колешке Дулиќ не сте ги прочитале, јас не сум ви виновна.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господин Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Почитувана госпоѓо Филипова,немав намера да се јавам за реплика, бидејки пред неколку дена го кажав мојот став во врска со ова прашање. Меѓутоа вие на некој начин ме прозвавте преку претседателот на здружението на пензинерите во општина Берово, личност која добро ја познавам и ја почитувам и овде ништоне е спорно. Исто така ми е позната и неговата партиска припадност и не е чудно што тој се обраќа со еден ваков апел кон вас во Штип, а не доаѓа кај мене во Берово. Но, тоа е право на секого да се определува партиски како сака.

Мене во вашата дискусија ме иритира тоа што 80% од вашата дискусија беше посветена на тој Солидарен фонд за посмртни трошкови. На овој начин вие не му давате буквално значење на овој закон. Според мене важноста на овој закон е тоа што со овој закон се дозволува и се овозможува пораст на пензиите и тоа драстичен пораст, затоа што оваа група на граѓани во Република Македонија во последните три години драстично заостануваат во поглед на пензиите. Имено во последните три години растот на платите е за 18%, додека растот на пензиите е во просек за околу 5,2%. Од тие причини овој закон нуди да се зголемат пензиите, не само со онаа што беше застарена методологија, туку сега имаме една формула, една нова методологија која ќе доведе за уште некој процент да се зголемат прензиите.

Да повторам за овој солидарен фонд и да кажам дека никој не е против да се плаќаат придонеси за посмртнина, меѓутоа начиноткако тоа ќе се прави, според овој закон е тоа што тие посмртни трошоци ќе ги исплаќаат вработените

воподрачните единици за ПИОМ, за секоја општина. Значи се работи за исти средства кои пак ќе ги добијат пензинерите, меѓутоа начинот на кој тоа ќе се изведува е малку поразличен со овој закон. Буквално на некој начин се скратува можноста на некои поединци во општините, за кои се зборува, јас не сум сигурен, меѓутоа се зборува дека дел од тие огромни средства кои се собираат, сепак ги злоупотребуваат. Затоа предлагам повеќе да не зборуваме за овие познати работи, бидејки постојано се повторуваме, се јавуваат граѓани од сите наши општини дека се повторуваме, туку да дозволиме да се изгласаат овие закони и на тој начин пензинерите да добијат поголеми пензии.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Филипова вашата конра реплика.

**Верица Филипова:** Без малку сите пратеници од СДСМ повторуваат дека го подржуваме зголемувањето на пензиите, дека тој дел од законот гопдоржуваме и веднаш д апомине, ќе го изгласаме без дискусии овде. Меѓутоа, останатиот дел да оди во две фази, како што е нромално. За останатиот дле да оставиме македноската јавност, релевантните субјекти, вклучително Владата однсоно Министерството за труд исоцијална политика, да има време да се корегира во деловите кои сметаме дека воопшто не се добри.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Три минути реплика за госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарма претседателе,

Почитувана колешке, сум изненадена многу негативно од вашата дискусија, бидејки нависитна многу малку разбрав што сакате да кажете, бидјеки измешавте и јаре и паре, што велат во една поговорка. И јаре и паре не се меша.

Очигледно дека овој закон не ви одговара, бидјеки најголлемата целна група, пензинерите, ќе добијат покачување и други поволности и вие веќе ја губите и таа целна група што некогаш гласале за вас. Да не се лутите кога велиме дека навистина сте кочничари. Сами гледате дека е така, бидјеки неколку дена вие водите непродуктивни дискусии, поучени од вашата партија само да го кочите законот и пензинерите да не добијат подобри права. Ништо друго не ви е целта.

За разлика од вас јас добивам голем број на телефонски позиви, исто така и писма со кои пензинерите сакаат што побрзо да се донесе овој закон и да си ги добијат своите права што им припаѓаат. Значи се штокажувате е лага. Вие ги браните само неколку души од здруженијата кои сакаат цело време да манипулираат, 20-30 години стојат на челона тие здруженија и манипулираат со средствата што ги даваат пензионерите.

Она што сакаме ние да го направиме е да воспоставиме контролен систем во кој што точно се гледа каде ќе одат парите на пензионерите и како ќе се трошат. Да, солидарен фонд исклучиво. Вие добро знаете дека е тоа така.

Што се однесува до сталинистичките методи, многу е чудно, Сталин беше ваш. Тој бил левица, никогаш не бил десница. Дури па и сега го критикувате, срамота. Оставете на времето и сами ќе кажат пензионерите, дали некој од нив не сака покачување. Значи, контрадикторност во вашите дискусии. Навистина, не можам да сфатам дека на вистина и на крајот сакам да ви се заблагодарам за вашата дискусија, бидејќи исклучиво со такви како вас претставници од опозицијата ние не само еден мандат, туку и два и три мандата ќе стоиме на власт, бидејќи со вашата помош и вашите дискусии нашиот рејтинг ќе се качува, а вашиот ќе ви паѓа. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Верица Филипова, а потоа министерот се јави за збор.

**Верица Филипова:** Почитуваната колешка Анета од Битола, токму со ист вокабулар минатата година ми одговараше на моите дискусии поврзани со работењето во РЕК Битола, поврзани со тогашниот нивен директор Јани Радивчев. Очекував дека нејзината контра реплика, дека нејзината реплика на мојата дискусија ќе биде во одбрана на тогашните нејзини тези, визави денешната кривична пријава за тогашниот директор на РЕК Битола Јани Радивчев, кој таа сесрдно го бранеше. Меѓутоа, се изненадив дека на тој дел воопшто не се осврна, дали тоа го заборавила, дали од Министерство за внатрешни работи веб страницата ја демантира, па не сака да коментира, меѓутоа не е во ред и не е чесно спрема нашите гласачи така да се однесувате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господинот минситер се јави за збор, повелете.

**Љупче Мешков:** Само на кратко претседателе.

Значи сакав само да кажам неколку збора околу дискусите на пратениците, а посебно на последната дискутантка, која што практично постојано си поставува некои тези сама, ги измислува тезите и бројките и потоа сама си носи заклучоци, така како што нејзе и одговара. Таквата политика практично е политика и ја девалвира политиката и на себе и на својата пратеничка група, затоа што промовира политика која базира на лаги и инсинуации. Ја спомна зградата. Јас кога бев директор од зградата само дупката се ископа. Целата зграда на пет ката ја изградија тие, нивната власт и нивната влада. Значи, ако сака некого да праша за злоупотреби, треба да си ја праша сопствената влада и директорот на Фондот, ако ги има, јас не знам, не сум ни иследник. Зошто го тврдам ова. Пров, никогш не сум бил осомничен, ниту било кој нешто поднел против мене за таа зграда. Значи, опасно е и не е коректно да се поставуваат тези, кои што таа веројатно не ги знае. Некој и кажал,

некој изгледа ја излажал така да каже, меѓутоа, навистина е некоректно да се измислуваат одредени работи кои не држат вода, за што се разбира јас, ќе си водам своја постапка проти внејзините такви изјави. А колешката Славица која навистина ја почитувам и која реагира на читачко друштво, барем во вакви случаи треба да реагира на својата колешка кога зборува инсинуации и лаги, барем тука да реагира исто така, како што реагира на другата страна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Димеска Катерина има прво реплика на излагањето на госпоѓа Филипова, а потоа ќе прашам кои се репликите на господинот министер.

Почнуваме со господинот Кондарко, повелете госпоѓо Катерина.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Само една кратка реплика, почитуваната колешка спомна неколку дописи кои ги добивала на нејзина адреса. Меѓутоа, јас сакам да ја потсетам за 31 август 2007 година на натписот кој што излезе во вечер со наслов дека Сојузот на пензионерите добил конкуренција. И насловот на натписот е дека пензионерите присилно се зачленуваат во сојузот.

Не би сакала да го читам текстот на овој натпис, меѓутоа, сакам да потенцирам само една работа во која што сигурно ќе препознае некои работи, каде што се кажува дека новото здружение кое што се формира во целост ја поддржува владината одлука, солидарниот фонд вреден околу 7 милиони евра годишно да го менаџира Фондот за ПИОМ, наместо Сојузот на пензионери. Значи, со ова се побива тезата и нејзината дискусија во која што тврдеше дека сите пензионери мислат исто.

И на крајот, да кажам дека пензионерите кои што ќе се изјаснат за доделување на средства за солидарен фонд, тоа ќе го направат на доброволна база, врз база на претходно направена изјава. Значи, никој нема да ги присилува дали сакаат да одделуваат средства за солидарен фонд, или не сакаат. И заради тоа, ја замолувам почитуваната колешка и сите останати кои што во своите дискусии изнесуваат лаги и невистини, да зборуваат конкретно и да ја кажуваат вистината пред македонската јавност, заради тоа што, се што се кажува невистина е на штета на секој дискутант. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Филипова има контра реплика, повелете.

**Верица Филипова:** Јас повторно ќе повторам дека се повикувам на релевантни писма, со потписи, со печати, со штембили, добиени од 30-те здруженијата на пензионерите во Македонија, кои ги добивме сие пратеници, сите пратенички групи, сите 120 пратеници. И за разлика од вас, би сакала да ве запрашам, текстот кој вие го прочитавте, кој излезе на 31 август 2007 година во дневниот весник “Вечер”, знаеме “Вечер” чиј весник е и какви ставови протежира, кој е таму авторот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега реплика на излагањето на министерот има господин Борис Кондарко, повелете вашите три минути.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван господине министре вас навистина ве ценам како еден од поодговорните и посериозните министри во оваа неодговорна и несериозна влада на ВМРО ДПМНЕ, посебно кога се работи за решенијата во овој закон кои се однесуваат на штета на пензионерите.

Кога веќе реагирвате, се јавувам за реплика на вашиот говор со кој реагиравте на госпоѓата пратеник од СДСМ Верица Филипова. Ако бевте навистина непристрасен, условно кажано како министер во Владата на сите граѓани во Република Македонија, не само на гласачите на ВМРО ДПМНЕ, зошто тогаш не реагиравте на говорот, или на репликата на Анета Стефановска на пример, или на пратеничката Благородна Дулиќ. Анета Стефановска кажа дека пензионерите самите си ги злоупотребувале сопствените средства од членарината. Извинете, дали ВМРО ДПМНЕ мисли дека со овој закон ќе ги спаси пензионерите од самите себе. Јас не видов ниту уапсен пензионер за злоупотреби од ВМРО ДПМНЕ, можеби ќе почнете да ги апсете за пуста пропаганда и да ги ставите и пензионерите на спотови, ниту пак видов дека пензионерите побараа помош од вас, да ги спасувате вие нив. Не им треба помош, оставете ги самите да управуваат со нивните средства, со нивните пари, а со овој закон не пензионерите, вие вашата Влада, вашата партија ВМРО ДПМНЕ, вие ќе ги правите злоупотребите. И не знам кој после кого ќе апси, кого ќе гледаме на спотови.

Госпоѓата Дулиќ рече дека не читала туѓи писма, притоа мислејќи на дописите од пензионерите и нивите здруженија од цела Македонија, со кои вие како ВМРО ДПМНЕ кои гласаа за вас да ве доведат на власт и ги излажавте, не сте се сретнале. И кажа дека нејзината пратеничка група ВМРО ДПМНЕ не е читачка дружина. Знаете ли дека преку 200 илјади пензионери сега ве гледаат. И со кого вие манипулирате, кого вие правете недоветен во Република Македонија. Затоа ви се јавив за реплика. Треба да имате исти аршин и кон пратениците на ВМРО ДПМНЕ да ги слушате и нивните дискусии што говорат. Кога говори опозицијата, верувајте дека не сте само вие пред одредени да мислите добро за граѓаните на Република Македонија. Вие во моментот како Влада си мислите добро само за вашата Влада и вашата партија. Ги заборавивте сите оние кои ги манипуліравте. Тогаш ги лажевте со 8%, сега ги лажете со 10%. 10% наводно ќе им ветите, меѓутоа, цените 100% се покачија. Пензионерите не се недобитни да не ви

ја разберат лагата. Тоа е измамата на оваа Влада на ВМРО ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика?

Министерот за труд има контра реплика.

**Љупче Мешков:** Добро, еве ме праша господинот Кондарко за една работа. Јас ќе им одговорам сега вака: Јас почитувам секој став, било да е од ВМРО ДПМНЕ, било да е од СДС, од каде да е став, тоа е лична работа на секого и мора да се почитува, без оглед дали другата страна се согласува со тоа, или не се согласува. Меѓутоа, господине Кондарко, мора да правите разлика меѓу став и инсинуации и лаги. Тие се сосема две работи. Значи, ако колешката претходно кажеше некои работи што мене не ми се допаѓаат, јас ќе го почитувам тоа без оглед дали се во моја корист или не. Но, ако каже некои работи пред целата македонска јавност, кои како што вели она не држат вода, не топла вода туку вода не држат, значи, тогаш мора да се реагира, затоа што тоа не е така и мора да се прави разлика меѓу став и лага.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Госпоѓа Благородна Дулиќ побаравте процедурално, повелете ама држете се до процедурата.

**Благородна Дулиќ:** Во однос на начинот на кој ја водите седницата. Не еднаш се случило кога јас ќе дискутирам нешто и некој ќе се јави како одговор или контрареплика, да се каже не важи твојата дискусија, ти што направи со изборите при избор на Борис Трајковски. Тоа е шлагер на сезоната кај СДСМ. Притоа, никогаш не сте ги опомениле да кажете да престанат со тоа, затоа што, како што беше избран Борис Трајковски, на ист начин е избран Бранко Црвенковски, па никој тоа не го коментира и го признаваме за претседател на Република Македонија. И друго да ги потсетам дека изборниот процес на Борис Трајковски, заврши со тоа што господин Бучковски дојде и ги повлече сите приговори во однос на вториот круг на гласање.

Според тоа, нека погледнат како се одвиваше тој процес и јас им кажав дека сум спремна на тркалезна маса со нивните новинари од фабриката да седнеме и да видиме што се слу чуваше при изборот.

Меѓутоа, едно морам да им признаам: Погреби знаат да организираат на европски начин, дури и на светски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ве молам, да не развиваме сега полемика околу тие работи. Да дадеме збор на следниот говорник, да не се исцрпуваме во процедурални работи, затоа што ќе изгубиме многу време. Знам за што е, тоа е полемика една или друга. Ве молам, да не отвораме процедурална расправа на крај на седницата. Тоа е моја молба, повелете.

Вие имате право на процедурално, но јас госпоѓа Благородна ја предупредив да се држи до процедурата, држете се и вие ве молам, бидејќи не ни личи на крај на дискусија да има процедурална расправа. На почетокот на седница разбирам.

Повелете господине Спасовски, се надевам дека ќе се држите до процедурата.

**Олибер Спасовски:** Благодарам господине претседателе.

После оваа процедурална интервенција, навистина морам да ви кажам дека вие во моментот се државте до членот 56 од Деловникот на Собрание. И не знам како може да поставува деловничка интервенција еден претседател на Законодавно-правната комисија која што на водењето на комисиите покажа еклатантен начин како се руши Деловник и секого го прекинува, им забранува на пратениците да дискутираат итн. Од тој аспект во поддржувам. Не може таква особа овде да интервенира деловнички и да ви дава забелешки, а таа прва во Собранието промовира нешто што треба да го промовира. Впрочем, мене ми беше јасно што ќе се промовира уште кога влезе таа во Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека ескалираме во една насока која не е потребна. Што се однесува до однесувањето на госпоѓа Дулиќ на Комисијата, јас за тоа не знам и не е фер однесувње на комисија да се казнува на извесен начин. Тоа е една чарка нормална работа е во Парламентот. Сега предлагам да продолжиме со материјалната расправа која ја заслужуваат нашите пензионери. Тие се наши татковци или дедовци. Ве молам, да не ја валкаме убавата расправа со ваков инцидент.

Ве молам, бидејќи Сафет Незири колку што гледам не е тука, повелете господине Ќуркчиев имате збор.

**Никола Ќуркчиев:** Господин претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Со целиот ризик дека можеби многу работи ќе повторам, кои што беа кажани во денешнава наша дебата. Се надевам дека на крајот сите ќе се согласиме дека водиме заедничка расправа, овој закон да биде навистина подобар, од овој што го имаме во моментот и дека на крајот, сепак ќе успееме сите заеднички едногласно да го донесеме овој закон. За тоа не е потребно многу да се дискутира, за тоа треба или министерот да го прифати амандманот, или пак уште поедноставно, помеѓу нас да не водиме јалови дискусии кој е за Законот, кој е повеќе за пензионерите, или кој не е, едноставно кажано да се излезе од страна на Владата, или од страна на министерот и да каже дека од денес обврската околу солидарниот фонд на пензионерите, ќе биде обврска на Владата и сите да го изгласаме овој закон.

Меѓутоа, почитувани колеги, тргнувајќи од образложението дадено во Предлог законот,

намерата секако на предлагачот била преку измените и дополнувањата да се редефинира инвалидноста, односно ЕУ регулативата, да се унапреди и осовремени регулативата која се однесува на стажот на осигурување и да се регулира со посебна нова глава, посмртната помош на пензионерите.

Пред предложениот закон, сите видовме и дискутиравме дека стои знаменцето на Европската унија и согласно праксата воведена во Парламентот, таа е и повеќе дискутирана би рекол, сите закони, кои што се технички дизајнирани како предлози од страна на Владата, кои што доаѓаат во Парламентот, едноставно кажано би било сосема доволен повод, да не речам, можеби единствен аргумент за Законот час побрзо да биде донесен и за тоа можеби не се разбирливи реакциите на колегите пратеници кои што не сакаат да дискутираат за Законот, туку едноставно, имаат претпоставувам намера или задача да реплицираат.

Иако немав намера да земам збор по оваа точка, сепак се надевам дека сите ние, како што веќе реков, ќе се согласиме дека и дискусиите и репликите се во интерес на пензионерие и можеме навистина, да ја скратиме целокупната расправа, ако министерот каже дека се прифатени, велам забелешките токму во делот на тоа пензионерите и понатаму да управуваат со сопствениот солидарен фонд.

Сосема накратко, дозволете ми да го изразам моето несогласување со дел од предложените измени.

Јас сум убеден, до колку се усвои ваквиот закон, дека овој закон ќе остане запаметен како закон со кој што им се одзема правото на пензионерите да управуваат со сопствениот солидарен фонд.

За мене, како пратеник, воопштоне држи тезата дека во Законот се воведува една нова глава со која што се уредува оваа, би рекол, посмртна помош, заради усогласување на овој закон, не знам, со Законот за прекршоци. И тоа е единствено нешто што држи, не може да се забележи и никој, воопшто, до сега, во дискусиите не го спореше тоа.

Меѓутоа, сите добро знаеме дека, кога го разгледувавме овој закон, во нашите работни тела, во Собранието, дека тоа беше уште, ми се чини на крајот од август, наиде на жестоки реакции. Она што тогаш успеавме или не успеавме да се договориме, на што најмногу се реагираше, а никој ми се чини не го спомна или јас не го слушнав денеска е дека беше пропишано во овој закон работните места, каде што стажот на осигурување, што се смета за зголемено траење или, народно познат како бенифициран стаж, до сега, Управниот одбор на Фондот за ПИОМ го носеше правилникот. Сега, во духот на многу нешта, оваа работа се дава како дискреционо право на министерот. Отсега тој ќе го пропишува тој правилник.

Мислам дека Владата на Република Македонија, изразувајќи недвосмислени претензии со овие измени и дополнувања особено да го стави под своја капа, односно пеку Фондот за ПИОМ, солидарниот фонд на пензионерите, врши класичен упад во остварување, на можеби, едно од многу важните, основни, би рекол елементарни права на пензионерите.

За мене, апсолутно дискутабилен и неисправен, на крајот на краиштата, навистина е тешко да излеземе, ние пратениците, во нашите средини, да им објасниме на пензионерите дека Фондот за ПИОМ ќе биде подобар домаќин од самите нив. Дека, почитуван министер, јас нема да го читам писмото од пензионерите од Гевгелија, нема да зборувам за тоа како еден пензионер од Богданци или Дојран или тн. ќе го остварува совето право многу подобро во општината која нема, е соседна до неговата, бидејќи ниту во Богданци, ниту во Дојран нема подрачна единица на ПИОМ и тој, нормално, ќе треба да отиде или некој од неговото семејство во Гевгелија, во Фондот за ПИОМ, па таму ќе му речат дека му недостасува некој документ па ќе го враќаат еднаш, два пати, три пати, пет пати можеби, да носи документи, дека тоа навистина е многу подобро отколку сега, кога ќе отиде во своето матично здружение и таа работа ќе ја заврши онака брзо и достоинствено, како што треба. Значи, да не должам многу тешко дека, како и да зборуваме ќе убедиме некој пензионер дека ова што се нуди во законот е добро за нив. Заради тоа што при постоење на регулатива која ги регулира односите во сферата во која што припаѓаат сите здруженија на пензионерите во Република Македонија, при постоење на регулатива за санкционирање на евентуални незаконитости во делот на овие здруженија на граѓаните каде што припаѓаат и пензионерите, Владата навистина пројавува една нескромна амбиција да управува со овој фонд чиј што предзнак е хуманитарен, е хуманост, е солидарност. Јас мислам дека тоа воопшто не е во ред, а тоа верувам, убеден сум дека го мислат и сите пензионери во Република Македонија. Не би ни сакал да претпоставувам, ниту да алудирам, меѓутоа да се посегне по Фондот во кој што месечно се прибираат околу 600 илјади евра, сума на средства која што е со строго наменска цел, мора да има некоја смисла, мора да има некоја цел. Јас не можам да ја видам. Зошто некој не излезе и не каже која е целта на таквата работа. Се средивме во оваа држава, па сега ни остана само уште хуманитарната и солидарната помош на пензионерите наменети за посмртна помош на семејството на корисникот на пензија. Оваа цел која не може да ја покрие ни формулацијата за редефинирање, или пак унапредување на нашето законодавство со европското, здружението на пензионерите се обидува со свои дописи до сите пратеници да укажат дека не се согласуваат со начинот и решенијата дадени во законот. Мислам дека е многуподобро да се промени таа одредба, да се прифатат амандманите, ако се од опозицијата и дека на тој начин ќе можеме сите ние логично и

нормално да гласаме за овој закон заради тоа што на ваков начин само ќе водиме дебата околу тоа кој повеќе, а кој помалку ги укинува едно од суштинските права на пензионерите. Мора да признаеме дека укинувањето на права не е во духот на демократијата, не е во духот на европските вредности. Едноставно не е во пракса на ниедна развиена држава.

Од тие причини апсолутно сум против одземањето на таканаречениот солидарен фонд под условно речено надлежноста на пензионерите и неговото ставање под капа на Владата. На крајот на краиштата, ако Владата нема доверба во пензионерите, нема доверба во здружението на пензионерите, со кое право пак бара законски пензиониерите да имаат доверба во добрите намери на предлагачот. Мислам дека е најдобро да се откажеме од оваа намера, да го промениме тој дел од законот и сите заеднички да кажеме дека е многу потребно, да не речам неопходно покачување на пензиите на пензионерите во Република Македонија. Сите сме свесни за таа работа, дека пензионерите заслужуваат, или неопходно им е потребно повисоки пензии како би можеле да го следат трендот на скојдневното, би рекол покачување на цените на животните артикли и тоа основните без разлика дали, не знам процентот на поскапувањето на ценовните порасти ќе биде соодветен со најавите на покачувањата на пензиите. Меѓутоа, декларативните 20, или пак практичните 4% сосема се едно ќе бидат вистински само ако вистински се реализираат. Вака само ќе дебатираме и тие покачувања ќе бидат рамни на нула. Од таа работа мислам дека ниту позицијата, ниту опозицијата, ниту пак Владата, ниту Министерството може да извлече корист во една ваква ситуација. И затоа уште еднаш почитуван министер апелирам до вас да ги прифатите овие забелешки доколку се разбира имате сила, имате право, имате можност во овој момент да го направите тоа и да ја скратиме оваа денешна дебата и на крај едногласно да го донесеме овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе, јас се сложувам во два сегмента од дискусијата на господинот дискутант пред мене. Ќе напомнам само дека сите едногласно треба да го донесеме овој закон за пензионерите. Но исто така се сложувам дека во ова Собрание веќе неколку дена се водат јалови дискусии, но јалови дискусии господине од страната на СДСМ. Сепак, сте вешти во она што е извртувањето на тезата. Јас ќе напомнам дека одземањето на правото со управувањето на солидарниот фонд оваа Влада не го прави, туку прави само со оној дел кој што е за посмртните трошоци во кои што сведоци сме дека самите пензионери имаат потпишано дека даваат од своите примања дел за солидарниот фонд кој што изнесува 140 денари од кои што 120 денари одат за посмртните трошоци и 20 денари за членарина. Со овој солидарен фонд целосно нема да управува државата, значи ќе управува само со она што се нарекува делот околу посмртните трошоци. Додека со она што е солидарен фонд, од членарината ќе биде искористена онака како што пензионерите најдобро сакаат да ги искористат овие средства.

Јас би поставил едно прашање и би рекол, дали ние сите можеме да знаеме, или дали барем пензионерите сите можат да знаат каде се наоѓа точно да речеме седиштето од онаму од каде што и тие ја добиваат својата пензија. Затоа што знаеме дека имаме рурални краишта, ние знаеме дека тие краишта многу малку се запознати со седиштата во самиот град. На пример трудовите инвалиди, дали јас доаѓам од Охрид, дали сите трудови инвалиди знаат каде се наоѓа точно седиштето на пензионерите за трудови инвалиди. Ќе кажам, не. Дали знаат за трудовите инвалиди? Не. Зошто го спомнувам ова. Сите кога ќе ги прашате дали знаат каде е Фондот за пензиско, сите тие го знаат ова. Фондот за пензиско работи осум часа работно време. Во осум часа работно време сите оние кои што имаат семејства, значи кои што ќе имаат потреба од подигнувањето на посмртните трошоци ќе можат да се обратат во Фондот и да му бидат исплатени веднаш парите исто како и до сега што се исплаќаа од страна на пензионерите. Со тоа што ќе кажа дека работното време кај пензионерите беше скратено, затоа што работното време беше два, три, не кои и четири часа, но осум часа работно време никој не воспоставува. Никој не ги окривува, никој не вика дека се манипулирало со парите од пензионерите. Но, ова е начин каде што ќе им овозможиме на сите пензионери да можат да го знаат точно времето и часот од колку до колку ќе можат да ги подигнат своите средства. А со другиот дел, повторно ќе речам од оној што е солидарниот фонд од 20 денари за членарината самите пензионери ќе одлучат како и на кој начин ќе ги трошат овие средства.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Ѓуркчиев.

**Никола Ѓуркчиев:** Благодарам. Почитуван колега Грозданов, не за три минути реплика, туку ниту за 30 минути не ќе можевте, не мене, ниту некој друг колега во овој Парламент, ниту еден пензионер ако ја следи оваа наша расправа да убедите, освен ако излезете на оваа говорница и кажете дека: јас како пратеник во овој републички дом, во овој Парламент поднесов амандман и кажав во истиот дека со овој амандман Владата на Република Македонија ќе издвојува седум милиони евра годишно кои што ќе бидат како посмртна помош на пензионерите во Република Македонија. Само така ќе ви веруваат. Поинаку никако. Џабе разговараме и џабе се расправаме. Им земаме на пензионерите, не им даваме на пензионерите.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе. Јас ќе се воздржам од социјална демагогија. Ќе се

обидам да дефинирам неколку работи од она што беше кажано од страна на почитуваниот колега Ќуркчиев. Значи законот има практично три дела. Првиот дел е делот кој што се однесува на инвалидноста каде што гледам дека немаме спротивставувања заради тоа што е усогласување со европското законодавство. Вториот дел е покачувањето на пензиите каде што се надевам дека немаме разногласие, иако гледам доза на политичка љубомора зошто СДСМ не го направила тоа, туку го прави оваа Влада, па малку да се анулира впечатокот и тн. И споредувате инфлации и тн. Инфлација во Република Македонија од 2%, 3% има 15 години. Покачување има 15 години, меѓутоа пензиите се покачуваат единствено кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт, за што не можете да дадете никаков поинаков одговор. И третата работа е солидарниот фонд каде што имаме најголеми несогласувања. Јас би ви прочитал два става од членот 20 од Уставот на Република Македонија. Првиот став вели: на граѓаните им се гарантира слободата на здружувања заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверување.

Вториот став од членот 20 од Уставот на Република Македонија вели: граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Господине Ќуркчиев еден пензионер во Република Македонија, не 100, не 1000, не 10 илјади, еден пензионер во Република Македонија ако не сака да биде член на здружение на пензионери кое што по системот на Уставот мора плурално да функциноира, ќе нема можност да го остварува правото на оваа посмртна помош. Значи, вашиот концепт има конфликт со плуралнито систем на поставеност на државата. Здружение на граѓани не може да држи монопол. Јас го почитувам сето тоа и се надевам дека позитивно работеле тие раководства по пет, по 10 луѓе. Меѓутоа, ние мораме да овозможиме во еден град ако има потреба и 10 здруженија на граѓани да се формираат. На овој систем вашиот концепт кој што го зборувате, ние треба да делегираме одредена надлежност од државата само на едно здружение на граѓани и го правиме монопол. Значи, вашиот концепт има судир со уставниот принцип на плурализам во Република Македонија. Ќе повторам, ако само еден пензионер во Република Македонија не сака да членува во здружение на граѓани, односно здружение на пензионери, не ќе може да го оствари тоа. Со вакввиот концепт на Министерството за труд и социјална политика ќе може секој пензионер во Република Македонија да го остварува тоа право на посмртна парична помош, односно неговата фамилија.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам. Се разбира дека воопшто не знам што сакаше колегата да каже. Меѓутоа, ако зборува за доза на љубомора, таа треба да ја зачува пред се за себе и би било многу подобро. Ако зборуваме искрено, ако зборуваме пред се како граѓани на Република Македонија, ако ги заборавиме нашите политички партии, дури и нашите определби, ќе се сложиме дека голем е бројот на пензионерите во Република Македонија кои што имаат пензии по пет илјади, по шест илјади денари. И дека тие доброволно секој месец издвојуваат по 140 денари за оваа солидарна акција би рекол во рамките на нивните здруженија. И сега ние носиме европски закон со кој што велиме: не, ние ќе ви ги чуваме парите, ние ќе ви кажеме како се работи со нив и ќе ви биде многу подобро, отколку вие.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги, во едно можам да се сложам со колегата Ќуркчиев дека оваа јалова дебата треба најитно да ја прекинеме и ќе ви кажам од кои причини. Прво, затоа Што сметам дека е многу дегутантно што успеавме во овие два, два ипол дена дебата максимално да исполитизираме една тема која што е многу интимна и многу чувствителна, а тоа е посмртната помош и дадовме максимално политички предзнак и сметам дека им се качивме на глава на сите пенционери што не гледаат. На страна што овие некоклку дена дебата ги вознемиривме пензионерите, манипулирајќи со тоа што е одредница, или претпоставка на законодавецот. Носејќи го законот за волонтерство пред извесно време некаде прочитав дека луѓето од третата животна доба се најактивни волонтери скоро секаде во западната цивилизација, посебно во Европската унија. Ние имаме сосема друга концепција. 48-те здруженија на пензионери во Република Македонија сите имаат претседател, потпретседател, секретар, благајник, книговодител, возач, чистач. И за чудо на вистината сите до еден не се доброволно вклучени во тие функции. Читам заради тоа што имаме еден куп материјали кои што ни ги праќаат здруженијата на пензионери, надомест за функционери во здруженијата на пензионерите која што воопшто не е занемарлива сума. Каде е волонтерството? Пензионерите кои што нам ни пушуваат толку обрнуваат внимание на оваа огромна армија за која што овие денови опозицијата е силно загрижна, за ставките со кои што максимално домаќински, или недомаќински работат.

За волја на вистината се потрудив од одделенијата на ПИОМ да дознам податоци дека посмртната помош дури и во соседни општини, скоро стопански подеднакво развиени е сосема различна. И стапката на морталитет во многу општини е многу различна. Валандово, на пример за посмртна помош, луѓето примаат 24.500, во Велес 28.000, во Гевгелија 30.000, во Берово 25.000, во Кавадарци инвалидите 22.000, за

посмртна помош 30.000 денари. Дури правењето разлика во овој чин сметам дека е несоодветно.

Сервисирањето на овие обврски, што предвидува законодавецот да оди преку подрачните одделенија на ПИОМ, ќе биде многу практично. Пред некој ден колегите спомнаа дека тешко ќе биде на некој пензионер од Николиќ Дојранско од Богданци да ги реализира овие свои потреби во подрачното одделение на ПИОМ, па со последната пензија, со пријавата за последната пензија и примањето на посмртната помош е еден единствен чин и ќе се одвива во исто одделение, а тоа се подрачните одделенија на ПИОМ кои што тоа го работат, претпоставувам многу постручно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Ѓуркчиев.

**Никола Ѓуркчиев:** Навистина е многу лесно од пратеничките клупи ние да зборуваме за пензионерите во Николиќ, во Богданци, Стојаково, Дојран и во Петрово. Меѓутоа е тешко да си пензионер во тие населени места особено ако пензијата ти се зголеми за 220 денари, а патувањето до општинскиот центар во Гевгелија во Фондот за ПИОМ, чини автобускиот превоз повеќе од 300 денари. Апсолутно колега Шутаров не зборуваме за организациона поставеност на пензионерските здруженија. Дајте да зборуваме и за тоа, како да ги подобриме, како тие да функционираат подобро. На крајот на краиштата, тоа е работа на Министерството, тоа е работа на министерот, меѓутоа, искрени да бидеме, на овој начин не им ја олеснуваме работата на пензионерите, туку им ја отежнуваме, не им даваме туку им земаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи господин Владо Бучковски не е тука, збор има господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин претседател, почитуван господин минстер, почитувани колеги пратеници,

Иако овие два дена во многу работи сите дискутанти се повторувавме, меѓутоа, имаме и должност и обврска спрема нашите гласачи, спрема луѓето кои што не избрале од градовите од кои што доаѓаме, и од регионите, да кажеме неколку зборови за нивните ставови околу измените и дополнувањата на Законот за пензиско осигугурување.

Почитувани колеги, иако немав намера да дискутирам по овој закон, изминативе неколку дена, поточно изминатиот викенд имав средба со 50-ина пензионери од градот Кочани. Ме замолија во нивно име да го искажам ставот кој што беше пренесен од Здружението на пензионери од Кочани, а воедно тука се и 30-те дописи од здруженијата на пензионери од Република Македонија, не само од Кочани, туку од Виница, Берово, Делчево, Ново Село, Струмица, Гостивар и од сите градови каде што има здруженија на пензионери. Во сите тие нивни дописи, кои се добиени во Собранието на 27.08.2007 година, со единствена цел е да има промени во членовите, да си останат членовите 130-а, 130-б, 130-в и 130-г. Зошто е тоа така? Ако можеби во Скопје не е така, меѓутоа, во помалите места овие средства од кои семејствата на починатите пензионери ги добиваат средствата на многу едноставен начин, овие здруженија треба да располагаат со тие средства и зошто да им се ускрати правото на некои да располагаат со тие средства, кога тие средства се нивни, односно со Спогодбата која што ја потпишале здруженијата на пензионери со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, тие средства траба да останат на располагање и да им се доделат на располагање на здруженијата на пензионерите. Меѓутоа, која е причината овие средства да останат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на посебна сметка, на посебна трезорска сметка, можете самите да заклучите. Тоа е затоа што месечно овие средства кои ги издвојуваат пензионерите од нивните пензии се околу 600 илјади евра.

Слушнавме овие неколку денови и дека СДСМ е против зголемувањето на пензиите. Не. Ние не се противиме на зголемувањето на пензиите на пензионерите, меѓутоа, имаме и забелешки околу методологијата на пресметување на зголемувањето на пензии. Ако се вратиме само и да направиме една паралела меѓу новиот начин, новата методологија на пресметување на пензиите, од кои 50% ќе се зголемува по основ на зголемувањето на платите, а 50% ќе се зголемува по основ на зголемените трошоци во Република Македонија, сето тоа кога ќе се пресмета и ако направиме една паралела меѓу 80% од зголемувањето на пензиите во однос на животните трошоци и 20% во однос на платите, тогаш ќе имаме една драстична разлика помеѓу овие две методологии на пресметување на пензии.

Почитувани колеги, како илустрација зголемување на платите во Република Македонија добија 120 илјади вработени во јавната администрација. Некаде бројката на вработени во Република Македонија изнесува околу 470 илјади вработени. Ако го ставиме процентот на зголемување на јавната администрација и го споредиме со бројот на вработени, тогаш во Република Македонија зголемувањето на платите е околу 5%. 50% од 5% е 2,5%, значи пензионерите ќе добијат по основ на зголемување на платите само 2,5%. Изразено во бројки, зголемувањето ќе биде на просечен личен доход од 10 илјади денари, некаде околу 250 денари по пензионер.

(Гласен коментар на министерот)

Можете почитуван министер да искоментирате, меѓутоа, реалниот раст на пензии за една година и со 1,5% зголемување по основ на животниот стандард, месечното зголемување односно зголемувањето на пензиите во првата година ќе биде 4%. Да не се залажуваме и да не ги залажуваме луѓето дека ќе добијат пензии повисоки од 10% или 20% за три години. Кажете

ја реалната слика. Реалната слика е таа, 4% на годишно ниво. Ако ги споредиме зголемувањата и бенефитите кои ги има околу нивното функционирање на здруженијата на пензионери, мислам дека една работа која што самите пензионери ја вршат на еден пристоен и достоинствен начин, здруженија кои функционираат и се едно собиралиште на пензионерите од еден град сакаме да го уништиме. Нивното опстојување е многу битно и за пензионерите и за општините, бидејќи од пензионерите потекнуваат многу иницијативи кои ги прифаќаат единиците на локалната самоуправа.

Не е вистина дека во здруженијата на пензионери во општините имало криминал. Ако има криминал, можете да извршите контрола на работењето на здруженијата, нормално каде што има криминал луѓето кои што ги водат здруженијата нека одговараат. Меѓутоа, една паушална изјава од пратеници кои имаат кажано дека се злоупотребувале средствата и тоа да биде причина и еден од главните аргументи здруженијата на пензионерите да не ги добиваат овие средства, сметам дека не е во ред и не треба да ги дискредитираме тие луѓе.

Затоа, почитуван господин минстер, во името на овие здруженија, а дописите ги имаме добиено сите пратеници по пошта, апелирам амандманите кои се поднесени од страна на опозицијата да ги прифатите, а со тоа нема да направите никаква услуга ниту на опозицијата, ниту на позицијата, ќе направите услуга на пензионерите на Република Македонија и на нивните семејства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

По кој знае кој пат мора да се објаснуваме дека има работи кои или добро не ги сфаќате господине Серафимов или не сакате да ги сфатите.

Во вашата дискусија искажавте деке не се согласувате со она што го предлага овој закон, дека треба да има нова методологија за пресметка на пензиите. Овој закон е токму во таа насока. Искуството покажа во изминативе три години, имавме една таква методологија што не е адекватна и што не е во интерес на пензионерите. Имено, до сега важеше дека таа се подготвуваше 20% врз основа на просекот на платите и половина од 80% од порастот на животните трошоци. Според оваа методологија до сега во изминативе три години, а ние тие податоци ги имаме, од институциите кои тогаш беа управувани од вашата партија, и што не е спорно, тоа се официјални податоци на Република Македонија од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, според тие податоци пред три години просекот на пензиите во однос на платата бил 59%. Значи, од просечната плата 59% отпаѓа на пензиите. Сега после три години 55% од платата опаѓа на пензиите. Значи, тука имаме губење за овие три години околу 4%, доцнење, загуба на пензиите во однос на платите. Од тие причини, поради тие согледувања, во Министерството за труд и социјална политика се излезе и се бара ново решение кое сега се предвидува, да се пресметува врз основа на нова методологија, 50% од просекот на платите и 50% од порастот на животните трошоци да бидат како нова формула за пресметнување на пензиите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контрареплика има господинот Влатко Серафимов.

Повелете една минута.

**Влатко Серафимов:** Почитуван колега Пачемски, веројатно лошо сте ме разбрале.

Најнапред, јас не ја оспорувам оваа методологија која што ја нуди Владата. Во мојата дискусија кажав, методологијата која што беше во сила и е во сила, 80% да се зголемуваат пензиите по основ на порастот на животните трошоци, а 20% во однос на платите, е подобро за пензионерите во однос на тоа што животните трошоци во последните шест месеци се зголемени над 40% и со тоа пензиите ќе бидат поголеми, а вака се создава можност на пензионерите и на Владата, како што кажав во мојата дискусија, од само 5% по основ на зголемување на платите, бидејќи во Република Македонија имаме зголемување на платата само на 120 илјади вработени во јавната администрација. Каде се другите 350 илјади вработени.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи госпоѓа Роза Топузова Каревска не е тука, сега на ред за збор е господин Никола Рилковски.

Дали ќе ги користите овие пет минути, или ќе почнете утре? (Утре).

Во тој случај, дозволете да ја завршиме денешната седница, да прекинеме со работа.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот. Ќе бидете известени уште еднаш за агендата на утрешната седница.

(Седницата прекина во 17,56 часот)